# ХРИСТИЈАНСКО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА

октомври, ноември, декември 2020

**ХРИСТИЈАНСКО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**
Автор: *Група автори*
Број 4/2020

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Воспитанието и образованието во Едемската градина.......... 7

2. Семејството ........................................................................ 14

3. Законот како учител ......................................................... 21

4. Господовите очи – библискиот поглед на свет..................... 28

5. Исус како врховен Учител.................................................... 35

6. Уште некои поуки од врховниот Учител ............................. 42

7. Богослужението во рамките на образованието .................. 49

8. Образованието и спасението ............................................... 56

9. Црквата и образованието .................................................... 63

10. Образованието во областа на уметноста и науката............. 70

11. Христијанинот и работата .................................................... 77

12. Саботата – доживување на Божјиот карактер и
живеење во согласност со него............................................. 84

13. Небото, образованието и учењето во вечноста.................... 91

**Додаток**

Утрински стихови - октомври ..................................................... 98

Утрински стихови - ноември ........................................................ 99

Утрински стихови - декември...................................................... 100

Секојдневно читање на Библијата............................................... 102

Текстови за вечерно Богослужение.............................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија.................... 104-106



# ВОВЕД

„Стравот од Господа е почеток на мудроста и познавањето на Светиот е разум“ (Мудри изреки 9,10).

Размислете за наведениот стих. Тој опфаќа два блиско поврзани поими – „страв“, како страхопочит, восхитување на Божјата слава и сила, и „знаење“, како спознавање на вистината за Божјиот карактер. Според тоа, мудроста, знаењето и разбирањето имаат свој корен во самиот Бог.

Тоа навистина има смисла. Конечно, Бог е извор на целокупното постоење, Оној што сам создал сè и одржува сè што постои (Јован 1,1-3; Колошаните 1,16.17). За што и да учиме, што и да знаеме за кварковите, гасениците, суперновите, ангелите, демоните, „началствата и властите небесни“ (Ефешаните 3,10) и за што било друго – сето тоа постои само благодарение на Бога. Оттука, секое вистинско знаење, мудрост и разбирање имаат свој краен извор во Господа.

Светото писмо е јасно: „Бог е љубов“ (1. Јованово 4,8), а следниот цитат на Елена Вајт тоа подетално го објаснува: „Љубовта, темелот на создавањето и откупувањето, е темел и на правилното воспитување. Тоа јасно се открива во законот што Бог го дал како водич низ животот. Првата голема заповед гласи: ’Љуби го Господа, својот Бог со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сета своја сила и со сиот свој ум’ (Лука 10,27). Да го сакаме Него, Бескрајниот и Сезнајниот, со сета своја сила, со сиот свој ум и со сето свое срце, значи да достигнеме највисок развој на секоја способност. Тоа значи дека Божјиот лик треба да биде обновен во целото битие – во телото, во умот, како и во душата“ (*Воспитување,* стр. 16 ориг.).

Бидејќи Господ е извор на сето вистинско знаење и секое вистинско образование, севкупното христијанско образование и воспитание би требало да го упатува нашиот ум кон Него и на тоа што Тој самиот го открил за себе. Преку природата, преку пишаната Реч, преку Христовото откровение во таа пишана Реч, дадено ни е сè што е потребно за да дојдеме во спасоносен однос со нашиот Господ и навистина да Го засакаме со сето свое срце и со сета душа. Дури и природата, иако нарушена по стотици години грев, кога се проучува од перспективата што нам ни е дадена во Светото писмо, сè уште зборува, и тоа моќно, за добрината и карактерот на нашиот Бог. Но само пишаната Реч, Светото писмо претставува совршено мерило на вистината, најголемо откровение што го имаме за тоа кој е Бог, што направил Тој и што прави за човештвото. Затоа Светото писмо и неговата порака за создавањето и за спасението мора да бидат срцевина на севкупното христијанско воспитување и образование.

Апостол Јован тврдел дека Исус Христос е „Вистинската Светлина, која го осветлува секој човек, што доаѓаше во светот“ (Јован 1,9). Со

*Преку природата, преку пишаната Реч, преку Христовото откровение во таа пишана Реч, дадено ни е сѐ што е потребно за да дојдеме во спасоносен однос со нашиот Господ и навистина да Го засакаме со сето свое срце и со сета душа.*

други зборови, токму како што преку Исуса секое човечко суштество има живот, така – преку Исуса, секое човечко суштество прима некои зраци на божествената светлина и извесно разбирање за трансценденталната вистина и добрина.

Меѓутоа, сите ние се наоѓаме среде борба, среде големата борба, во која непријателот на душите внимателно работи за да нѐ спречи да го примиме тоа знаење. Според тоа, што и да опфаќаат христијанското воспитание и образование, очигледно мора да настојуваат на проучувачите да им помогнат подобро да ја разберат светлината што Бог ни ја испраќа од небото.

Во спротивно – што? Како што вели Исус: „Зашто, што му користи на човекот, ако го добие целиот свет, а на својата душа и напакости?“ (Марко 8,36). Што ни вреди високото образование во науката, книжевноста, економијата или инженерството, ако на крајот се соочиме со втората смрт во огненото езеро? Одговорот е очигледен, зар не?

Тоа е причината што за ова тримесечје ја избравме токму оваа тема. Што значи да се има „христијанско воспитание и образование“, и како можеме како црква, на овој или на оној начин, да го пронајдеме патот за да можат тоа да го стекнат сите наши верници?

*Оваа поука ја напишаа деканите на различни адвентистички колеџи и универзитети во Северна Америка.*

**Поука 1**
**Од 26 септември до 2 октомври 2020**

# ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ЕДЕМСКАТА ГРАДИНА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 2,7-23; 1. Мојсеева 3,1-6; 2. Петрово 1,3-11; 2. Петрово 2,1-17; Евреите 13,7.17.24.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ете, Бог е возвишен во Својата сила! Зар има учители како Него?“ (За Јов 36,22)**

На повеќето проучувачи на Библијата позната им е сторијата од првите три глави на 1. Мојсеева, како и галеријата од ликови коишто се појавуваат тука: Бог, Адам, Ева, ангелите и змијата. Сцената тука е поставена во преубавата рајска градина наречена „Едем“. Заплетот како да следи логична низа од настани. Бог создава. Бог ги поучува Адам и Ева. Адам и Ева грешат. Адам и Ева се прогонети од Едем. Меѓутоа, внимателното разгледување на првите неколку глави од 1. Мојсеева, посебно низ призмата на воспитанието и образованието, ни дава нови согледувања во оваа приказна, за нејзините протагонисти и нивното опкружување.

„Системот на воспитување воспоставен во почетокот на светот бил одреден да им служи како пример на луѓето во сите идни времиња. За да се прикажат принципите на тој систем во Едем, домот на нашите прародители, била основана школа која требало да служи како пример. Едемската градина била училницата, природата учебникот, самиот Создател бил Учителот, а родителите на човечкиот род биле учениците“ (*Воспитување,* стр. 16 оригинал).

Господ бил основач и управник на првата школа, а и учител во неа. Но, како што знаеме, Адам и Ева на крајот избрале друг учител и научиле погрешни лекции. Што се случило и зошто, и што можеме да научиме врз основа на тој ран извештај за воспитанието и образованието, што би можело да биде од полза и денес?

# БОГ: КУС ПОГЛЕД НА СОЗДАВАЊЕТО

Иако ние главно не ја доживуваме градината како училница, тоа споредување навистина има смисла, особено кога станува збор за Едемската градина, полна со недопреното богатство на Божјото создавање. Тешко е да се замисли, од наша денешна перспектива, колку работи можеле да научат во „таа училница“ тие совршени суштества.

**Прочитајте го текстот во 1. Мојсеева 2,7-23. Што забележувате кога станува збор за целта со која Бог го создал, сместил и му дал задолженија на Адам?**

---

---

Бог ги создал мажот и жената според својот лик, им дал дом и осмислена работа. Кога ќе ја земеме предвид динамиката учител – ученик, овој однос е идеален. Бог ги познавал способностите на Адам бидејќи самиот Тој го создал. Можел да го поучува Адама, знаејќи дека Адам е во состојба да го оствари својот полн потенцијал.

Бог на човекот му дал одговорност, но исто така сакал човекот да биде и среќен. А можеби дел од она што го правело среќен, било токму тоа што добил одговорности. Всушност, кој не наоѓа задоволство – па дури и среќа, во тоа да добие одредени должности и верно да ги извршува? Бог го познавал Адамовото срце и знаел што му треба нему за да напредува, па му дал задача да работи во градината и да ја одржува. „Господ, Бог, го зеде човекот и го постави во Едемската Градина, за да ја обработува и да ја чува“ (1. Мојсеева 2,15). Бидејќи знаеме само за свет проникнат со грев и смрт, нам ни е тешко да замислиме што сè опфаќала таа работа и кои поуки Адам несомнено ги стекнал додека ја обработувал и одржувал градината во којашто живел.

Во текстот 1. Мојсеева 2,19-23, гледаме како Бог ги создава животните за да му прават друштво на Адама, а најпосле и Ева како жена на Адам. Бог знаел дека на Адама му е потребно друштво и помош на некој кој е рамен на него, и затоа ја создал жената.

Исто така, Бог знаел дека на човекот му е потребно да остане во близок меѓусебен однос со Него, и затоа создал едно посебно место внатре во градината во Едем. Сето тоа ја докажува Божјата цел на создавањето и Неговата љубов кон човештвото. И повторно, со оглед на големата оддалеченост меѓу нас и Едем, тешко е да се замисли како сето тоа изгледало – но забавно е да се обидеме тоа да го замислиме, зар не?

**Иако сме многу оддалечени од Едем, сè уште можеме да извлекуваме поуки од природата. Кои се тие поуки и каква полза имаме од нив кога ги толкуваме низ призмата на Светото писмо?**

# УПАД

Голема радост за многу учители претставува уредувањето на нивните училници: закачување огласни табли, организирање набавки на средства и уредување на просторијата на најпосакуваниот начин. Кога го гледаме Божјиот концепт за училница, каква што била Едемската градина, гледаме колкаво внимание вложил Тој за да им обезбеди на Адам и Ава соодветни услови за учење. Сакал да бидат опкружени со убавина. Можеме да замислиме дека секој цвет, птица, животно и дрво им нуделе можност на Адама и Ева да научат нешто повеќе за својот свет и за Создателот.

А потоа, по 1. и 2. глава на 1. Мојсеева, во 3. глава доаѓа до еден брз пресврт. Го прегледавме пописот на сето добро што Бог го направил со најблагородна намера. Но во текстот 1. Мојсеева 3,1 вниманието се насочува кон тоа дека Бог дозволил слобода на избор. Појавата на змијата, која била „полукава од сите ѕверови полски“ претставува отстапување од речникот што се користел до тој момент. Таквите изрази како што се: „многу добро“, „и не се срамеа“, „убав на изглед“, се користени за да се опишат делата на Божјето создавање во претходните глави. Меѓутоа, сега со појавата на змијата доаѓа до промена на тонот. Тоа во некои преводи се опишува како „вешта“, а во некои како „лукава“. Одеднаш се внесува тој негативен елемент во нешто што, до тој момент, било потполно совршено.

За разлика од тоа, 1. Мојсеева го прикажува Бога како сушта спротивност на „лукавоста“. Бог бил мошне јасен во врска со своите очекувања од брачната двојка во градината. Врз основа на Божјите заповеди во текстот 1. Мојсеева 2,16.17, знаеме дека Тој поставил едно клучно правило што морале да го послушаат – да не јадат од дрвото за познавање на доброто и злото.

Што било друго и да заклучиме врз основа на овој извештај, она што посебно се истакнува е тоа дека Адам и Ева се создадени како слободни морални суштества, способни да изберат меѓу послушноста и непослушноста. Значи, уште од самиот почеток, дури и во совршениот свет, ја забележуваме реалноста на слободната волја на човекот.

**Во текстот 1. Мојсеева 3,1-6, проучете го описот што го употребила змијата, а кој Ева потоа го повторила. Што забележувате во врска со информацијата што змијата ѝ ја понудила на Ева? Забележувате ли на кој начин потоа Ева гледала на дрвото за познавање на доброто и злото?**

---

**Во текстот 1. Мојсеева 2,17, Господ му рекол на Адама дека, ако јаде од тоа дрво, „сигурно ќе умрете“ (според Новиот српски превод; заб. прев.). Кога Ева, во текстот 1. Мојсеева 3,3, ја повторила таа заповед, го ублажила нејзиното значење изоставајќи го зборот „сигурно“. Во текстот 1. Мојсеева 3,4, змијата го враќа тој збор, но на начин кој потполно противречи на она што Бог го рекол. Изгледа дека Ева, иако била научена од Бога во градината, не го сфатила сериозно тоа знаење, што се гледа врз основа на самите зборови што ги употребила.**

## НЕСФАТЕНА ПОРАКА

Како што видовме вчера, и покрај јасната Божја заповед, Ева, дури и со својот речник, го разводнила она што веќе го научила.

Иако не го протолкувала погрешно она што Господ ѝ го рекол, очигледно е дека тоа не го сфатила доволно сериозно. Тешко е да се пренагласат последиците од нејзините постапки.

Така, кога се сретнала со змијата, Ева ѝ го повторила (но не прецизно) она што Бог им го рекол во врска со дрвото во градината (1. Мојсеева 3,2.3). Секако, оваа порака не била ништо ново за змијата. Таа била запознаена со оваа заповед, а оттука и добро подготвена да ја изврти искористувајќи ја притоа наивноста на Ева.

**Проучете го текстот во 1. Мојсеева 3,4-6. Освен што директно се спротивставила на Божјите зборови, што уште рекла змијата што очигледно имало успех кај Ева? Кои начела ги злоупотребила?**

---

Кога змијата ѝ рекла дека таа порака во еден дел е неточна. Ева можела да оди и да се посоветува со Бога. Тоа е она најубавото во врска со воспитанието и образованието во Едемската градина – пристап до својот моќен Учител, каков што имале првите ученици, кој несомнено надминува сѐ што денес би можеле да замислиме овде на Земјата. Меѓутоа, наместо да потрча, да побара божествена помош, Ева ја прифатила пораката на змијата. Нејзиното прифаќање на таа изменета порака укажува на извесно сомневање од страна на Ева во врска со Бога и со она што Тој им го кажал.

Во меѓувреме, Адам и сам западнал во тешка ситуација. „Адам сфатил дека Ева, пречекорувајќи ја единствената забрана што била поставена за да се испита нивната верност и љубов кон Бога, ја престапила неговата заповед. Во неговата душа се водела ужасна борба. Очајувал што ѝ дозволил на Ева да се одвои од него и да остане сама. Но сега делото веќе било сторено; тој мора да се одвои од својот животен сопатник во чиешто друштво наоѓал своја радост. Како да се помири со тоа?“ (Елена Вајт, Патријарси и пророци, стр. 56 оригинал). За жал, иако знаел што е добро а што зло, и тој направил погрешен избор.

**Размислувајте за иронијата на измамата што овде ја наоѓаме – змијата рекла дека тие, ако јадат од тоа дрво, „ќе станете како богови“ (1. Мојсеева 3,5). Но, зар текстот 1. Мојсеева 1,27 не вели дека тие веќе биле како Бога? Што дознаваме врз основа на овие текстови, кога станува збор за тоа колку лесно можеме да бидеме излажани, и зошто верата и послушноста се наша единствена заштита, дури и кога имаме најдобро воспитание и образование, какво што имале Адам и Ева?**

## ОБНОВУВАЊЕ НА ОНА ШТО Е ИЗГУБЕНО

Бидејќи одлучиле да ја следат пораката на змијата, Адам и Ева, меѓу останатото, се соочиле и со протерување од Божјата училница. Замислете само што сè изгубиле тие поради гревот. Кога ќе го сфатиме нивниот пад, можеме подобро да ја разбереме целта на нашето воспитание и образование во сегашното време. И покрај нивното протерување, животот во несовршениот свет му дало нова цел на образованието.

Ако образованието пред падот претставувало Божји начин да ги запознае Адама и Ева со себе, со својот карактер, добрина и љубов, тогаш образовната работа денес би можела да придонесе кон тоа човечкиот род повторно да се запознае со сето тоа, и Божјиот лик повторно да се обнови во нас. И покрај тоа што физички се отстранети од Неговото присуство, Божјите деца сè уште можат да го запознаат Него, Неговата добрина и љубов. Преку молитва, служба и проучување на Неговата Реч можеме да се приближиме кон нашиот Бог, како што тоа го правеле Адам и Ева во Едем. Добра вест е дека, благодарение на Исуса и на планот на спасението, не е сè загубено. Ние имаме надеж во спасението и обновувањето. А христијанското воспитание и образование би требало во најголем дел да ги упатува учениците на Исуса, на она што Тој го направил за нас и на обновувањето што Тој ни го нуди.

**Прочитајте 2. Петрово 1,3-11. Во светлината на сè што било изгубено кога човечките суштества ја напуштиле Градината, овие стихови доаѓаат како охрабрување дека сепак многу нешта можат да бидат обновени. Што тврди Петар дека ние мораме да направиме за да можеме да бараме обновување на Божјиот лик во нашиот живот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Преку Исуса, „Неговата божествена сила ни подари сè што ни е потребно за живот и побожност“ (2. Петрово 1,3). Какво ветување! Какви сили би можеле тие да бидат? Петар, всушност, ни дава список: вера, добродетел, знаење, воздржување, трпение итн. Исто така, забележете дека знаењето е една од точките што Петар ги наведува. Таа идеја, всушност, нè води до поимот образование. Вистинското образование ќе нè води кон вистинското знаење – знаење за Христа – и така ќе стануваме сè послични на Него, а ќе бидеме подготвени и своето знаење за Него да го делиме со другите.

**За момент размислете за фактот дека забранетото дрво било дрво „за познавање на доброто и на злото“. Што ни кажува ова, зошто секое знаење не е добро? Како правиме разлика меѓу доброто и лошото знаење?**

# ОНИЕ ШТО ГО ПРЕЗИРААТ АВТОРИТЕТОТ

Некои ученици се сметаат за „природни таленти“ во одделението. Тие можат и со малку учење да добијат одлични оценки. Лесно го усвојуваат материјалот. Знаењето просто како да се „лепи“ за нив. Меѓутоа, 1. и 2. Петрово послание очигледно покажуваат дека нашето образование во Христа им пружа подеднакви шанси на сите кои сакаат да му се посветат.

Сепак, охрабрувачките зборови од 1. глава од 2. Петрово послание се во спротивност со отрезнувачката опомена во 2. глава од истата книга.

**Прочитајте го текстот 2. Петрово 2,1-17. Кои силни и строги зборови ги изнесува тука Петар? Во исто време, среде тие остри опомени и укори, каква голема надеж ни е ветена?**

___

Забележете што пишува Петар во 10. стих за оние кои го презираат авторитетот. Какво е тој остар прекор и за она што претставува реалност во наше време. Како црковно тело, ние мораме да работиме на преземање одредени нивоа на авторитет (види Евреите 13,7.17.24), а повикани сме да им се покоруваме и да им бидеме послушни, барем во оној степен во кој тие самите се верни на Господа.

Меѓутоа, среде тие остри прекори, Петар (во 9. стих) изнесува сосема спротивна идеја. Тој вели дека, и покрај тоа што има моќ да ги уништи оние кои ќе ја изберат измамата, „Господ знае како да ги избавува побожните од искушенија“. Дали тоа значи дека дел од нашето христијанско воспитание и образование не е само избегнување на искушенијата, туку и учење на кои сè начини Бог може да нè спаси од нив, а исто така и да нè заштити од оние кои, како што вели Тој, „ќе навлечат врз себеси брза погибел“ (2. Петрово 2,1)? Исто така, бидејќи презирањето на власта е толку остро осудено, зар нашето христијанско воспитание и образование не би требало да опфати и учење како на правилен начин да ги разбереме своите учители, како да им се покориме и да ги слушаме (Евреите 13,17)?

Иако не може да се каже дека Адам и Ева го презирале авторитетот, тие на крајот одлучиле да му бидат непослушни. А нивниот престап го прави уште потежок фактот дека тие тоа го направиле како одговор на дрско противење на она што тој авторитет, Бог лично, им го кажал, иако тоа го сторил за нивно добро.

**Разгледајте го подетално прашањето околу авторитетот, не само во црквата и семејството, туку и во животот воопшто. Зошто авторитетот е толку важен, без разлика дали станува збор за неговото правилно пројавување или за правилно искажување на почит кон него? Изнесете ги своите одговори во класата во сабота.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„За светата брачна двојка Бог се грижел не само како татко, туку и како учител, и тие, како ученици, примале поуки од сезнајниот Творец. Нив ги посетувале ангелите и уживале право да разговараат со својот Творец без никаква темна пречка што би ги одделувала од него. Биле исполнети со сила што ја дава дрвото на животот, а нивната моќна сфаќање била само малку помалечка од ангелската. Тајните на видливата вселена - "чудесата на Оној кој е совршен во секое знаење" (За Јов 37,16) - за нив претставувале неисцрпен извор на поуки и уживање. Бесконечно недосегливиот Градител и Творец на сѐ, Оној кој сето тоа постојано го одржува, му ги откривал на нивниот ум законите и појавите во природата кои веќе шест илјади години го интересираат човекот и будат кај него истражувачки стремежи. Се запознавале со законите на листот, на цветот и дрвото, и проникнувале во тајните на сѐ што е живо. Адам познавал сѐ живо, од огромниот левијатан – морско чудовиште што се игра во брановите - па до најситниот инсект што трепери на сончевиот зрак. На секое од нив тој им дал име и на сите им ја познавал природата и навиките. Божјата слава на небесниот свод, безбројните светови во нивното непогрешно кружење, "како висат облаците" (За Јов 37,16), тајните на светлината и на звукот, на денот и ноќта - сето тоа им било достапно за проучување на нашите прародители. На секој лист во шумата и на секој камен во планината, на секоја блескотна ѕвезда, на земјата, во воздухот и на небесниот свод, за нив било напишано Божјето име. Поредокот и хармонијата на сѐ што е создадено им зборувале за бесконечната мудрост и сила. Постојано откривале некоја нова привлечност која срцето би им ја исполнила со уште подлабока љубов и би предизвикала нови изливи на благодарност“ (*Патријарси и пророци,* стр. 50.51 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Ако Бог првобитно имал намера училиштето и работата да им пружат на луѓето прилика да се сретнат со Него и Неговите дела, дали ние во својата работа денес сѐ уште постапуваме во согласност со таа Божја намера? Како можеме подобро да се запознаеме со Бога преку својата работа (без разлика дали станува збор за платена работа, стекнување образование, волонтирање, евангелска служба, итн)?**

**2. Кога ќе го земеме предвид лукавството на сатаната во Едемската градина, лесно можеме да станеме нерасположени поради нашите човечки слабости. Адам и Ева знаеле дека Бог е близу, а сепак ја прифатиле полувистината што ја слушнале од змијата. Како ние денес, иако ја немаме таа тесна физичка блискост со Бога, сѐ уште можеме да пронајдеме сила во Него, која ни помага да му се спротивставиме на искушението.**

**3. Разговарајте околу прашањето за авторитетот и за тоа зошто е толку важно да се биде послушен. Што се случува кога линиите на авторитетот ќе станат нејасни? Како авторитетот може да се злоупотреби и како реагираме кога тоа ќе се случи?**

**Поука 2**
**3 - 9 октомври 2020**

# СЕМЕЈСТВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 3,1-15; 2. Коринќаните 4,6; Лука 1,26-38; Матеј 1,18-24; Ефешаните 4,15; 1. Јованово 3,18; 5. Мојсеева 6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Сине мој, послушај ја поуката на својот татко и не отфрлај го учењето на својата мајка“ (Мудри изреки 1,8).**

Како човечки суштества, ние секогаш (во идеален случај) учиме. Всушност, самиот живот е училиште.

„Уште во најраните времиња верните во Израел со големо внимание ги воспитувале младите. Господ дал упатства според кои децата мора да се поучуваат уште од најмалечки нозе за неговата доброта и големина, токму онака како што се откриле во неговиот закон и се прикажале во историјата на Израел. Песната, молитвата и поуките од Писмото, морале да бидат прилагодени кон умот што се развива. Татковците и мајките требало да ги поучат своите деца дека Божјиот закон е израз на неговиот карактер и дека со усвојувањето на начелата на законот во срцето, во душевниот свет и ум се втиснувал Божјиот лик. Поголемиот дел од поучувањето бил устен, но младите исто така учеле да ги читаат еврејските списи, а пергаментските книги на старозаветните списи биле отворени за нивно проучување“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 69 оригинал).

Во текот на поголемиот дел од човечката историја, воспитанието и образованието се стекнувало главно дома, особено во раните години. Што вели Библијата за воспитувањето во семејството и кој принцип можеме да го извлечиме за себе, каква и да е нашата семејна ситуација?

# ПРВОТО СЕМЕЈСТВО

На почетните страници од Светото писмо не ни се дадени многу подробности – всушност, не ни е дадено речиси ништо во врска со видот на семејното воспитание и образование во најраните денови од човечката историја, иако можеме да бидеме прилично сигурни дека во тоа време образованието се стекнувало внатре во самата семејна структура.

„Семејството било во центарот на системот на воспитување кој е воспоставен во Едем. Адам бил 'Син Божји' (Лука 3,38), и децата на Севишниот ги примале поуките токму од својот Отец. Нивното училиште било, во најпотполна смисла на зборот, семејно училиште“ (Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 33 оригинал).

И иако не знаеме што точно се учело тука, можеме да бидеме сигурни дека тоа имало врска со чудата на создавањето, а по падот во грев, и со планот на спасение.

**Што можеме да научиме од следните текстови и зошто несомнено тоа било дел од воспитувањето што Адам и Ева им го пружиле на своите деца? 1. Мојсеева 1-2; 1. Мојсеева 3,1-15; 2. Коринќаните 4,6; Лука 10,27; Галатјаните 3,11; Откровение 22,12.**

---

„Системот на воспитување воспоставен во почетокот на светот бил одреден да им служи како пример на луѓето во сите идни времиња. За да се прикажат принципите на тој систем во Едем, домот на нашите прародители, била основана школа која требало да служи како пример“ (Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 20 оригинал).

Христијанското воспитување е посветеност на обучување на семејствата и верниците во врска со прашања околу доктрините, богослужението, наставата, заедништвото, евангелската работа и службата. Домот е место на кое им проповедаме на членовите на семејството за Божјата љубов и Неговите ветувања. Тоа е место каде Исус им се претставува на децата како нивен Господ, Спасител и пријател, и каде Библијата се издигнува како Божја Реч. Семејството е место на кое со пример покажуваме како изгледа еден здрав однос со нашиот Небесен Татко.

Во текстот 1. Мојсеева 4,1-4 гледаме дека и Каин и Авел ги донеле своите приноси кај Господа. Можеме извесно да претпоставиме дека тие, во согласност со своето семејно воспитување, учеле за значењето и важноста на жртвите во врска со планот на спасението. Секако, како што покажува самиот извештај, доброто воспитување секогаш нѐ доведува до резултатите на кои се надеваме.

**Каква и е да е ситуацијата во вашиот дом, кои одлуки можете да ги донесете за да може тоа да стане опкружување во кое вистината се учи и се спроведува во животот?**

## ИСУСОВОТО ДЕТСТВО

Светото писмо ни дава многу малку подробности за Исусовото детство. Поголем дел од тие години остануваат тајна. Меѓутоа, даден ни е одреден увид во карактерот на Неговите овоземни родители, Марија и Јосиф, а тоа што го знаеме за нив би можело да ни помогне да разјасниме некои детали од Неговото детство и раното воспитување.

**Што можеме да научиме од следните текстови во врска со Марија и Јосиф, и на кој начин ни пружаат увид во тоа како тие, како родители, го воспитувале Исуса?**

**Лука 1,26-38** ______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**Лука 1,46-55** ______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**Матеј 1,18-24** ______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Врз основа на овие текстови можеме да видиме дека Марија и Јосиф биле верни Евреи, кои настојувале да живеат во послушност на законите и Божјите заповеди. И навистина, кога Господ им пришол и им рекол што ќе им се случи, тие верно направиле сѐ што им било кажано.

„Детето Исус не примало поуки во школите на синагогите. Неговата мајка била негов прв земен учител. Тој небесните вистини ги научил од нејзините усни и од пророчките книги. Истите зборови што самиот му ги изговорил на Мојсеја за Израел, сега ги усвојувал на скутот на својата мајка. Кога преминал од детството во младешка возраст, не ги барал рабинските школи. Нему не му било потребно воспитување стекнато на такви извори, зашто негов учител бил Бог“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 70 оригинал).

Несомнено е дека тие биле добри и верни учители на тоа дете, но како што ни открива текстот Лука 2,41-50, имало многу работи во врска со нивниот Син што тие не ги разбирале, бидејќи Исус имал такво знаење и мудрост што можел Му ги даде само Господ.

**Повторно прочитајте го наведениот цитат на Елена Вајт. Како да го разбереме тоа дека Тој во крилото на својата мајка ги учел првите зборови што сам ги изговорил? Што ни зборува тоа за Божјата чудесна љубов? Како би требало ние, паднатите и грешни суштества, да одговориме на неа?**

## КОМУНИКАЦИЈА

Во многу реална смисла, воспитанието и образованието, на едно општо ниво, се сведуваат на комуникација. Учителот е тој кој поседува знаење, мудрост, информации, факти, што и да е, а треба да се пренесе на ученикот. Некој кој е полн со знаење мора да биде во состојба тоа да им го пренесе на другите. Во спротивно, каква е ползата од сето она што го знае, барем во поглед на поучувањето?

Меѓутоа, на друго ниво, добрите вештини на поучувањето не подразбираат само способност на комуникација. Од пресудна важност во тој процес е изградувањето на меѓусебните односи. „Вистинскиот наставник може на своите ученици да им понуди малку дарови кои би имале поголема вредност од неговото друштво. Мажите и жените, а најмногу младината и децата можеме вистински да ги разбереме дури откако ќе им се приближиме со симпатија; а ние мораме да ги разбереме за да можеме најуспешно да им помогнеме“ (Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 33 ориг.).

Со други зборови, доброто поучување се одвива и на емотивно и на лично ниво. Во поглед на семејството како училиште, тоа е многу важно. Мора да се изгради добар однос меѓу учителот и ученикот.

Односите се воспоставуваат и се развиваат преку комуникација. Ако христијаните не комуницираат со Бога така како што ја читаат Библијата или се молат, нивниот однос со Бога е во застој. На семејствата им е потребно божественото водство, ако сакаат да растат во благодатта и познавањето на Христа.

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 37,7-9; Мудри изреки 10,31.32; Мудри изреки 27,17; Ефешаните 4,15; 1. Јованово 3,18; Тит 3,1.2; Јаков 4,11. Што можеме да научиме од нив, кога станува збор за изградување на силни семени односи или каков било вид меѓусебни односи, кога сме веќе кај тоа?**

---

Одвојувањето време за да сееме добро семе на комуникација нема само да ги подготви членовите на семејството за лична заедница со Христа, туку ќе им помогне и да развијат меѓусебни односи во рамките на самото семејство. Тоа ќе ги отвори каналите на комуникација за кои ќе ви биде мило што ги имате кога децата ќе ви стасаат до пубертет или кога ќе пораснат. А дури и ако немате деца, начелата што ги пронаоѓаме во тие текстови важат за сите видови односи.

**Размислете зошто не е важно само она што го кажуваме, туку и како го кажуваме тоа. Што научивте од ситуациите во кои начинот на кој нешто сте кажале во голема мера го поништило влијанието на она што сте го кажале, дури и ако тоа што сте го кажале било правилно?**

## УЛОГАТА НА РОДИТЕЛИТЕ

„А вие, татковци, не дразнете ги вашите деца, туку воспитувајте ги во науката и опомената на Господа“ (Ефешаните 6,4).

„Кој ќе најде добродетелна жена? Таа вреди повеќе од бисери“ (Мудри изреки 31,10).

Родителите имаат огромна одговорност. Таткото е глава на семејството, а семејството е место каде се негува црквата, училиштето и општеството. Ако таткото е слаб, неодговорен и некомпетентен тогаш семејството, црквата, училиштето и општеството ќе трпат последици. Татковците треба да настојуваат да го покажат плодот на Духот, а тоа е: „љубовта, радоста, мирот, трпението, љубезноста, добрината, верноста, кротоста, самоконтролата; нема закон против вакви нешта“ (Галатјаните 5,22.23).

Мајките, исто така, можеби ја имаат најважната улога во целото општество. Тие имаат големо влијание во обликувањето на карактерот на своите деца и во создавањето расположението и атмосферата што владее во домот. Татковците би требало да дадат сè од себе за да можат да соработуваат со мајките во воспитувањето на своите деца.

**Што можат да научат татковците и мајки од следните текстови: Ефешаните 5,22.23.25.26; 1. Коринќаните 11,3; 2. Коринќаните 6,14; Римјаните 13,13.14; 2. Петрово 1,5-7; Филипјаните 4,8?**

---

Родителите христијани имаат морална обврска со своето однесување да пружат библиски пример за Христа и црквата. Брачниот однос е аналогија на Христовиот однос кон црквата. Ако родителот не ја прифаќа улогата на водач, или ако ја спроведува на насилен начин, тогаш тој пружа лажна слика за Христа пред своите деца и пред целиот свет. Бог им заповеда на сите родители христијани внимателно да ги поучуваат своите деца (види 5. Мојсеева 6,7). Родителите се должни да ги научат своите деца сесрдно да го сакаат Господа. Треба да ги научат на Господовиот страв, потполно посветување и потчинување Нему од љубов.

Во текстот 5. Мојсеева 6,7 на Израелците им се дадени посебни упатства во врска со тоа како да ги поучуваат своите деца за големите работи што Господ ги направил за својот народ. Колку и да е величествена сторијата што тие можеле да им ја пренесат на своите деца, ние, кои живееме по Христовиот крст, имаме уште една подобра, зар не?

Затоа, исцелувањето или обуката што ние треба да ја пружаме е траен, проактивен настан во текот на кој ја пренесуваме вистината за Бога на своите деца и ги подготвуваме да остварат лична заедница со Христа. Сепак, на сите ни е даден светиот дар на слободна волја. Конечно, нашите деца, кога ќе пораснат, сами за себе ќе одговараат пред Бога.

# ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ

Пред да влезат децата на Израел во Ветената земја, Мојсеј повторно им се обратил за да ги потсети како Бог ги водел на чудесен начин, и за повторно да ги посоветува да не заборават што направил Господ за нив. Петтата книга Мојсеева на многу начини ја претставува Мојсеевата слободна волја и негов тестамент. И иако е пишувана пред повеќе од илјада години, во култура и животни прилики драстично поразлични од сè она со што ние се соочуваме денес, начелата што се изнесуваат во неа важат и за нас.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 6 глава. Што можеме да научиме врз основа на овој текст во врска со начелата на христијанското воспитување? Што треба да биде она главното на што ги учиме не само своите деца, туку и секој што не го знае она што ние го знаеме за Бога и за Неговиот прекрасен чин на спасение? Кои опомени исто така ги наоѓаме во тие стихови?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Најважно од сè што требало да ги научат своите деца било Божјото чудесно дејствување меѓу нив. А освен тоа, дадено им е и јасно предупредување да не заборават ништо од она што Бог го направил за нив.

Секако, ако родителите ја имаат првата и главна улога кога станува збор за вградувањето на библиските учења во животот на нивните деца, тогаш тие се должни да го организираат својот живот на таков начин да стекнат соодветно знаење и да обезбедат време кое ќе го поминуваат со своите деца.

„Првиот учител на детето е мајката. Во текот на периодот на најголема приемчивост и најбрзо развивање, неговото воспитување во голема мера е во нејзини раце“ (Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 275 оригинал).

Тоа е клучно време кога родителите им зборуваат на своите деца за Божјата љубов и за Неговите ветувања. Редовното одвојување време за да можете своите деца лично да ги поучувате за Божјата мудрост, ќе има позитивно влијание на вашето семејство и на идните генерации.

**Прочитајте го следниот текст: „Напомнувај им ги на своите синови. Зборувај им за нив кога седиш дома во својата куќа и кога одиш патем; кога легнуваш и кога stануваш“ (5. Мојсеева 6,7). Каква порака наоѓаме тука и што ни зборува таа за тоа колку е суштински важно вистината за Господа секогаш да им ја напоменуваме не само да своите деца, туку и на самите нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Восйитување* од Елена Вајт прочитајте ги следните глави: „Подготовка“, стр. 275-282 оригинал; „Заедничка работа“, стр. 283-286 оригинал и „Дисциплина“, стр. 287-297 оригинал.

„Врз татковците, исто како и врз мајките, почива одговорноста за раното и подоцнежно воспитување на детето, и затоа е неопходно потребно и двајцата родители внимателно и темелно да се подготват за тоа. Мажите и жените мораат да се запознаат со законите на физичкиот развој – со физиологијата и хигиената, со важноста на влијанието врз детето уште пред неговото раѓање, со законите на наследувањето, со здравствените мерки, облекувањето, вежбите на телото и лекувањето болести уште пред да решат да ја преземат должноста на татковството и мајчинството. Тие, исто така би морале да ги разберат и законите на менталниот развој и моралното воспитување.“ (*Восйитување*, стр. 276 ориг.).

Оваа соработка први мораат да ја започнат таткото и мајката, во домашниот живот. Тие се заеднички одговорни за воспитувањето на своите деца и затоа постојано мораат да се трудат да работат заеднички. Нека му се предадат на Бога, молејќи го да им помогне да се поддржуваат еден со друг... Родителите, кои вака ги воспитуваат своите деца, тешко ќе се најдат меѓу оние кои го критикуваат учителот. Тие чувствуваат дека интересот на нивните деца и правичноста кон училиштето налагаат, колку што е можно, да го поддржуваат и вреднуваат оној кој учествува во носењето на нивната одговорност“ (*Восйитување,* стр. 283 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Без разлика дали имаме деца или не, сите живееме во некој вид домашно опкружување, и сите комуницираме со другите. Што научивте од поуката за оваа седмица што може да ви помогне во комуникацијата, па дури и во сведочењето на другите, без разлика дали таму каде што живеете или на некое друго место?**
2. **Ние сме склони на образованието да гледаме како на нешто добро. (Всушност, кој би можел да биде против образованието?) А дали е секогаш така? Што би можело да претставува пример на образование кое е извитоперено и претворено во нешто лошо? Што можеме да научиме од тие негативни примери што би можело да ни помогне образованието да го претвориме во нешто добро?**
3. **Како што беше кажано во проучувањето за среда, на сите ни е даден светиот дар на слободна волја. Порано или подоцна, кога децата ќе пораснат, тие ќе мораат да носат сопствени одлуки во врска со Бога, за кој учеле во текот на целото детство. Зошто сите родители, а всушност и сите останати – кои настојуваат да им сведочат на другите и да ги запознаат со евангелието, мораат секогаш да ја имаат на ум клучната вистина за слободната волја?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 3**
**10 – 16 октомври 2020**

# ЗАКОНОТ КАКО УЧИТЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 6,5; 5. Мојсеева 31,9-27; Римјаните 3,19-23; Откровение 12,17; 14,12; Марко 6,25-27; Евреите 5,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа љуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила“ (5. Мојсеева 6,5).**

Предупредувајќи ги Галатјаните за легализам, Павле напишал: „Зашто, ако беше даден закон што може да даде живот, тогаш навистина праведноста би била од законот“ (Галатјаните 3,21). Секако, ако барем еден закон би можел да оживее, тоа би бил Божјиот закон. А сепак, Павле ни порачува дека нас, грешниците, дури ни Божјиот закон не може да нѐ оживее. Зошто? „Но Писмото сите ги затвори под грев, и врз основа на верата во Исуса Христа ветувањето да им биде дадено на оние, кои веруваат“ (Галатјаните 3,22).

Според тоа, ако законот не може да им подари живот на смртниците, која воопшто е неговата цел, освен да ни укаже на нашата потреба за благодатта? Дали тогаш законот има само негативна улога? Дали тој е тука само за да ни ги покаже нашите гревови?

Не. Законот е тука и за да ни укаже на патот на животот којшто се наоѓа само во Исуса. Тоа е целта и на вистинското воспитување – да нѐ упати на живот исполнет со благодат, вера и послушност на Христа. Затоа, оваа седмица, во рамките на прашањата за христијанското воспитување и образование, ќе ја проучуваме улогата на Божјиот закон. Во таа смисла, да видиме што може законот, иако не може да нѐ спаси, да нѐ научи за верата, благодатта и љубовта на нашиот Бог кон паднатото човештво.

## ДА ГО САКАМЕ БОГА И ДА СЕ БОИМЕ ОД НЕГО

Петта книга Мојсеева ги содржи последните Мојсееви зборови за Израел, упатени до новата генерација – онаа што конечно ќе влезе во Ветената земја. Но, пред тоа, тој за нив имал некои многу јасни пораки и упатства.

**Прочитајте 5. Мојсеева 31,9-13. Што значи да се боиме од Господа?**

________________________________________________________________

Бог имал одредена намера дури и кога станува збор за начинот на кој им го дал својот закон на Израелците. Тој со сите средства се потрудил Неговите закони да не бидат заборавени. Тоа ни открива дека Бог е трпелив учител. Тој поучува, ги повторува поуките, ги испраќа пророците и ги користи своите слуги за да пренесе порака. И секогаш тоа го прави одново. Навистина, зар не е вистина дека голем дел од старозаветните списи не зборува за ништо друго освен за Бога кој настојува својот народ да го поучи како да оди по патот на животот?

Забележете како Мојсеј во тие стихови нагласува колку е важно идните генерации да се запознаат со законот. Мојсеј тоа го опишува како процес од два чекори. Децата на Израел најпрво го слушаат законот, а потоа учат да се „да се бојат од Господа, вашиот Бог“ (5. Мојсеева 31,13).

Прво слушаат, а потоа учат да се бојат од Бога. Значи, таа потреба за учење подразбира дека стравот не е природен резултат од познавањето на законот. Да се боиме од Бога, тоа е процес кој мора да се научи. Мојсеј напоменува дека знаењето и стравот се процес, и дека не се во причинско-последичен однос.

Освен тоа, што значи „да се бојат од Бога“, кога на народот исто така му е кажано: „љуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила“ (5. Мојсеева 6,5)? Можеби тоа можеме да го споредиме со љубовта и стравот што детето го чувствува кон добриот татко, татко кој ја открива љубовта и грижата со тоа што покажува дека го зборува она што го мисли и дека го мисли она што го зборува. Ако имате таков татко и ако направите нешто лошо, навистина ќе ги понесете последиците од своето злодело. Да, ние можеме да го сакаме Бога а едновремено и да се боиме од Него. Тоа не се противречни замисли. Колку повеќе дознаваме за Бога, толку повеќе Го сакаме поради Неговата добрина. А повторно, во исто време, колку повеќе го запознаваме Бога, толку повеќе можеме да се боиме од Него, бидејќи увидуваме колку Тој е свет и праведен, а колку ние сме грешни и неправедни, и сфаќаме дека само благодарение на благодатта – незаслужената милост – не сме уништени.

**Што значи да го сакаме Бога и во исто време да се боиме од Него? Како вие го разбирате тоа?**

## СВЕДОК ПРОТИВ ТЕБЕ

Кога Мојсеј сфатил дека наскоро ќе умре, бил длабоко свесен за приликите што ќе ги остави зад себе. Знаел дека по неговата смрт Израелците ќе влезат во Ветената земја – Ханан. Исто така, знаел дека тие ќе станат бунтовни откако ќе стигнат до своето одредиште, по кое толку долго трагале.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 31,14-27. Кои подготовки ги презел Мојсеј пред својата смрт? Кои биле главните грижи на Мојсеј и како тој се позанимавал со нив?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Тонот на Мојсеј тука малку потсетува на тонот на учител кој се подготвува за својата смена. Свесен е дека неговите ученици лошо се однесувале додека тој бил присутен во „одделението“ и не е толку наивен за да помисли дека нема да се побунат и во негово отсуство. Затоа им дава упатство на Левитите, кои го носеле ковчегот на заветот, Книгата на законот да ја стават веднаш покрај ковчегот за таа да биде „сведок“. Мојсеј не го остава само наставниот план за својот заменик. Тој остава сведок. Мојсеј зборува за Книгата на законот како тој е да е живо суштество кое има моќ да го прекори човечкото срце.

**Размислете за законот како „сведок против“ нив. Како ја разбираме оваа идеја што ја наоѓаме и во Новиот завет? Видете Римјаните 3,19-23. Односно, на кој начин законот ни укажува на нашата потреба за благодатта?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во текстот 5. Мојсеева 31, Бог му налага на Мојсеја да ја запише песната на која самиот Тој го научил. Мојсеј тогаш требало да им помогне на Израелците да ја научат таа песна, со намера, како што се вели во 19. стих: „За да ми биде оваа песна сведок против Израелевите синови“. Повторно гледаме дека Божјите насоки се персонифицираат. Зборовите, кога се пеат, полесно се објавуваат и шират. А кога песната е сведок, таа има моќ да ги наведе луѓето да се загледаат во себе и да видат што зборува таа за нив.

**Дури и кога настојуваме да бидеме послушни на Божјиот закон со сета сила што Тој ни ја дал, на кој начин законот сепак дејствува како „сведок против“ нас? Како тој сведок нѐ учи за тоа колку ни е потребно евангелието во нашиот живот?**

## „ЗА ДА НАПРЕДУВАШ“

Во целата Библија слушаме и за други резултати од познавањето – и послушноста – на Божјиот закон.

**Прочитајте го текстот Исус Навин 1,7.8. Што му рекол Господ на Исус Навин и како можат принципите што ги наоѓаме тука да се применат на нас денес?**

---

Господ му вели на Исус Навин при влегувањето во Ханан: „Само биди многу цврст и храбар, и грижливо пази да го извршиш сето она што ти го заповеда слугата Мој Мојсеј; не се отстранувај од сето тоа ни надесно ни налево за да напредуваш во сѐ што ќе преземаш“ (Исус Навин 1,7).

Таквото гледање на напредокот, како нуспроизвод на послушноста, изгледа малку како спротивност на сфаќањата на денешниот свет за тоа со што се мери напредокот. Денес, многумина веруваат дека обележја на напредокот се иновативноста, креативноста и потпирањето на себе. За да напредуваме во одредена дејност, тоа често бара извонреден талент и преземање на ризик.

Меѓутоа, во Божјите очи напредокот бара друг збир на ресурси.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 12,17; 14,12; Римјаните 1,5; 16,26; Јаков 2,10-12. Што ни кажуваат овие стихови денес за послушноста на Божјиот закон? Односно, и покрај тоа што послушноста на Божјиот закон не нѐ спасува, зошто сепак е толку важно да го држиме?**

---

Стар завет, Нов завет – сеедно – како христијани кои веруваат во Библијата, повикани сме на послушност на Божјиот закон. Кршењето на законот, познато и како грев, води само во болка, страдање и вечна смрт. Кој лично не ги запознал и согледал последиците од гревот – резултат на кршењето на Божјиот закон? Токму како што древниот Израел напредувал благодарение на послушноста на Божјиот закон (и покрај тоа што благодатта исто така им била потребна), ништо не се променило ни кога станува збор за нас денес. Според тоа, во согласност со христијанското воспитание и образование, треба да продолжиме да го застапуваме Божјиот закон, како главна компонента на она што значи да се живее со вера и надеж во Божјата благодат.

**Какво е вашето лично искуство со последиците на гревот? Што сте научиле, а би можеле тоа да го споделите со другите, за и тие да не ги направат истите грешки?**

## ТРУДОТ И БОРБАТА НА ОНИЕ КОИ ГО ДРЖАТ ЗАКОНОТ

Држењето на Божјиот закон донесува големи користи, како што се гледа во животот на луѓето на кои Бог им дал да напредуваат. Исус Навин верно ги следел Божјите прописи и добро го водел израелскиот народ. Господ во повеќе наврати им рекол на Израелците дека ќе напредуваат ако бидат послушни на Неговиот закон.

**Прочитајте го текстот 2. Дневникот 31,20.21. Што се наведува тука како клучна причина на успехот на Езекиел?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Без разлика во кое својство да се занимаваме со подучување, мораме да ја нагласиме важноста на послушноста. Но, нашите слушатели не се глупави. Тие, порано или подоцна ќе го забележат горчливиот факт дека има луѓе кои се верни, мили и послушни, а сепак – што? Несреќите ги погодуваат и нив. Како тоа да го објасниме?

Всушност, ние тоа и не можеме. Живееме во свет на грев и зло, свет во кој беснее голема борба и никој не е имун на тоа.

**Какви поуки ни даваат следните текстови во врска со тие тешки прашања: Марко 6,25-27; За Јов 1.2; 2. Коринќаните 11,23-29?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Несомнено е дека добрите и верните луѓе, луѓето кои го почитуваат законот, не се секогаш успешни, барем не според световното сфаќање на успехот. И во тоа, исто така, се наоѓа делумен одговор на тоа тешко прашање, прашање кое несомнено ќе се поставува додека зборуваме за важноста на законот. Што точно подразбираме под „успех“? Што вели псалмистот? „Вистина, еден ден во Твоите дворови подобар е од илјада други. Повеќе сакам да стојам на прагот на Домот на мојот Бог, отколку да живеам во шаторите на грешниците“ (Псалм 84,10). Нема сомнение дека, според световните стандарди, дури ни оние кои му се верни на Бога и послушни на Неговиот закон, не се секогаш „успешни“, барем за сега. На оние кои ги подучуваме, им правиме голема услуга ако го тврдиме спротивното.

**Прочитајте го текстот Евреите 11,13-16. Како тие стихови ни помагаат да сфатиме зошто и оние кои се верни сепак страдаат во овој живот?**

## ИСУС, НАШИОТ ПРИМЕР

Исус Христос, Божјиот Син, е единствениот кој го поминал својот живот како човек, во совршена послушност на Отецот – во совршена послушност на Божјиот закон. Тој тоа го правел не само за да биде наша Замена, што и бил, туку и да биде наш Пример, што исто така бил.

**Прочитајте ги следните текстови: Лука 2,51.52; Филипјаните 2,8; Евреите 5,8; Јован 8,28.29. Како тие нè потсетуваат на послушноста која Христос ја покажувал во текот на целиот свој живот?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Можеби Јован тоа најдобро го изразил кога го запишал следното: „Кој вели дека останува во Него, тој треба да оди, како што одеше Тој“ (1. Јованово 2,6). Кога ќе го задржиме својот поглед на Христовиот живот и Неговата служба на земјата, лесно забележуваме дека Тој му угодувал на Отецот со својата послушност. Христос го исполнил пророштвото и ги воздигнувал Божјите закони целиот свој живот.

Токму како што Бог му рекол на Мојсеја да го запише Неговиот закон за да биде сведок на Израел, Христос бил живо отелотворување на тој сведок на своите апостоли, учениците, грешниците и светите. Сега, наместо низа правила кои треба да ги следиме, ние го имаме примерот на Исус, човечко суштество од крв и месо, кој исто така треба да го следиме.

Како учители, кој подобар пример би можеле да им го понудиме на своите ученици од Исуса и Неговата послушност на Отецот.

„Онаа, таканаречена вера во Христа, која тврди дека го ослободува човекот од обврската да му биде послушен на Бога, не е вера туку дрскост. ’Зашто со милоста сте спасени, преку вера.’ Меѓутоа, ’верата, ако нема дела, мртва е сама по себе’ (Ефешаните 2,8; Јаков 2,17). Пред да дојде на земјата, Исус рекол за себе: ’Волјата твоја сакам да ја извршувам, Боже, и Законот твој јас длабоко во срцето го носам’ (Псалм 40,8). А непосредно, пред да замине на небото, објавил: ’Јас ги одржав заповедите на мојот Отец и останувам во неговата љубов’ (Јован 15,10). Писмото вели: ’По тоа знаеме дека го познаваме, ако ги вршиме неговите заповеди... Оној кој вели дека останува во него, треба да живее како што живееше Тој’ (1. Јованово 2,3.6)“ (*Патот кон Христа,* стр. 61 ориг.).

**Што можете да преземете за подобро да го следите Христовиот пример во сите области на својот живот, и со самото тоа да станете подобар учител на другите? Иако тоа веќе помалку стара, излитена фраза, зошто сепак она што го правиме – нашите дела – зборуваат толку погласно од нашите зборови?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Љубовта, темелот на создавањето и откупувањето, е темел и на правилното воспитување. Тоа јасно се открива во законот што Бог го дал како водич низ животот. Првата голема заповед гласи: ’Љуби го Господа, својот Бог со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сета своја сила и со сиот свој ум’ (Лука 10,27). Да го сакаме Него, Бескрајниот и Сезнајниот, со сета своја сила, со сиот свој ум и со сето свое срце, значи да достигнеме највисок развој на секоја способност. Тоа значи дека Божјата слика треба да биде обновена во целото битие – во телото, во умот, како и во душата.

Втората заповед е слична на првата: ’Љуби го ближниот свој како себеси!’ (Матеј 22,39) Законот на љубовта налага телото, умот и душата да ги посветиме во служба на Бога и своите ближни. Оваа служба, која ни овозможува да бидеме благослов за другите, и нам ни носи најголем благослов. Несебичноста е темел на секој вистински развиток. Со несебична служба ја развиваме секоја способност до највисока можна мера. На тој начин, ние сѐ повеќе и повеќе стануваме учесници во божествената природа. Подготвени сме за Небото, затоа што го примаме Небото во своето срце“ (Елена Вајт, *Восӣиҭување,* стр. 275 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како стариот Израел, и ние треба да го сакаме Бога и да се боиме од Него во исто време (Матеј 22,37; Откровение 14,7). Издвојте повеќе време за да разговарате во класата за тоа како можеме да го чувствуваме и едното и другото. Одговорете и на прашањето? Зошто тие две заповеди не противречат една на друга?**

**2. Каква е разликата меѓу поставувањето на стандардите и донесувањето на правила? Според вашето искуство, дали адвентизмот повеќе е заинтересиран за поставување на високи стандарди внатре во својата заедница на верници, или за донесување на правила кои ја обединуваат таа заедница? Што вели Светото писмо за поставувањето на високите стандарди за себе? За своето семејство? За својата црква?**

**3. Како постигнуваме вистинска рамнотежа во истакнувањето колку е важно да бидеме послушни на Божјиот закон, додека во исто време објаснуваме зошто таа послушност не е извор на нашето спасение?**

**4. Прочитајте го цел Псалм 119 и забележете колку пати се спомнуваат послушноста, слободата, законите, прописите и заповедите. Што всушност сака да ни соопшти псалмистот на таа тема?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 4**
**17 - 23 октомври 2020**

# ГОСПОДОВИТЕ ОЧИ– БИБЛИСКИОТ ПОГЛЕД НА СВЕТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Мудри изреки 15,3; За Јов 12,7-10; Ефешаните 6,12; Откровение 20,5.6; Јован 1,1-14; Марко 12,29-31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господовите очи се на секое место и ги набљудуваат и лошите и добрите“ (Мудри изреки 15,3).**

Полскиот поет Чеслав Милош напишал поема која почнува со опис на замислени животни: зајачиња што зборуваат, верверици што зборуваат, и слично. Тие имаат „толку многу заедничко со вистинските животни“, изјавил, „колку што има нашето поимање на светот со реалниот свет“. А потоа, на крајот на таа поема, напишал: „Размислувајте за тоа и трепeрете“.

„Треперете“, можеби е пресилен збор, но факт е дека многу од тоа што луѓето го мислат за овој свет може да биде сосема погрешно. На пример, во текот на речиси 2.000 години, најпаметните и најобразованите луѓе сметале дека земјата е неподвижна и дека се наоѓа во центарот на вселената. Денес, многу од најпаметните и најобразованите луѓе сметаат дека се човечки суштества што еволуирале од нешто што првично претставувало наједноставен облик на живот.

Како човечки суштества, ние никогаш не гледаме на светот од неутрална позиција. Ние го гледаме, секогаш и единствено, преку одреден филтер којшто влијае на нашето толкување и разбирање на светот околу нас. Тој филтер се вика „поглед на светот“, и е од пресудна важност своите млади, но и постарите членови на црквата, да ги учиме на библискиот поглед на светот.

# ГОСПОДОВИТЕ ОЧИ

Еден професор од Оксфорд своевремено теоретизирал дека ниту ние, ниту овој свет, ниту што било околу нас – вистински не постоиме. Ние, наводно, сме дигитални творби направени од страна на извесна раса вонземјани кои имаат супермоќни компјутери.

Иако тоа е интересна теорија, таа не дава одговор на клучното прашање: Каква е природата на реалноста?

Постојат два можни, многу воопштени одговори, иако само еден е рационален. Првиот е дека вселената и сè што во неа, вклучувајќи нè и нас – едноставно постои. Ништо не ја создало, ниту ја обликувало. Таа едноставно е тука. Тоа е просто гол факт. Нема Бог, нема богови, нема ништо божествено. Реалноста е чисто материјална, чисто природна. Како што некој рекол уште пред 2.500 години (тоа не е нова идеја), постојат само „атоми и празнина“. Другото гледиште подразбира дека вселената е создадена од некое божествено битие (или битија). Ова навистина звучи пологично, порационално и поразумно од идејата дека вселената едноставно постои без никакво објаснување за тоа. Ова гледиште го опраќа и природниот свет, светот на „атомите и празнината“, но не е ограничено на нив. Тоа упатува на реалност која е поширока, подлабока и посложена од атеистичко-материјалистичкиот одговор што толку често се слуша денес.

**Што имаат да ни кажат следните текстови за идеите што ги споменавме во денешната поука: Псалм 53,1; Мудри изреки 15;3; Јован 3,16; Исаија 45,21; Лука 1,26-35?**

---

Сржта на секое христијанско поучување не е само реалноста на Божјето постоење, туку и вистината за тоа каков е Тој Бог – личен Бог кој нè сака и комуницира со нас. Тој е Бог на чудата кој, иако ги користи природните закони, не е ограничен на нив и може да ги надмине кога тоа го сака (како во случајот со девственото зачнување на Исус). Изнесувањето на таквото гледиште е посебно важно во наше време, бидејќи толкав дел од интелектуалниот свет, тврдејќи (погрешно) дека науката тоа го поддржува, отворено и некритички го застапува атеистичкиот и натуралистичкиот поглед на светот.

**Размислете за тоа колку е тесен и ограничен атеистичкиот поглед на светот во споредба со библискиот поглед, кој (како што е претходно спомнато) го опфаќа природниот свет, но не е ограничен со него. Зошто, на крајот, библискиот поглед на светот, теистичкиот поглед на светот, е едноставно пологичен и порационален во однос на атеистичкиот?**

## ПРАШАЊЕТО НА ЛАЈБНИЦ

Пред многу години, германскиот писател и мислител по име Готфрид Вилхелм Лајбниц го поставил веројатно најосновното можно прашање: „Зошто постои нешто наместо да не постои ништо?“

**Како следните текстови одговараат на ова прашање на Лајбниц: 1. Мојсеева 1,1; Јован 1,1-4; 2. Мојсеева 20,8-11; Откровение 14,6.7; За Јов 12,7-10.**

---

Фасцинантно е како во Библијата, Божјето постоење едноставно се подразбира. Текстот 1. Мојсеева 1,1 не почнува со еден куп логички аргументи (иако постојат многу) во прилог на Божјето постоење. Тука, Неговото постоење едноставно се подразбира (видете и 2. Мојсеева 3,13.14), и од таа појдовна точка, Бог како Создател и сета вистина се откриваат на страниците на Библијата.

Исто така, учењето за создавањето претставува основа на секое христијанско образование. Сè она во што ние како христијани веруваме – баш сè – почива на учењето за шестдневното создавање. Библијата не започнува со изјави за помирувањето, законот, крстот, воскресението, ниту за Второто доаѓање.

Не, таа почнува со изјави за Бога како Создател, бидејќи ниедно од тие други учења не би имало никаква смисла независно од реалноста за Бога како Создател.

Затоа, да повториме – во рамките на библискиот поглед на светот мораме да ја нагласуваме важноста на учењето за создавањето. Ставањето акцент на тоа учење станува многу важно, бидејќи тоа денес се соочува со директен напад во име на науката. Учењето за еволуцијата – за милијарди години постепен развој на животот врз основа на случајност – речиси сосема ја уништило довербата во Библијата кај милиони луѓе. Тешко е да се замисли некое учење кое би било во поголема спротивност со Библијата и христијанската вера воопшто, отколку што е тоа теоријата на еволуцијата. Затоа, идејата дека еволуцијата може некако да се доведе во согласност со библиските учења за создавањето, е дури и полоша од атеистичкото сфаќање на еволуцијата. Тоа не може да се направи, барем не без потсмевање на Библијата и христијанската вера во целина.

**Бог нè повикува една седмина од својот живот, секоја седмица, да ја поминеме во сеќавање на шестдневното создавање, а тоа е нешто што Тој инаку не го бара кога е во прашање кое било друго учење. Што би требало тоа да ни каже за важноста која тоа учење ја има за христијанскиот поглед на светот?**

# БИБЛИСКИОТ ПОГЛЕД НА СВЕТ

Како што веќе наведовме во воведниот дел, никој од нас не го согледува светот од некоја неутрална позиција. На пример, атеистот го набљудува виножитото на небото и не гледа ништо друго освен еден природен феномен. Тоа за него нема никакво значење, освен она што луѓето одлучиле да му го дадат. За разлика од тоа, некој кој виножитото го набљудува од библиско гледиште, гледа не само природен феномен – прекршување на светлината низ водени капки, туку и потврда на Божјето ветување дека светот нема повторно да биде уништен од вода (1. Мојсеева 9,13-16). „Колкава Божја проникливост и колкаво сочувство кон заблудените созданија на неговите раце може да се види во поставувањето на сјајното и прекрасно виножито во облаците како знак на неговиот завет со нив!... Божја намера била на децата на идните поколенија, кога ќе запрашаат за значењето на величествениот лак кој се појавува на небото по дождот, нивните родители да им ја повторуваат историјата за потопот, нагласувајќи дека Севишниот го поставил виножитото во облаците како гаранција дека светот никогаш веќе нема да го потопи вода. Така, од поколение до поколение, тоа ќе биде постојан знак и сведок за божествената љубов кон луѓето и ќе ја засилува нивната доверба во Бога" (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 106 оригинал).

За адвентистите на седмиот ден, Библијата останува основен текст на кој се темели нашата вера. Таа застапува таков поглед на светот, „филтер" врз основа на кој треба да го гледаме и да го разбереме светот, кој инаку може да биде многу обесхрабрувачко и комплицирано место. Светото писмо создава образец што ни помага подобро да ја разбереме реалноста во која се наоѓаме и чиј дел сме, а која често знае да нѐ збуни.

**Кои вистини, содржани во следните текстови, можат да ни помогнат подобро да ја разбереме стварноста во којашто живееме: Ефешаните 6,12; Марко 13,7; Римјаните 5,8; 8,28; Проповедник 9,5; Откровение 20,5.6?**

---

Како адвентисти на седмиот ден мораме цврсто да се држиме до учењата на Библијата, бидејќи тоа е Божјата вистина откриена на луѓето, која ни објаснува многу во врска со овој свет, што инаку не би го знаеле ниту би го разбрале. Според тоа, целокупното христијанско образование мора да биде засновано и втемелено на Божјата Реч, а секое учење, кое е спротивно на неа, мора да се отфрли.

**Кои учења на Библијата противречат на другите верувања до кои луѓето се држат? Што би требало да нѐ научи таа разлика во врска со тоа колку е важно верно да се држиме за Божјата Реч?**

# ОБОЖАВАЊЕ НА СПАСИТЕЛОТ

Колку и да е учењето за создавањето клучно за нашата вера, тоа сепак не стои само за себе, особено во Новиот завет. Тоа често доаѓа придружено, дури и нераскинливо поврзано со учењето за спасението. А причината за тоа е што, искрено зборувајќи, во паднатиот свет на гревот и смртта, создавањето само по себе не е доволно. Живееме, се бориме, страдаме (сите ние) – и што тогаш? Умираме и на крајот не се разликуваме многу од животинските трупови оставени покрај патот.

Што има големо во тоа?

Сепак, го имаме и учење за спасението, кое исто така е клучно за нашиот поглед на светот – а тоа значи дека во центарот на сè она во што веруваме, го имаме Исуса Христа и тоа распнат и воскреснат.

**Прочитајте го текстот Јован 1,1-14. Што ни кажува за тоа кој бил Исус и што направил Тој за нас?**

___

___

Исто така, да ја погледнеме и пораката на првиот ангел: „И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ, и зборуваше со силен глас: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,6.7). Забележете дека „вечно Евангелие“ е директно поврзано со Бога како Создател. А кога ќе сфатиме дека Бог, кој нè создал, е истиот Оној кој во човечко тело ја презел врз себе казната за нашиот грев – не е чудо што сме повикани да Го обожаваме. Како поинаку воопшто и би можеле да одреагираме, кога ќе сфатиме каков е Бог навистина?

Од таа причина, Христос, и тоа распнатиот мора да остане центарот и срјжта на сè што учиме. Уште повеќе, ова учење мора да го опфати и Христовото второ доаѓање, бидејќи Неговото прво доаѓање, без второто, нам не би ни вредело многу, зар не? Би можеле слободно да тврдиме, врз основа на Писмото, дека Христовото прво и второ доаѓање претставуваат дел од една иста целина – планот на спасението.

**Позанимавајте се подетално со мислата изнесена во 1. глава на Евангелието според Јован – дека Бог, кој создал сè „што постана“ (Јован 1,3), всушност е истиот Оној кој умрел на крстот за нас. Затоа, зошто богослужението би требало да биде наша незадржлива природна реакција на сè што ни е откриено?**

# БОЖЈИОТ ЗАКОН

Во Франција, пред многу години, народот расправал за прашањето за смртната казна – дали треба да се укине или не? Оние кои се залагале за нејзино укинување го повикале познатиот француски писател и филозоф, Мишел Фуко, и го замолиле да напише статија во нивна полза. Меѓутоа, она за што тој во таа статија се заложил не било само укинување на смртната казна, туку и сите казнено поправни установи, и пуштање на слобода на сите затвореници.

Зошто? Затоа што, за Мишел Фукоа, сите морални стандарди се само човечка конструкција, идеја што ја спроведуваат луѓето на власт за да ги контролираат масите. Затоа, според него, тие морални прописи немаат никаков вистински легимитет.

Колку и да е екстремен неговиот став, она што овде го гледаме е логична последица на проблемот, кој всушност и не е така нов. Мојсеј се занимавал со тој проблем во древниот Израел пред неколку илјади години. „Таму не треба да правите сè онака, како што сега овде го правиме, – секој, како што му се чини дека е добро“ (5. Мојсеева 12,8; види и Судии 17,6; Мудри изреки 12,15).

Меѓутоа, ако не треба да го правиме она што е правилно само во нашите очи – т. е, ако ние самите не сме доволно праведни, свети и објективни за да знаеме што е правилен морал  – како тогаш да знаеме што треба да правиме? Одговорот гласи, секако, дека Господ кој нас нè создал ни дал и морален кодекс по кој треба да живееме. Можеби нашите очи не можат да го проценат она што е исправно, но Господ секако може.

**Што можеме да научиме од следните текстови во врска со моралното однесување: 5. Мојсеева 6,5; Марко 12,29-31; Откровение 14,12?**

---

Ако сакаме спасението да биде во фокусот на нашиот христијански поглед на светот, тогаш (како што видовме минатата седмица) тоа мора да биде и Божјиот закон, Десетте заповеди. Всушност, од што сме спасени, ако не од гревот, што всушност претставува прекршување на законот (Римјаните 3,20)? Одвоено од Божјиот закон, евангелието нема смисла, и единствено по тоа знаеме дека и понатаму сме обврзани да го држиме законот, иако не може да нè спаси. (Затоа нам ни е потребно евангелието).

Според тоа, целокупното воспитание и образование на адвентистите на седмиот ден мора да го нагласува она што Елена Вајт го нарекла „вечноста на Божјиот закон“ (видете *Големата борба*, стр. 63 оригинал), што ја опфаќа и саботата. Ако воспитувањето треба да придонесе Божјиот лик, колку што е можно, да се обнови во нас во овој живот, тогаш, дури и на најосновното ниво, Божјиот закон мора да се држи – во светлината на Христовиот пример, како морален кодекс кој ни покажува што е навистина правилно во Божјите очи.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Вистинска цел на воспитувањето е во човековата душа да се обнови Божјиот лик“ – (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 595 оригинал).

Имајќи ја на ум оваа мисла, можеме да видиме зошто целосниот христијански поглед на светот е од суштинска важност за адвентистичкото образование. И конечно, како што претходно забележавме, образованието само по себе не е нужно добро. Луѓето можат да бидат образовани, дури и високо образовани, а сепак да застапуваат идеи и ставови спротивни на начелата што ги наоѓаме во Библијата. Поради тоа, нашиот образовен систем, како адвентисти на седмиот ден, мора да се заснова на христијанскиот поглед на светот. Тогаш тоа значи дека сите области на образованието во општа смисла, науката, историјата, моралот, културата и сѐ останато, треба да се изучува од таа перспектива, наместо од онаа која ѝ противречи, или едноставно ја игнорира. Освен тоа, како што и порано рековме, но е добро да повториме – не постои неутрална перспектива. Целокупниот живот, целокупната реалност се согледува преку филтрите  на нашиот поглед на светот, без разлика дали таквиот поглед е внимателно и систематично промислен или не. Затоа, од клучна важност е библискиот поглед на светот да биде основа на целокупното воспитание и образование на адвентистите на седмиот ден.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **На кои примери од историјата можете да се сетите кога целокупниот систем на образование бил (или сѐ уште е) многу деструктивен? Каде сето тоа се случувало, за што тие луѓе биле поучувани и што можеме да научиме врз основа на тие примери? Како да го заштитиме својот образовен систем од тие деструктивни влијанија?**
2. **Оваа седмица разгледавме некои од клучните елементи на христијанскиот поглед на светот – Божјето постоење, создавањето, Библијата, планот за спасение и Божјиот закон. Кои други уште поважни елементи би требало да бидат опфатени со секоја целосна формулација на христијанскиот поглед на светот?**
3. **Еден мислител од осумнаесеттиот век го запишал следното: „О, совест! Совест! Ти, која си божествен инстинкт, верен водач на неукото и ограничено, иако интелигентно и слободно битие – ти си непогрешлив судија за доброто и злото, кој прави човек да се потсетува на Божеството“. Што е правилно, а што погрешно во тој став?**
4. **Да ја разгледаме повторно следната изјава на Елена Вајт: „Вистинска цел на воспитувањето е во човековата душа да се обнови Божјиот лик“. Што значи тоа? Во која смисла тоа ни покажува зошто адвентистичкото образование, во многу нешта, мора толку да се разликува од начинот на кој овој свет гледа на образованието?**

**Поука 5**
**24 - 30 октомври 2020**

# ИСУС КАКО ВРХОВЕН УЧИТЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 1,1-4; 2. Коринќаните 4,1-6; Јован 1,14.18; 14,1-14; Филипјаните 2,1-11; 2. Коринќаните 5,16-21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Бог, Кој некогаш заповеда од ’темнината да изгрее светлина’, Тој ги озари срцата наши за да биде познанието на славата Божја во лицето на Исус Христос светло“ (2. Коринќаните 4,6).**

Били Греем зборува за настан што го доживеал кога ги посетил војниците во една теренска болница заедно со нивниот генерал. Еден млад војник „бил толку тешко ранет што лежел со лицето надолу на лежалката направена од платно и метал“. Лекарот му шепнал на Греем: „Се сомневам дека некогаш ќе може да оди“. Тој војник го замолил генералот: „Господине, ... се борев за вас, но никогаш не сум ве видел. Може ли да го видам лицето“? Генералот се спуштил на земјата, се протнал под лежалката и разговарал со војникот. Додека Греем ги гледал, една солза од војникот паднала врз образот на генералот.

Во моментот на Исусовото раѓање, човештвото било тешко рането и крвавело, во очајна потреба за исцелувачката визија на Бога. Како да преколнувало: „О, Боже, можеме ли да Ти го видиме лицето?“ Испраќајќи го својот Син на оваа планета, Отецот го испратил врховниот Учител со задача – да му го покаже на човештвото Своето лице. Од тогаш, ние имаме чудесно предимство да го посматраме „познанието на славата Божја во лицето на Исус Христос“ (2. Коринќаните 4,6).

Додека гледаме како овој врховен Учител се спушта на земјата, што можеме да научиме од Него?

## ОТКРИВАЊЕ НА ОТЕЦОТ

**Кои се најважните подробности за Исус што ги изнесува апостолот на почетокот од посланието до Евреите (Евреите 1,1-4)?**

___

Новозаветните автори во повеќе наврати ставаат акцент на една значајна мисла: Исус доаѓа на земјата да им покаже на луѓето кој е Отецот. Во минатите времиња, Бог се откривал делумно преку пророците. Меѓутоа, во Исуса добивме конечно и потполно откровение на Бога.

Освен тоа, Исус во својата личност е „одблесок на Божјата слава“ (Евреите 1,3). Како грешни луѓе, ние не би можеле да го издржиме полниот пристап до Божјата слава, но, како отелотворен Син, Исус е верен одраз на таа слава. Сепак, во Христовата човечка природа таа е придушена, така што можеме да го гледаме и јасно да го разбереме Божјиот карактер.

Исто така, Исус е и „отпечаток на Неговата суштина“ (Евреите 1,3). Изразот што е тука употребен, грчкиот збор *charactēr*, понекогаш се користел за да го опише отпечатокот што го остава печатот врз восокот или ликот втиснат на кована пара. Според тоа, Исус е точен „отпечаток на Неговата (Божјата) суштина“ (Евреите 1,3).

Ако сакаме да го запознаеме Отецот, мораме внимателно да слушаме што ни зборува врховниот Учител за Него. А мораме и да го посматраме тој врховен Учител. Бидејќи, Отецот се огледува во Синот.

**Споредете Евреите 1,1-4 со 2. Коринќаните 4,1-6. Според 2. Коринќаните 4,1-6, кој е Исус и што можеме да научиме од Него?**

___

Додека ги поучувале луѓето за Бога, Павле и неговите сонародници настојувале верно да ја одразуваат Исусовата учителска служба. Како „слика на (невидливиот) Бог“ (2. Коринќаните 4,4), Исус ни донел сознание за Бог Отецот. Така и Павле избегнува измами и извртување на Божјата Реч, и наместо тоа, јасно ја изнесува вистината (2. Коринќаните 4,2).

Како што Бог, при создавањето, ја употребил светлината за да ја развее темнината, така и нам ни го дал својот Син, Исус, да ја растера погрешната претстава за Бога и да ни ја покаже вистината за Него. Токму, во „лицето на Исус Христос“, ние стекнуваме најјасно сознание за Бога (2. Коринќаните 4,6).

**Исус бил верен одраз на својот Татко, а и ние сме повикани тоа да бидеме, како што ни е речено: „И така, угледајте се на Бога, како чеда возљубени“ (Ефешаните 5,1). Што значи тоа, и што можеме научиме од Исуса за тоа како да бидеме Божји „имитатори“?**

## ОТКРИВАЊЕ НА ОТЕЦОТ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во поттикнувачкиот увод на своето Евангелие (Јован 1,1-18), Јован го опишува Исуса како вечна „Реч“. Јовановите тврдења за Исус не се бојазливи и ограничени, туку смели и со космички размери. Исус постоел пред да биде создаден светот – од вечноста. Всушност, Исус е извршител на создавањето (Јован 1,2.3). Тој е „светлина на луѓето“ (Јован 1,4), и, како Реч која дошла на светот, Тој „го осветлува секој човек“ (Јован 1,9).

**Според Јован, што се случило како резултат на тоа што Христос станал човечко битие? Каква светлина донел Тој како Реч? Кои квалификации ги поседува Тој за да го стори тоа (Јован 1,14.18)?**

---

„Светлината се појавила тогаш кога темнината во светот била најгуста...

За човечкиот род постоела само една надеж... да се објави знаењето за Бога во светот.

Христос дошол да го обнови тоа знаење. Тој дошол да го побие лажното учење, со кое оние што тврделе дека го познаваат, погрешно го претставувале Бога. Тој дошол да ја објави природата на својот Закон, да ја прикаже убавината на светоста со својот сопствен карактер“ (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 74-76 ориг.).

Сè што правел Исус во својот живот на земјата, имало само една единствена цел: „Да се открие Бог за да се издигне човештвото“ (*Воспитување*, стр. 85 оригинал).

**Сам Исус вели: „Кој Ме видел Мене, го видел Отецот“ (Јован 14,9). Врз основа на што Исус изнесува вакво тврдење? Зошто Тој го прави тоа? Види Јован 14,1-14.**

---

Можеме да дојдеме во искушение да ја критикуваме непромислената изјава на Филип (Јован 14,8), бидејќи по повеќегодишното блиско заедништво со Исуса, тој сè уште не ја сфаќал суштината на отелотворувањето – фактот дека Исус дошол да го покаже карактерот на Отецот. Можеби денешните учители можат да најдат извесна утеха во тоа што еден од учениците на врховниот Учител направил една таква грешка! Меѓутоа, изјавата на Филип е веројатно забележана – не за да ни пружи причина за критикување, туку прилика за да се преиспитаме себеси. Колку долго веќе ние одиме со Исуса? И дали да Го разбираме подобро од отколку што Филип го разбрал? „Кој Ме видел Мене, Го видел Отецот.“

## ЧИТАЊЕТО МИСЛИ НА ВРВНИОТ УЧИТЕЛ

**Какви грижи го измачувале срцето на Павле во врска со заедницата во Филипи додека им го пишувал своето послание? Види: Филипјаните 2,1-4; Филипјаните 4,2.3.**

---

Текстот Филипјаните 2,1-11 претставува една од најдлабоките пораки во целата Библија. Тој зборува за Христовото претпостоење, за Неговото божество, отелотворување, за Неговата човечка природа и за прифаќањето на смртта на крстот. Тој го опишува долгиот, тежок и стрмен пат по кој Исус се спуштил од Небото до Голгота (Филипјаните 2,5-8). Но, тука е опишано и како Отецот го воздигнува Исуса на положба на сеопшто обожавање (Филипјаните 2,9-11). Тие стихови содржат мноштво восхитувачки вистини.

**Како Павле го започнува текстот Филипјаните 2,5-11? Од сите настани од Исусовиот живот што тој тука ги велича, за кои, според ваше мислење, Павле очекува да се огледаат во личниот живот на верникот? Види Филипјаните 2,6-11.**

---

Павле се надева дека верниците во Филипи, кои биле склони кон препирки, ќе научат нешто од Исуса и од Неговото отелотворување. Ако Исус можел да го прифати човечкиот лик – „земајќи лик на слуга се изедначи со луѓето и по изглед се покажа како човек“ (Филипјаните 2,7) – па дури и да се подложи на распнување, колку повеќе тие би требало да се потчинуваат едни на други од љубов?

Тие текстови нè потсетуваат дека има многу нешта што треба да ги научиме од врховниот Учител, Исус. Ние учиме од пораките што Тој ги изнесувал во текот на својата овоземна служба. Учиме врз основа на чудата што Тој ги правел и од начините на кои постапувал кон другите. Можеме да се обидеме и да ги средиме своите односи со другите по углед на Неговата голема сомилост и подготвеност славата на небото да ја замени за обични јасли (каква поука за нас!).

Наспроти ова, светот премногу често нè повикува да се величаме себеси, да се фалиме со сопствените достигнувања. Меѓутоа, од јаслите во Витлеем и од врховниот Учител учиме нешто друго – Божјето големо дело на воспитување и спасение не се остварува со величање на себеси, туку со понизност пред Бога и прифаќање да станеме слуги на другите.

**Со каква ситуација се соочувате можеби токму сега, а која би можела да ви пружи одлична прилика, понизувајќи се себеси, да бидете Христов одраз пред другите?**

# ВРВНИОТ УЧИТЕЛ И ПОМИРУВАЊЕТО

Човечките односи премногу често се прекинуваат. Ние се отуѓуваме едни од други. Личноста што некогаш ни била близок пријател, со време станува некој во кого повеќе немаме доверба. Меѓутоа, таквиот прекинат однос може да се поправи, и кога сето тоа ќе се случи, го доживуваме чудото на помирување. Многу малку човечки искуства се толку пријатни.

**Во која смисла помирувањето лежи во срцевината на Христовото отелотворување и Неговата улога на врховен Учител? Види 2. Коринќаните 5,16-21.**

---

Ако се чувствуваме блажени кога ќе се обнови некој наш однос со друго човечко битие, како ли би требало да се чувствуваме поради сознанието дека сме помирени со Бога? Во 2. Коринќаните 5,16-21, Павле јасно кажува кој го врши помирувањето – Бог Отецот ја презел иницијативата во поправањето на нашиот нарушен однос со Него, и тоа дело на помирување го остварил „преку Исуса Христа“ (2. Коринќаните 5,18). „Зашто Бог го измири светот со Себе преку Христос“ (2. Коринќаните 5,19).

И повторно, ние не треба да бидеме само пасивни уживатели на радоста на помирувањето. Треба да учиме од врховниот Учител. Со своето отелотворување Исус зел активно учество во делото на помирување. А, ние сме повикани да земеме учество во тоа. Бог нѐ помирил со себе преку Христа. И нам сега, како и на Павле, доверена ни е „службата на измирувањето“ (2. Коринќаните 5,18).

Колошаните 1,15-20 претставува уште еден од извонредните новозаветни текстови во врска со Христовото отелотворување. Често пати сметан за химна, првиот дел од текстот зборува за Христовата улога во создавањето (Колошаните 1,15-17), додека другиот дел е сосредоточен на Христовата улога во откупувањето (Колошаните 1,18-20). Преку Христовата улога како Создател – Откупител, Бог помирил сѐ со себе. Делото на помирување коешто Бог го остварува преку Христа, има космички размери, и влијае на „сѐ што е на земјата или на небото“ (Колошаните 1,20).

Иако никогаш не би успеале да ги досегнеме космичките размери на делото на помирување на врховниот Учител, сепак сме повикани во „службата на помирување“ да земеме учество во рамките на нашата сфера на влијание (2. Коринќаните 5,18). Дали тоа би можело да биде она што Исус го мислел кога се молел: „Како што Ти Ме испрати Мене во светот, така и Јас ги испратив во светот“ (Јован 17,18)?

**На кои практични начини можеме да ја имитираме Божјата улога на помирување? Односно, во кои ситуации во овој момент (ако има такви), можеме да им помогнеме на луѓето да се помират едни со други?**

## ПРВИТЕ УЧЕНИЦИ НА ВРХОВНИОТ УЧИТЕЛ

Во еден момент, тоа била група на обични пастири која се грижела за одредено стадо овци надвор од еден мал град. Во следниот момент, тие биле сведоци на величествена појава – ангели кои носат восхитувачка и чудесна вест која ќе го придвижи светот. Поттикнати од таа глетка, тие го побарале детето чиешто доаѓање го најавиле ангелите.

**Замислете дека стоите заедно со тие пастири и гледате втренчено во јаслите. Што би виделе? Прочитајте го текстот Лука 2,8-20.**

___

Мораме да се одушевуваме на првите ученици на врвниот Учител – Јосиф, Марија и пастирите. Скромните услови на Исусовото раѓање не давале ниту еден знак дека е во прашање чудото на отелотворување – дека во личноста на тоа Дете, Бог станал Едно со човештвото. Меѓутоа, со помош на визиите, соновите и ангелите, овие Негови први ученици биле оспособени да гледаат подалеку од она што од надвор можело да се види за време на Исусовото раѓање. Пастирите го објавиле идентитетот на тоа новороденче – дека Тој е „Спасител, кој е Христос Господ“ (Лука 2,11; спореди со текстот Лука 2,17).

**Како мудреците реагирале на веста за Исусовото раѓање? Како реагирал Ирод? Види Матеј 2,1-12.**

___

Уште пред да ја изговори својата прва парабола и да го направи своето прво чудо, врвниот Учител бил достоен на нашето обожавање поради самиот факт кој бил Тој. За да можеме во потполност да ја цениме Исусовата подоцнежна учителска служба, мораме да им се придружиме на тие први ученици – мудреците во нивното обожавање на врвниот Учител. Бидејќи, Оној на чии учења се восхитуваме е нешто повеќе од мудар просветител. Тој е Бог кој дошол да престојува со луѓето. Христијанското образование е вкоренето во обожавањето на Христа.

Заедно со мудреците, пастирите и ангелите и ние сме повикани да го обожаваме Христа, новороденииот Цар – и во бебето Исус да ја согледаме реалноста на самиот Бог.

**Размислете за тоа што значи Исусовото отелотворување, кога станува збор за Божјиот карактер. Создателот на целата вселена, која е преголема за да успееме да ја сфатиме – тој Бог „се понизил себеси“ доаѓајќи меѓу луѓето, живеел така како што Исус живеел, а потоа умрел на крстот, преземајќи ја врз себе казната за нашите гревови. Зошто тоа е толку добра вест?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата под наслов „Учител дојден од Бога“, во книгата *Воспитување* од Елена Вајт.

„Секое вистинско воспитно дело има свое средиште во Учителот испратен од Бога. За ова дело во наше време, како и за делото што Тој го основал пред 18 векови, Спасителот зборува со следните зборови – ’Јас сум Првиот и Последниот и Живиот.’ ’Јас сум Алфа и Омега, Почетокот и Свршетокот’ (Откровение 1,17.18; 21,6).

Во присуство на таков Учител, на таква можност да се здобиеме со божествено воспитување, зар не е повеќе од бесмислено да се бара воспитување надвор од него – да се стремиме кон мудрост надвор од Мудроста; кон вистина отфрлувајќи ја Вистината; кон просветлување надвор од Светлината; кон живеење без Животот; да се одвратиме од Изворот на жива вода и да си копаме издупчени бунари кои не можат да држат вода. Ете, Тој и сега нѐ повикува: ’Кој е жеден нека дојде при мене да пие! Кој верува во мене, од неговата утроба, како што е речено во Писмото, ќе потечат реки од жива вода’, ’таа во него ќе стане извор на вода што тече во живот вечен’ (Јован 7,37,38; 4,14)“ (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 83 оригинал).

„Драг учителу,...

За најдобро да се подготвиш за својата работа, те упатувам на зборовите, животот и методите на Кнезот на учителите. Те повикувам да размислуваш за него. Тој е твојот вистински идеал. Набљудувај го, размислувај за Него сѐ додека Духот на божествениот Учител не завладее со твоето срце и животот.

Ако „ја одразуваме Господовата слава“, и ние се „преобразуваме во истиот лик“ (2. Коринќаните 3,18).

Тоа е тајната на твоето влијание врз учениците. Одразувај го Него!“ (*Воспитување*, стр. 282 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кои вредности и постапки се посебно важни за христијанските учители и ученици, кои сериозно ја сфаќаат идејата да учат од отелотворениот врховен Учител?**
2. **Христијанските родители и учители треба да достигнат високо мерило – да го одразуваат Божјиот карактер каков што е откриен со Исусовото отелотворување. Што би требало да правиме кога нема да успееме да го досегнеме ова високо мерило.**
3. **Во класата разговарајте за прашањето поставено при крајот на отсекот за четврток. Што можеме да научиме од Христовото раѓање, живот и смрт во врска со Божјиот карактер? Зошто тоа треба да биде толку утешно за нас, особено во мигови на големи искушенија?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 6**
**Од 31 октомври до 6 ноември 2020**

# НЕОГРАНИЧЕНИ МОЖНОСТИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 3,1-11; Римјаните 5,11-19; 1. Мојсеева 28,10-17; Јован 1,1-14; Матеј 15,21-28; Марко 10,46-52.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Исус му рече: ’Оди си, верата твоја те спаси!’ И тој веднаш прогледа, па тргна патем по Исус“ (Марко 10,52).**

Има ли некој меѓу нас што никогаш не се посрамотил од самиот себеси? Кој од нас не направил нешто за што му е болно и да размислува, и поради што би се почувствувале ужасно при помислата дека другите би можеле да дознаат за тоа? Најверојатно, сите сме го доживеале тоа, зар не?

Замислете како им било на Адама и Ева откако го изеле плодот од забранетото дрво. Или на Јакова, кога го измамил својот татко за да стекне предимство во однос на својот постар брат, и подоцна, кога морал да бега од гневот на брата си. Како воопшто можел и да спие во текот на ноќта? А, замислете си да сте онаа жена која била фатена во самиот чин на прељуба (Јован 8,4). И Давид доживеал нешто слично, а 32. псалм претставува восхитувачки израз и признание на она што до тогаш го чувствувал.

Секако, тоа е една од причините што евангелието има сеопшто значење и што Христос умрел за целото човештво. Какви и да се нашите разлики, несомнено постои нешто што нè поврзува – нашата сеопшта грешност.

Оттука, вистинското христијанско воспитание и образование мора да нè упати на единственото решение за нашата доста мрачна состојба. Оваа седмица поблизу ќе го погледнеме нашето единствено решение – нашиот врховен Учител.

## НАМЕСТО КРИЕЊЕ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,1-11. Зошто Бог би го прашал Адама: „Каде си“?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во сторијата за падот вообичаено е забранетиот плод да се опишува како јаболко, но текстот не зборува така. Тоа едноставно било „родот на она дрво“ (1. Мојсеева 3,3). Видот на плодот не е битен. Јадењето од тоа дрво било забрането, бидејќи тоа дрво претставувало нешто. Тоа претставувало искушение Бог да се тргне на страна и да се каже: „Јас можам да си бидам мерило сам за себе. Јас можам да си бидам свој личен Бог. Јас имам авторитет над Божјата Реч.“

Но, кога змијата ги навела Адама и Ева да јадат од плодот на тоа дрво, нивниот живот, сосема извесно, скршнал од патеката. И тогаш, кога почувствувале дека Бог е во близина, се обиделе да се скријат „меѓу рајските дрвја“ (1. Мојсеева 3,8).

Колку е необично тоа што Бог го прашал Адама: „Каде си“? Бог веќе сигурно знаел каде е тој. Можеби Господ го поставил тоа прашање за да им помогне на Адама и Ева да сфатат што всушност прават – се кријат – како резултат на она што го направиле. Односно, им помагал да ги увидат тажните последици на својата постапка.

**Прочитајте го текстот Римјаните 5,11-19, во кој Павле, во повеќе наврати, директно го поврзува она што Адам и Ева го направиле во Едем со она што Исус го направил на крстот. Што ни кажува тоа во прилог на фактот дека Исус дошол да го поништи она што Адам го направил?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Би можело да се каже дека планот на спасението е Божји одговор на реакцијата на Адама и Ева. Тие се криеле од Бога со чувство на срам и вина поради својот грев, а Тој дошол да ги избави. И ние, на некој свој начин, сме го сториле истото, но Исус дошол да нè спаси. Затоа прашањето: „Каде си?“ би можело и нам да ни биде поставено. Односно, каде ние се наоѓаме, со нашата вина и грев, во однос на Исуса, и што направил Тој за да нè спаси од сето тоа?

**Што и да се подразбира под христијанско образование, зошто тоа неминовно мора да го опфати, па дури и да го нагласи фактот дека криењето од Бога е нашата природна состојба, а потоа да нè упати на Исуса како единствено решение?**

## ВО БЕГСТВО

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 28,10-17. Каков е контекстот на овој извештај и што нѐ учи во врска со Божјата благодат кон оние, кои во извесна смисла се наоѓаат во бегство од своите гревови?**

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

Во однос на сите останати членови на своето семејство, Јаков, со помош на својата мајка, извршил сурова измама – и сега плаќал за тоа. Брат му му испраќал насилнички закани, и тој станал бегалец, упатувајќи се кон Харан – местото каде што живеел неговиот вујко. Сѐ во тој момент било неизвесно и застрашувачко.

Еден ден, Јаков пешачел до зајдисонце, а потоа паднал мрак. Се нашол среде пустелија, а небото му бил единствениот кров над главата. Употребувајќи камен наместо перница, потонал во сон. Но, тапата несвесност на сонот наскоро била прекината. Тогаш му доаѓа познатиот сон и тој гледа скали – кои ја допираат земјата а се издигнуваат сѐ до небото. Ангелите се искачуваат и се спуштаат по нив.

Потоа слуша глас кој вели: „Јас сум Господ Бог Аврамов.“ Гласот тогаш почнува да ги повторува ветувањата што му се добро познати на Јакова од неговото семејно предание. Твоето потомство ќе биде бројно. Тие ќе бидат благослов на сите семејства на земјата. „И еве, Јас сум со тебе, и ќе те чувам насекаде каде и да појдеш... и нема да те оставам сѐ додека не го извршам она што сум ти рекол“ (1. Мојсеева 28,15).

Многу подоцна, Елена Вајт пишува дека и Павле, „тој верен човек, ги видел скалите од визијата на Јакова – приказот на Христа кој повторно ја поврзал земјата со небото и смртниот човек со вечниот Бог. Неговата вера ја засилувала помислата на патријарсите и пророците кои се надевале на Оној кој бил и негова поткрепа и утеха, за кого тој бил подготвен да го положи и својот живот“ (Делата на апостолите, стр. 512 ориг.).

Јаков се буди и сам за себе си вели: „Сигурно е Господ на ова место; а јас не знаев!“ (1. Мојсеева 28,16) Тоа што се случило било „страшно“. Тој никогаш нема да го заборави тоа место и затоа му дава име. И тогаш се заколнува на доживотна верност на Бога.

**Што дознаваме врз основа на оваа сторија за тоа како Бог, во Христа, настојува да допре до нас и покрај нашите гревови? И повторно, зошто христијанското образование мора да го има во прв план тој принцип во своето учење?**

## РАВИ ИСУС

Од сите глави во Новиот завет, ниедно нема толку славен увод како следната: „Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога и Словото беше Бог“ (Јован 1,1). Тоа наскоро нѐ доведува до незаборавниот стих: „И Словото стана тело и се всели меѓу нас, полно со благодат и вистина“ (Јован 1,14).

**Прочитајте го текстот Јован 1,1-4. Што ни кажуваат тие стихови за тоа кој бил Исус и што работел Тој овде? Што ни зборува тоа за Исуса како прекрасен пример на учителите?**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

Истиот Бог, кој разговарал со Адама и Ева во градината и со Јакова среде пустелија, сега се појавил како личност. Бог, како што вели Новиот завет, се отелотворил во Исуса Христа. Преку Исуса, можеме да ја запознаеме Божјата волја и Божјите патишта, бидејќи Исус е Бог.

Оваа глава продолжува со извештајот за Јован Крстител, кој исто така бил толку убедлив проповедник што дури и верските водачи од Ерусалим забележале дека тој може да е некој посебен. Но, тој само го подготвувал патот за некој поголем од себе. Некој посебен требало да се појави, кому тој, Јован Крстител, не му бил достоен да Му ги одврзе „ремењата од обувките Негови“ (Јован 1,27).

Следниот ден Јован го здогледал Исуса и изјавил дека Тој е „Синот Божји“. Тој ден, а и утредента, Исуса го нарекол „јагнето Божјо“.

Освен тоа, двајцата следбеници на Јован Крстител одлучиле и сами да го следат Исуса. А кога Исус ги прашал што бараат, тие го нарекле „Рави“ (што во превод значи учител) (види Јован 1,38).

Според тоа Исус е рабин, учител, но никогаш не постоел учител како Него, бидејќи, како што рековме, Тој е Бог. Со други зборови, Бог слегол меѓу луѓето во вид на човечко битие, и како таков, Тој дејствувал како рабин – учител. Не е ни чудо што Елена Вајт вели дека Исус бил „најголемиот учител што светот некогаш го видел“ (Signs of the Times, June 10, 1886). Впрочем, тој Учител е Бог.

**Со оглед на тоа кој бил Исус, зошто е логично од Него да учиме како на другите да им зборуваме за духовните вистини? Што можеме да научиме од Исуса, кога станува збор за тоа дека во поучувањето не е важно само она што го зборуваме, туку и она што го правиме?**

# ОДГОВОРОТ НА ЖЕНАТА

Исус е врховен учител. Божјиот вистински карактер произлегува од Неговите учења, како и од Неговиот живот. Тоа дава уште поголемо значење на една приказна од Евангелието, бидејќи таа покажува дека Исус, кога некој Му одговара – навистина слуша.

**Прочитајте го извештајот за Исусовата средба со жената незнабошка („Хананејка“), од подрачјето на Тир и Сидон (Матеј 15,21-28; Марко 7,24-30). Забележете дека мажите во Исусовото опкружување биле доста нетрпеливи со неа, а се чинело дека дури и Исус ја отфрла. Што мислите за храброста на жената? Што ни открива овој извештај за тоа како самиот Исус ги поучувал другите?**

____________________________________________________________

Исус се наоѓал во близина на Тир и Сидон. Преминал во место во кое имало многу странци и каде етничките тензии биле посебно заострени. Жителите на градовите во кои се зборувало на грчки, од висина гледале на еврејските земјоделци од внатрешноста, а еврејските земјоделци, за возврат, гледале од висина на нив.

Кратко време пред тоа, Ирод, марионетскиот владетел на Галилеја, од Исусовата матична територија, го погубил Јована Крстителот. А Јован бил човек чија визија Исус наголемо ја делел, и тоа погубување изгледало злокобно. Исус во својата мисија почнал да се соочува со непосредна опасност.

Чувствувајќи напнатост, Исус влегол во една куќа, надевајќи се, како што вели Марко во својот извештај, дека никој нема да дознае оти Тој е тука (Марко 7,24). Но, оваа жена Го пронашла.

Во културата на тоа место и време, жената немала право да се истакнува. Таа жена, дури и припаѓала на култура и етничка група за која Евреите немале многу време, што неа ја доведувало во уште неповолна положба. Но, ќерката на жената била болна. Таа сакала помош и истрајала во своите барања. Исус ја одбил. „Не е добро да се земе лебот од децата и да се фрли на кучињата“, изјавил Тој (Матеј 15,26). Ваквата забелешка навистина би можела да ги повреди нејзините чувства. Но, тогаш се случило нешто извонредно. Жената одговорила. Знаела нешто за кучињата – за разлика од Евреите, кои и не ги сакале многу за домашни миленичиња – и затоа рекла: „Да, Господи, но и кучињата јадат од трошките што паѓаат од трпезата на нивните господари“ (Матеј 15,27).

Нејзината забелешка променила сè. Било неодоливо. И Исус го излечил нејзиното дете.

**„Нека ти биде по желбата твоја“ (Матеј 15,28). Како ние ги разбираме овие зборови? Како реагираме кога работите не се одвиваат онака како што ние би сакале?**

## УЧЕНИКОТ КОЈ РАЗБИРА

Исус и Неговите следбеници тргнале кон Ерусалим. Како што Ирод бил загрижен поради Јован Крстителот, сега властите, вклучувајќи го и Ирода, биле загрижени поради Исуса. Меѓу Неговите следбеници имало сиромашни и други ранливи луѓе, кои очајно се надевале на промена.

Исус повеќе од сѐ сакал на светот да му донесе надеж. Но сега веќе бил сигурен дека тие, кои ја имаат најголемата моќ и привилегија, ќе направат сѐ што можат за да ја оневозможат Неговата мисија. Тие не сакале Тој да успее.

Што се однесува до внатрешниот круг на Исусовите ученици, дванаесеттемина, изгледало дека тие длабоко копнееле да бидат на Исусова страна. Но, во исто време, изгледало дека се збунети – па дури и слепи. На пример, во текстот Марко 8,31-33, Исус ги повикува своите ученици да видат нешто што ним им било тешко да го видат. Всушност, тие во многу нешта сѐ уште биле духовно слепи за она што навистина било важно (видете Марко 8,37).

Сето тоа се наоѓало во задницата на Исусовата средба со некој кој навистина видел.

**Прочитајте го извештајот за Исус и исцелувањето на Вартимеј, слепиот просјак (Види Марко 10,46-52). Забележете ја големата милост што ја покажува Исус овде. Сега размислете за тоа како желбата да прогледа, го довела слепиот човек до одлуката да го следи Исуса на патот за Ерусалим. Дали мислите дека Марко можеби сакал да ја истакне спротивноста меѓу Вартимеја и останатите ученици? Каква светлина фрла овој запис врз прашањето што за вас значи да се ѕвиете на врвниот Учител?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Вартимеј сакал да ги види локните на косата на бебето и бојата на пченицата при жетва. Но, гледањето опфаќа и нешто повеќе од она што е само физичко. Таа приказна, со други зборови, говори за духовниот вид. Тука станува збор за разбирањето – за увидувањето на она за што врховниот Учител навистина зборува. Физичкиот вид е едно. Тој е важен и Исус тоа го знае. Но, Тој исто така знае дека најдлабока желба на секој човек е да има нов и подобар живот.

**Прочитајте го текстот Евреите 5,12-14. Што можеме да научиме од овие стихови за вистинското образование?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Вистински Христови следбеници“ од книгата на Елена Вајт Патот кон Христа.

Елена Вајт ни кажува (меѓу останатото) дека тогаш кога ќе се ѕвиеме на врховниот Учител, тогаш „копнееме да го носиме неговиот лик, да дишеме со неговиот дух, да ја исполнуваме неговата волја, да му угодиме нему во сè“ (*Патот кон Христа*, стр. 58 оригинал). Во друштво со Исуса Христа, вели таа, „должноста станува уживање“ (*Патот кон Христа*, стр. 58 оригинал). Сега, во Библијата консултирајте го текстот Матеј 5–7. Тука е запишана Беседата на гората, во која на прекрасен начин е накратко изнесено сè она што врховниот Учител сакал неговите ученици да знаат, и е откриено суштинското обележје на царството коешто Тој дошол да го воспостави.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како што им се обратил на Адама и Ева, а подоцна и на Јакова, така Исус ни се обраќа и нам. Тој се поврзува со нашите најдлабоки копнежи и прави за нас нешто прекрасно (како што направил за Вартимеја), за да нè наведе да се запрашаме кои сме и каде одиме. Во поглед на ова, размислете како ние ги поучуваме своите деца и еден со друг за Библијата. Во што е разликата меѓу медиокритетското проучување на Библијата и она неодоливо привлечно, кое навистина внесува промени во животот на човекот?**
2. **Дали прашањето за тоа каде вие точно се наоѓате на своето животно патување е исклучиво лично или би можело да ви помогне за тоа да поразговарате со луѓето на кои им верувате? Како замислата за црквата како „Христовото тело“ (1. Коринќаните 12,27) ни навестува дека разговорот со другите би можел да биде еден од начините да дојдеме во допир со она што Христос сака да го знаеме?**
3. **Во четвртокот проучувавме за тоа како Вартимеј, истиот момент кога прогледал – кога бил спасен од своето физичко (и духовно) слепило – тргнал по Исуса на патот кон Ерусалим. На тој пат секојдневно ги слушал мудростите на врховниот Учител. Можеме да претпоставиме дека тој сакал да го поприми Христовиот лик, да го впива Неговиот дух, да ја твори Неговата волја. Зошто некој наоѓа „уживање“, како што пишува во книгата „Патот кон Христа“, во тоа да се придржува кон толку високи мерила како што се оние што Исус ги застапувал во Беседата на гората?**
4. **Позанимавајте се малку повеќе со прашањето поставено на крајот од проучувањето за четврток. Како учиме да правиме разлика меѓу доброто и злото? Како дефинираме што е добро а што лошо? И зошто е она што го правиме со тоа знаење можеби дури и поважно од самото тоа што го имаме тоа знаење?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Поука 7**
**7 - 13 ноември 2020**

# БОГОСЛУЖЕНИЕТО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 3; Откровение 14,6-12; Псалм 78,1-17; Јован 4,7-26; 1. Дневникот 16,1-36; Марко 7,1-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Воздајте Му ја на Господ славата на името Негово. Принесете дар, дојдете пред лицето Негово, поклонете Му се на Господ во сјајот на светлината Негова“ (1. Дневникот 16,29).**

Богослужението е дел од човекот, дел од човечката природа, па дури и на паднатата човечка природа. Нема сомнение дека ние сме создадени како суштества кои би требало, врз основа на слободата што Бог ни ја дал, да го обожаваме Господа затоа што Го сакаме и затоа што сме свесни дека Тој е достоен да биде обожаван. Таквото обожавање мора да било доста едноставно во светот пред падот во грев, во кој луѓето пристапувале кон Бога лице в лице, во опкружување ненарушено од грев, смрт и уништување – какво што ние, кои го познаваме само овој паднат свет, едвај можеме и да го замислиме.

Секако, денес, иако внатрешната потреба за обожавање сè уште постои во нас, таа, како и сè друго на овој свет, е искривена и изопачена од гревот, што меѓу останатото значи дека ние, како суштества создадени да обожаваат, можеме да почнеме да се поклонуваме на погрешни работи, па дури и да го славиме  Господа на погрешен начин (види, на пример: Марко 7,1-13; Еремија 7,4).

Затоа, бидејќи богослужението е од голема суштинска важност за христијанското искуство, и христијанското образование мора да се занимава со прашањето на богослужението, што е тема на нашата поука за оваа седмица.

## СИТЕ НИЕ НЕШТО ОБОЖАВАМЕ

Има нешто во нас – нешто што несомнено Господ го вткајал во нас уште на самиот почеток, а што е, како и сè останато, извитоперено од гревот – нешто што копнее да се обожава. Очигледно, во почетокот требало да го обожаваме единствениот Оној кој е достоен за обожавање – нашиот Господ и Создател. Меѓутоа, по падот, сè се променило, и тоа во голема мера.

Да, ние сите обожаваме нешто, некој – што било. Тоа ни помага да објасниме зошто луѓето низ целата историја, па дури и денес, му пристапуваат на богослужението. Во древниот Египет, некои луѓе ги обожавале фараоните. Во други прилики, во други земји, обожавале статуи на риби, суштества со повеќе глави и други наводни божества. Некои го обожавале сонцето, месечината и ѕвездите.

Денес, мнозинството луѓе се премногу просветлени за да се поклонуваат пред статуата на некоја жаба (но, очигледно, не и пред статуата на Марија), што не значи дека сите тие – дури и световните луѓе – не обожаваат нешто: пари, моќ, секс, самите себе, музичките ѕвезди, глумци, политичари. Што и да е тоа што најмногу го сакаме, на што му посветуваме најголемо внимание, за што и да живееме, тоа е она што го обожаваме. Но, како што предупредува световниот писател Дејвид Фостер Волас, ако обожавате погрешна работа, таа ќе ви го „изеде животот“.

**Што учи извештајот во 3. глава од Книгата за пророкот Даниел за важноста на правилното богослужение?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Трите еврејски момчиња очигледно ја сфатиле втората заповед (2. Мојсеева 20,4-6) онолку сериозно колку што Бог сметал дека треба. Всушност, таа е дел од Десетте заповеди, како што е забраната за убиства, кражби и слично. Богослужението – правилното богослужение е толку важно, што тоа станува главно прашање во последните денови пред второто Христово доаѓање. Според тоа, христијанското образование мора да го опфати целокупното прашање за богослужението: што претставува тоа, како го остваруваме, зошто е важно и на кого всушност ние му служиме?

**Прочитајте Откровение 14,6-12. Што учи овој текст, кога станува збор за важноста што ќе ја има прашањето околу богослужението во завршната криза пред да се врати Христос?**

## ЗА ДА ИМ КАЖУВАТЕ НА СВОИТЕ ДЕЦА

Во Стариот завет гледаме дека псалмите почнале да играат значајна улога во верскиот живот на древниот Израел. Тие се рецитирани и пеени, често со музички инструменти, посебно во текот на богослужението, и тоа јавното богослужение, што во Стариот завет бил клучен пристап кон богослужението воопшто. Израел дејствувал како заедница и како заедница пристапувал кон богослужението.

Псалмите во суштина се поезија, текстови на песни. Еврејскиот збор за псалми е Tehillîm, што значи „песни на похвала, славопои“. А кога пееме славопои на Бога, и што било друго покрај тоа да правиме, ние го обожаваме Господа.

**Прочитајте текст од Псалм 78,1-17. Која е суштинската порака на тој текст, и како таа се вклопува во целокупното прашање за образованието и богослужението?**

___

___

Постои извесна решителност во врска со пораката на 78. псалм. Во 2. стих Асаф споменува „за непознатите работи од старо време“. Тој израз на некои места се преведува како „мрачни изреки на старите“, при што зборот „мрачни“ не се користи со значењето „злокобни“, туку попрво „заматени“ или „сè побледи“, како што може да се случи и со самата историја како што нејзините клучни настани стануваат временски сè пооддалечени. Во други преводи тој израз се преведува како „тајни“ или дури и „слатки стари вистини“ (Message). Суштинската порака овде е дека образованието во Израел, меѓу останатото, вклучувало и поучување на децата со приказни за тоа како Господ постапувал кон избраниот народ.

**Погледнете го текстот Псалм 78,6-17. Кои конкретни поуки требало тие да им ги изнесуваат на своите деца? Што претставувало главна цел на тоа образование?**

___

___

___

**Како што гледаме од тој текст, меѓу другото, целта на образованието била децата да научат да веруваат во Бога и да ги држат Неговите заповеди. Како текстот Откровение 14,12 ни ја испраќа истата порака денес?**

## СО ДУХ И СО ВИСТИНА

Еден од најубавите новозаветни извештаи, за тоа како Исус им служел на ранетите души, го наоѓаме во наративот за Исус и жената кај кладенецот.

**Прочитајте го текстот Јован 4,7-26. Што ѝ кажува Исус на таа жена во врска со богослужението? Всушност, да тргнеме од тоа како тие воопшто дошле до темата за богослужението?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Иако таа со своето раскажување само се обидувала да ја сврти темата на разговорот, Исус ја искористил нејзината тактика за да ѝ изнесе некои длабоки вистини во врска со богослужението и со сè она што опфаќа тоа. Можеби најважно за нашите непосредни цели е она што Тој го кажал во текстот Јован 4,24: „Бог е Дух и оние што Му се поклонуваат, треба да се поклонуваат со дух и со вистина.“

Вистинската служба на Господа мора да биде „со дух“, односно мора да произлегува од Божјата љубов, од искуството на личното познанство со Него. „Само верата што доаѓа од Бога води кон Бога. За правилно да му служиме, ние мораме да бидеме родени од божествениот Дух. Тоа ќе го исчисти срцето и ќе го обнови умот, овозможувајќи ни подобро да го запознаеме и повеќе да го сакаме Бога. Тоа ќе ни даде доброволна послушност кон сите негови барања. Тоа е вистинско богослужение. Тоа е плод на дејствувањето на Светиот Дух“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 189 оригинал).

Во исто време, богослужението мора да биде „со вистина“. Мораме да имаме правилно знаење за Бога, за тоа кој е Тој и што Тој бара од нас. Со други зборови, и доктрината исто така е опфатена. (Колку е значајно, на пример, да знаеме дека ние му служиме на Бога кој не ги осудува луѓето да горат во пеколот низ сета вечност).

Според тоа, тука гледаме два елементи на богослужение: искуство кое произлегува од познавањето на Бога и послушност Нему, како и објективните вистини што ни се откриени во Бога. Духот без вистината може да одведе во плиток сентиментализам, заснован повеќе на непостојани емоции, отколку на што било друго. Спротивно на тоа, вистината без Духот води во безживотен формализам. Според тоа, потребни ни се и едното и другото.

**Како би се обиделе да научите некој да му служи на Бога „со дух и со вистина“? Во кои случаи е потребно едното да се нагласи повеќе од другото?**

## УБАВИНАТА НА СВЕТОСТА

**Прочитајте го текстот 1. Дневникот 16,1-36. Обидете се да си ја доловите таа сцена. Дали ја замислувате како сериозна и застрашувачка, или како свечена и весела? Во која смисла би можела да претставува комбинација и од едното и од другото? Што можеме да научиме од таа сцена за богослужението за тоа како би требало да ги учиме другите за него, а како и самите да го доживуваме?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Местото на одржување на богослужението било шаторот за состанок, каде Бог престојувал со стариот Израел и каде им бил откриен планот на спасението. Значи, во центарот на богослужението и богослужбеното образование мора да биде Исус и планот на спасението, што симболички било претставено и проречено со службата во светилиштето. Што друго и да направил Бог за нас што заслужува фалбоспеви и богослужение, тоа не би значело ништо без надежта во вечниот живот, кој ни е понуден врз основа на Неговата жртвена и заменичка смрт на крстот.

Исто така, забележете го „евангелскиот“ акцент на овој текст – цел свет требало да дознае за израелскиот Бог.

**Погледнете го текстот 1. Дневникот 16,29: „Воздајте Му ја на Господ славата на името Негово. Принесете дар, дојдете пред лицето Негово, поклонете Му се на Господ во сјајот на светлината Негова!“ Во сјајот на светлината Негова? Што би можело тоа да значи?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

За почеток, помислете колку гревот е грд, штетен и понижувачки. Освен тоа, нам ни е тешко и воопшто да замислиме колку биле лоши, страшни и понижувачки верските обичаи на народите што го опкружувале Израел, обичаи кои, меѓу другото, вклучувале и жртвување на деца. А сето тоа, несомнено, се одразувало на карактерот на луѓето кои ги практикувале тие обичаи.

Наспроти тоа, древниот Израел требало да биде свет народ, одвоен од лошите обичаи на оние што го опкружувале. Требало да бидат свети во своето срце и во својот ум, и тоа она што на нивното богослужение му давало смисла и убавина пред Бога. Старозаветните пророци одново и одново го подигале гласот против оние кои наводно му служеле на Господа, додека срцата им биле далеку од Него, а самите тие биле вплеткани во нечесни дела.

# ИДОЛОПОКЛОНСТВОТО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Древниот Израел бил опкружен со многу религиозни народи, народи толку посветени на верските обреди и смирување на своите богови кои биле подготвени да ги жртвуваат дури и своите деца. Тоа е посветеност, зар не?

Оттука, богослужението – вистинската служба на вистинскиот Бог – имало важна улога во заштитата на Евреите од вплеткување во идолопоклонството и лажното богослужение кое се практикувало насекаде околу нив. Сепак, и покрај сите опомени, тие се приклонувале кон паганските обичаи, против што биле посебно предупредени.

А како е со нас денес? Зошто е толку важно служењето на вистинскиот Бог, потсетувањето на сѐ што сторил Тој за нас – посебно во соочувањето со опасностите на модерната идолатрија?

**Прочитајте го текстот Марко 7,1-13. Кои принципи ги наоѓаме во текстот Марко 7,7-9, а можеме и денес да ги примениме во контекст на христијанското образование и опасностите од лажните учења преземени од светот, кои би можеле негативно да влијаат на нашата верска практика?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Многу од големите интелектуални идеи во светот денес се засноваат на натуралистичкото видување на реалноста. Многу дисциплини, кои се застапени во училиштата денес, се проучуваат од таа перспектива, што често значи дека она што се учи е во спротивност со Светото писмо. Можеме да бидеме во искушение да се приклониме кон тие идеи кои се прифаќаат како вистинити, за кои се теоретизира и кои практично се применуваат. Можеме да почнеме да идеализираме брилијантни умови на филозофи, научници и математичари кои дошле до тие идеи. Проблемот е во тоа што овие идеи често се спротивни на Светото писмо, но затоа што во моментот се изучуваат и се сметаат за вистинити, луѓето се обидуваат да ги вклучат во христијанското образование. Меѓутоа, единствениот начин тоа да се направи е да се компромитира верата, а тоа често подразбира извртување на Писмото и обид тоа да се усогласи со современите сфаќања.

**Кои од современите популарни верувања се во судир со Светото писмо, и како ние како црква можеме да се заштитиме од нивното вклучување во нашиот образовен систем?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Срцето е измамливо и превртливо повеќе од сè. Оние кои се изјаснуваат како религиозни, не се секогаш подготвени внимателно да се преиспитаат себеси со цел да видат дали се во верата. Застрашувачки е фактот дека многумина се потпираат на лажна надеж. Некои се потпираат на старите искуства што ги имале многу порано. Но, кога ќе настапи моментот на преиспитување на срцето, кога на сите ќе им биде потребно секојдневно искуство, тие нема да имаат на што да се потпрат. Тие изгледа мислат дека исповедањето на вистината ќе ги спаси. Но, дури кога ќе бидат совладани гревовите што Бог ги мрази, Исус ќе влезе и ќе вечера со вас, а вие со Него. Тогаш ќе црпите божествена сила од Исуса, ќе растете во Него и ќе бидете во состојба победоносно да кажете: 'Благословен да е Бог кој ни даде победа преку Господ нашиот Исус Христос!' На Господа би му било помило тие млаки заговорници на религијата никогаш да не го повикале Неговото име. Тие се постојан товар на оние кои би биле верни Исусови следбеници. Тие се камен на сопнување за неверните, а злите ангели ликуваат над нив и им се потсмеваат на Божјите ангели поради кривите патишта на тие луѓе. Таквите се проклетство за делото дома и во странство. Тие му се приближуваат на Бога со своите усни, а срцето им е далеку од Него“ – (Ellen G. White, *Spiritual Gifts,* vol. 2, p. 227).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Врз основа на текстот Марко 7,1-13, дознаваме дека во основата на лажното богослужение се наоѓа проблемот на срцето. Бог не ги цени изразите на обожавање кои излегуваат од нашите усни, доколку тие не потекнуваат од срцето. Зошто евангелието и сторијата за Исусовата смрт поради нас е најмоќниот начин срцата да се отворат за искрена љубов кон Бога?**
2. **Подетално испитајте ја мислата за служењето на Бога „со Дух и со вистина“. Може ли едното да постои без другото, или вистинското богослужение ги бара и двете? Зошто?**
3. **Да, нашето срце треба да биде исправно за да можеме искрено да му служиме на Бога, но што значи тоа? Дали морате да чекате потполно да се поврзете со Господа, и животот да ви биде во совршен ред пред да пристапите на богослужение? Од друга страна, како богослужението – вистинското богослужение – може да ви помогне да го доведете своето срце во правилен однос со Бога?**

**Поука 8**
**14 - 20 ноември 2020**

# ОБРАЗОВАНИЕТО И СПАСЕНИЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1,26.27; Исаија 11,1-9; 2. Тимотеј 3,14-17; 1. За царевите 4,29-34; Јован 14,17; 1. Коринќаните 2,1-16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Целото Писмо е од Бога вдахновено и полезно за поука, за казнување, поправање и поучување во праведност“ (2. Тимотеј 3,16).**

Библијата проповеда долга приказна за Бога и за Неговиот народ.

Понекогаш на неа се гледа како на љубовна приказна која тргнала наопаку, барем привремено. Или на неа може да се гледа како на приказна за татко и неговите бунтовни деца, кои на крајот му се враќаат.

Но, за потребите на оваа поука, во библиската приказна ќе откриеме уште една тема, имено, тема за учителот и неговите ученици. Тие упорно паѓаат на испитите, а тој трпеливо ги повторува нивните поуки, сè додека конечно, некои нè научат.

Библиската приказна не се разликува многу од нашите лични човечки приказни кои ни се добро познати – со еден исклучок. Приказната за Бога и за Неговиот народ има обезбеден среќен крај и постигнување на целта. Божествената благодат кон Неговиот народ го гарантира таквиот резултат. Човечката одговорност во тој однос често погрешно се сфаќа, а многумина дури и се плашат бидејќи ја сметаат за макотрпна. Но всушност, библиската приказна во суштина е повик да го запознаеме Бога и да ја сфатиме Неговата волја. Навистина, учењето како да го запознаеме Бога е нашиот последен одговор на Неговата благодат. Ние не можеме да ја заслужиме таквата благодат, но можеме да учиме за неа. И што е, всушност, христијанското образование во својата суштина, ако не поучување за таа благодат?

## СПОРЕД БОЖЈИОТ ЛИК

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 1,26.27 и 1. Мојсеева 5,1.3. Што можеме да научиме од нив за тоа како Бог во почетокот ги создал луѓето и што се случило со човештвото по падот во грев?**

---

Изразот „Божји лик“ со векови ги преокупирал толкувачите на Библијата. Каков е тој лик според кој биле создадени првите луѓе? На пример, дали тоа значи дека Бог се погледнал во огледало и обликувал свое ново создание за да личи на Него? Или тоа значи дека луѓето личат на Бога повеќе отколку останатите облици на живот? Или тоа се однесува на духовната и интелектуалната сличност и сообразност меѓу Создателот и Неговите човечки созданија? Светото писмо не ни дава никакво прецизно објаснување на тој израз, иако научниците од библискиот текст извлекле многу толкувања за тоа што би можело да значи. Меѓутоа, можеме да видиме дека, по падот во грев, тој лик се променил, поради што Елена Вајт напишала дека целта на воспитувањето е во човекот да се обнови ликот на неговиот Творец (*Воспитување*, стр. 14-16 оригинал).

**Како воспитанието и образованието можат да постигнат толку извонредна цел?**

---

Прво, треба да имаме на ум дека Бог нѐ создал за да бидеме во одреден однос со Него, нешто како родителите со своите деца. Нѐ создал нас според својот лик, како што родителите добиваат деца слични на себе (1. Мојсеева 5,1), за да може да нѐ одгледа како оние кои припаѓаат на Неговото семејство. Тој може да комуницира и да воспоставува трајни врски со нас. Според тоа, Божјиот лик е нешто повеќе од „ментална слика“ која оспособува две суштества – едно божествено и едно човечко – да имаат средба на умови. Токму тоа се случува при воспитувањето и образованието, најпрво во домот меѓу родителите и децата, а подоцна и во училиштето каде учителите ја преземаат работата на поучување. Очигледно е дека Бог го осмислил овој процес на воспитание и образование којшто толку добро го познаваме кога, издвојувајќи нѐ од другите облици на живот, нѐ создал според својот лик – Тој тоа го направил за да може да нѐ поучува и за ние да можеме да учиме од Него, сѐ додека Неговиот лик (Неговиот ум) не се огледа во нас.

**Сторијата за спасението е сторија за воспитанието и образованието од создавањето до отелотворувањето и од отелотворувањето до новото создавање. Бог е учител, а небото е училиште за сите времиња (види Елена Г. Вајт, *Воспитување,* стр. 301 оригинал). Какви импликации има оваа мисла врз нашата посветеност на христијанското воспитание и образование дома, во црквата, на училиште, на универзитет и во текот на целиот живот?**

## ИСУС КАКО УЧИТЕЛ

Библијата користи многу изрази за да го опише Исуса. Тој е Божји Син, Месија, Син човечки, Спасител, Искупител, Господ, Божјо јагне – да спомнеме само некои од нив. Но за оние кои најдобро Го запознале во текот на три и пол години од Неговата јавна служба во Јудеја и Галилеја, Тој бил учител. Го нарекувале „Учителу“, или „Рави“. Овие два израза, всушност значат едно исто.

Според тоа, занимањето учител и работата на поучување била посебно погоден начин за вршење на Неговата јавна служба. Во извесна смисла, Неговото дело на спасение е сродно со работата на поучување. И уште повеќе, тоа и го претскажал пророкот – евангелист.

**Прочитајте го текстот Исаија 11,1-9. Што ни открива овој текст за Исусовата учителска улога?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Едно од најнеобичните месијански пророштва во Светото писмо се наоѓа во 11. глава од Книгата за пророкот Исаија. Текстот Исаија 11,1-3 го опишува доаѓањето на Месија користејќи образовни термини – како некој што донесува знаење, совет, мудрост и разбирање. Целиот тој исечок завршува со следното значајно ветување: „Зашто земјата ќе биде полна со познавање на Господ, како што водите го полнат морето“ (Исаија 11,9). Можеби токму таквото учење на Светото писмо ја вдахнало Елена Вајт во својата книга да се позанимава со воспитанието и образованието, да забележи дека делото на воспитание и делото на спасение се едно исто (види *Восūиūување,* стр. 30 оригинал).

Прочитајте го текстот Јован 3,1-3. Никодим му се обраќа на Исуса како на учител, а потоа признава дека Неговиот дар на поучување сигурно потекнува од Бога поради знаците што ги покажал – имено, поради Исусовите чуда и увидот во смислата на животот. Исус тоа го прифаќа, ако не самата титула која Му е дадена, тогаш сигурно потеклото на Неговиот дар на поучување, одговарајќи му на Никодима дека би морал повторно да се роди за да го види (да разбере, но и да влезе во) Божјето царство. Тоа значи дека авторитетот за подучување на другите, дури и во Исусовот случај, доаѓа од Бога.

Несомнено, подучувањето е дар од Бога. Него го дал Бог, Исус го прифатил, а го препознале оние кои ги слушале Неговите поуки изнесени со божествен авторитет.

**Каква улога имаме ние во исполнувањето на тоа пророштво за познавањето Господово кое треба да се прошири по целиот свет?**

## МОЈСЕЈ И ПРОРОЦИТЕ

**Прочитајте го текстот 2. Тимотеј 3,14-17. Што учи овој текст во врска со улогата на Светото писмо во христијанското образование?**

________________________________________________________________

Називот за првиот дел од Библијата – Тора – понекогаш се преведува и како „Закон“, затоа што во тие книги има многу закони. Но Тората всушност значи „учење“ или „настава“. Таквото сфаќање многу се разликува од она што многумина сметаат дека „законот“ во Библијата претставува – правила и прописи кои мораме да ги следиме за да останеме во Божјата милост. Но, не е така. Законот требало да биде наставен материјал кој се занимава со прашањето како да се живее успешно и безбедно во заветниот однос каков што Бог го замислил уште тогаш кога нè создал.

Следните два дела на еврејската Библија – „пророци“ – известуваат колку добро Божјиот народ го совладал тој наставен материјал и живеел по него (рани пророци или историски книги), но и што требало да научат од тој наставен материјал (подоцнежни пророци). Остатокот од Стариот завет (под називот „списи“ на еврејски) е полн со примери на успешни и помалку успешни учители и ученици, напоредно со нивните воспитни и образовни искуства. Примери на образовниот успех во тие книги би биле книгите „За Јестира“, „За Рута“, „Книгата на пророк Даниел“ и „За Јов“. Меѓу неуспешните би се нашле пријателите на Јов. Секако, книгата Псалми е песнарка, но дури и во неа се наоѓаат најмалку три поучни псалми: Псалм 1, Псалм 37 и Псалм 73.

Евангелијата изобилуваат со материјали наменети за воспитни и образовни цели, а посебно Исусовите параболи. Многу од посланијата на Павле почнуваат со моќна објава на евангелието, но се завршуваат со воспитен материјал – практични поуки за секојдневниот живот на христијаните. Книгата Откровение е полна со образовен материјал. На пример, целокупната иднина на Христовата црква е откриена во книгата којашто може да ја отвори само Јагнето Божје – Исус, врвниот Учител (Откровение 5,1-5).

**Некои можеби ќе кажат дека целиот воспитен и образовен материјал од Мојсеевите книги не е применлив во наше време, и тоа е точно. Во текстот 5. Мојсеева 17,14-20, упатството во врска со царевите, содржи некои многу одредени насоки во врска со изборот на оној што ќе ја врши царската должност. Денес, секако, ние во својата црква не поставуваме никакви цареви. Како одредуваме во наше време која би била правилната примена на целокупниот тој поучен материјал од Светото писмо?**

## МУДРИ МАЖИ И ЖЕНИ

Зборовите како што се училиште, студии и образование денес јасно се разбираат, но тие не се вообичаени во Библијата. Постои еден збор мудрост/мудри, кој е многу повообичаен. На пример, во Стариот завет се спомнуваат мудри мажи и жени (2. Самоилова 14,2; Мудри изреки 16,23)

**Прочитајте го текстот 1. Царевите 4,29-34. На што нè учи овој текст, кога станува збор за тоа колку е важна мудроста?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Царот Соломон се истакнува како многу мудар човек кој зборувал за животинскиот и растителниот свет и смислил многу мудри изреки, значи, како човек од образованието (1. Царевите 4,29-34). Книгата Мудри изреки Соломонови и Книгата Проповедник, кои содржат многу умни учења за бројни теми, му се припишуваат на Соломона, но и на други мудри учители од дамнешни времиња (Мудри изреки 1,1; Мудри изреки 25,1; Мудри изреки 30,1; Мудри изреки 31,1).

Според Библијата, мудроста во голема мера е како нашето образование денес. Тоа е нешто што човек го учи од родителите и учителите, особено додека е млад (Проповедник 12,1), но всушност, мудроста се стекнува во текот на целиот живот. Освен тоа, мудроста главно има своја практична страна. На пример, треба да се учи од мравките кои штедат на лето за да имаат доволно за зима (Мудри изреки 6,6-8).

Сепак, мудроста не е само практична. Таа има и своја теоретска страна, бидејќи почнува со верата во Бога и следи извесни темелни начела (Мудри изреки 1,7). Мудроста ни помага да живееме одговорно и во полза на другите, а исто така нè штити и од многу неволји. Конечно, токму како и образованието денес, мудроста не ни дава одговор на сите прашања што ги поставуваме, но нè оспособува да бидеме задоволни со она што го знаеме додека продолжуваме да го истражуваме она што сè уште е непознато, а тоа е добра појдовна точка од која можеме да учиме како да го запознаеме Бога и како да се потпираме на Неговата благодат. Според текстот Еремија 18,18, улогата на мудриот учител се смета за подеднакво важна како и улогата на свештеникот и пророкот. Сите тие ги пренесуваат Божјите зборови на Неговиот народ, во вид на упатства и заповеди, совети и посебни пораки од Господа.

**Како можеме да учиме да стекнеме мудрост, а потоа да им ја пренесеме на оние кои доаѓаат по нас? Зошто е толку важно за нас, како народ, да го правиме тоа?**

# ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РАНАТА ЦРКВА

Еден од најзначајните принципи на образованието во Светото писмо доаѓа до израз во моментот кога Исус, врвниот Учител, се подготвува да ги напушти своите ученици. Тие поминале со Него три и пол години, приближно на оној временски период што ние го издвојуваме за средношколското или факултетското образование. По завршувањето на едно од тие нивоа на образование, зависно од личноста, учениците и студентите обично се сметаат за подготвени самостојно да се снаоѓаат.

Но, Исус знаел дека тоа и не е баш така и затоа на своите следбеници им обезбедил трајно или континуирано образование под старателство на Светиот Дух. На други места, тој учител или водич се препознава како Утешител или Адвокат (на грчки, *параклетос*), кој на Исусовите следбеници ќе им биде доделен да биде со нив постојано (Јован 14,6.7). Тој се означува како Дух на вистината. Иако Светиот Дух не се споменува како просветител, неговото дело несомнено има образовен карактер, особено кога се однесува на барањето и пронаоѓањето на вистината.

**Прочитајте 1. Коринќаните 2,1-16. Што вели Павле за тоа што е важно во контекст на образованието?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Павле почнува со тоа што ја потсетува црквата во Коринт дека, кога прв пат дошол кај нив, не зборувал за ништо друго, освен за Исуса Христа, и тоа распнатиот (1. Коринќаните 2,2) – не дошол кај нив со некоја сувопарна мудрост, туку само им го објавил евангелието. Но, тоа не било сѐ (1. Коринќаните 2,6). Кога тие нови христијани ќе созреат, апостолот ќе се врати за да ги учи на мудрост – работи кои Бог ги скрил уште пред постанокот на светот (1. Коринќаните 2,7) во длабочините Божји (1. Коринќаните 2,10). Тогаш сите ќе учат под водство на Божјиот Дух, бидејќи Тој се придружува на духот на учениците.

Колку длабоко ќе биде тоа проучување и колкаво знаење ќе им биде достапно на оние кои се водени од Духот? Таа глава се завршува со цитат од Книгата на пророкот Исаија: „Кој го упатил Духот на Господ, и Му бил Нему советник и Го учел?“ (Исаија 40,13). Тука, пророкот, мислејќи на обичниот народ на своето време, сака да каже дека тоа никој не го може. Но, Павле го исправа таквото видување на работите заклучувајќи: „А ние имаме ум Христов“ (1. Коринќаните 2,16), што значи дека христијаните водени од Духот имаат пристап дури и во Божјиот ум, а со самото тоа и во секоја количина на знаење и разбирање (1. Коринќаните 2,10-13) кои им се потребни  за да го спознаат патот на праведноста.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Големиот евангелски налог (Матеј 28,18-20) предизвикал силно верско движење насекаде во светот. Мал број апостоли или мисионери (овие два збора имаат исто значење – „оние кои се испратени“) го поминале целиот свет и ги собрале слушателите, ги претвориле во ученици, ги повикале да веруваат во Исуса, ги крштавале и продолжиле да ги поучуваат за она што Исус им заповедал. Тука имаме слика на христијански обратеници од целиот свет кои, претставувајќи различни култури и зборувајќи на разни јазици, излегуваат од водата за крштавање за да влезат во училиштето и да го започнат своето образование. Тоа нас не нѐ изненадува, бидејќи имало уште многу работи што требало да научат.

Причината што христијаните постојано учат не е само интелектуална љубопитност, ниту желба за некое супериорно знаење, туку затоа што христијанскиот живот и вера го проникнуваат секој агол на секојдневниот живот. Има толку многу работи кои треба да се научат. Затоа новозаветните посланија содржат и објавување на вистината за Исуса (што понекогаш се означувало со новозаветниот израз kerygma [керигма] и поуки за сѐ што христијаните мораат да научат (што обично се означувало со новозаветниот израз didache [дидахе]). Добар пример за објавувањето на вистината се гледа во 1. Коринќаните 2,2, додека поучувањето почнува во 4. глава и продолжува, со прекини, до крајот на посланието. Затоа, што е тоа што христијаните мораат да го научат?

Работа, одмор, општествени прашања, односи во заедницата, црквата и богослужението, управувањето со парите, човекољубие, однос кон авторитетите, советување, семеен живот, брачни односи и одгледување на деца, подготвување на храна, облекување, дури и подготовка за старост и крај на животот – како на личниот, така и на животот на овој свет. Да се биде христијанин значи да се научи нешто за сето тоа, па и повеќе од тоа. Разбирањето на сето тоа не е нешто што доаѓа само од себе. Тоа мора да се научи.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Колку образовната работа е важна за мисијата на црквата?**

**2. Што мислела Елена Вајт кога напишала: „Небото е училиште“ (*Воспитување*, стр. 301 оригинал)**

**3. Повторно прочитајте 1. Коринќаните 2,1-16. Погледнете што ни кажува Павле за она што Бог ни го открива преку вдахновението. Размислете за неговото тврдење дека владетелите и мудроста на овој свет се минливи. Ако тој можел да го каже тоа тогаш, што ние можеме да кажеме за некои од „мудростите“ на нашето доба?**

**Поука 9**
**21 - 28 ноември 2020**

# ЦРКВАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 10,30-37; Матеј 5,14-16, Лука 4,18-23, Еремија 29,13; Матеј 7,7; 1. Солуњаните 2,6-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И не баравме слава од луѓе - ниту од вас, ниту од други, иако можевме и да се наметнеме како Христови апостоли. Но сепак ние бевме меѓу вас така нежни, како што се однесува мајката кога ги дои своите деца. Така полни со љубов кон вас, бевме готови да ви го предадеме не само Евангелието Божјо, туку и душите свои, зашто ни станавте драги“ (1. Солуњаните 2,6-8).**

Од најрани времиња, од кога верните се собираат за да го обожаваат Бога – во синагогите, домовите и црквите – Библијата зборува за народот, кој, преку проучувањето на Светото писмо и богослужението копнее да го запознае Бога и да ја разбере Неговата волја за својот живот. Библијата, исто така, во повеќе наврати открива дека црквата е место на кое треба да се водат сериозни и значајни дискусии и каде луѓето можат да растат во своето познавање на Бога и Неговата волја за нивниот живот.

Понекогаш се плашиме да поставуваме прашања. Меѓутоа, во Библијата често гледаме дека прашањата им служеле на луѓето појасно да го разберат Бога. На сличен начин, во целата Библија се користени и сториите за да им пружат можност на луѓето да ги преиспитаат своите приоритети. Исус посебно внимание посветувал на тој вид на поучување во работата со своите ученици и следбеници.

Ако црквата треба да биде место на воспитување и образование, таа мора да обезбеди простор за одвивање на дијалог. Како што секогаш одново им зборуваме на своите ученици во училиштето: „Нема глупаво прашање“, мораме и внатре во црквата да обезбедиме сигурно опкружување во кое секоја личност може да расте во благодатта и разбирањето на Бога и Неговиот план за нејзиниот живот.

## ВИСТИНСКО ХРИСТИЈАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Постои приказна за еден рабин кој, гледајќи ги сонливите очи на едно момче во својата училница, го поставил прашањето: „Како знаеме дека ноќта е завршена и дека започнал денот?“

Неколку ученици внимателно ги подигнале рацете. „Дали тоа е тогаш“, прашал еден, „кога можеме да ја воочиме разликата меѓу дрвото смоква и дрвото маслина?“

„Не“.

Друг ученик дигнал рака. „Дали тоа е тогаш кога можеме да ја разликуваме овцата од козата?“

Откако сослушал многу одговори, рабинот изјавил: „Човекот знае дека ноќта завршила и дека започнал денот тогаш кога може да погледне лице кое никогаш порано не го видел и тоа непознато лице да го препознае како брат или сестра. До тој момент, колку и да е светол денот, сè уште е ноќ“.

**Прочитајте го текстот Лука 10,30-37. Каква порака Исус испратил со оваа парабола? Врз основа на ова, што би морало да биде дел од секое вистинско христијанско воспитание и образование?**

---

Како адвентисти на седмиот ден благословени сме со изобилство доктринална светлина и вистина (состојбата на мртвите, саботата, 1844 година и судот, големата борба – да наведеме само некои од тие учења), кои мнозинството од христијанскиот свет сè уште не ги разбира. А повторно, колку и да се суштински важни тие вистини, каква корист имаме од нив ако не сме љубезни кон луѓето, ако покажуваме предрасуди кон другите и ако дозволиме културните и општествените предубедувања од нашата средина да нè наведат кон другите да се однесуваме како кон помалку вредни?

Вистинското христијанско образование, ако ништо друго, мора да нè придвижи да се издигнеме над човечката расипаност и лошотија и другите да ги гледаме онака како што Христос ги гледа – како суштества за кои Тој умрел, чии гревови ги понел на крстот и за кои платил бескрајна цена. Ако го издигнуваме крстот, како што би морале, тогаш ќе ја согледаме вредноста на секое човечко суштество, и во идеален случај, ќе се однесуваме кон луѓето онака како што навистина заслужуваат, во согласност со вредноста којашто самиот Бог им ја дал. Христијанското образование мора да го опфати тоа учење, инаку нема да биде достојно да се нарекува „христијанско“.

**Кои предрасуди вашата култура и општество ги застапуваат, било прикриено или дури отворено, над кои вие, како христијанин, морате да се издигнете?**

# ПОВИКАНИ СМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ КАКО СВЕТЛИНА

Каде и да погледнеме, изгледа како нашата планета да се врти против самата себе, заменувајќи ја светлината со темнина. Но, со темнината исто така се среќаваме и на многу личен план кога ги разгледуваме сопствените искуства во овој тегобен свет полн со предизвици. Бидејќи и ние ги разбираме ужасите кои ни ги донесува овој свет кога се бориме со болест, кога се соочуваме со загубата на саканите, кога гледаме како семејствата поминуваат низ раздвојување и развод, додека се трудиме да ја најдеме смислата во многу лоши работи во нашето општество и култура.

Па сепак, среде тој пејсаж на морално банкротство и духовна темнина, среде сета таа надворешна и внатрешна врева, ги слушаме зборовите што ни ги упатува Исус на сите нас:

**„Вие сте светлината на светот. Не може да се сокрие град, што се наоѓа на врв планина. Ниту, пак, светило се пали и става под поклопец, туку на свеќник, и им свети на сите в куќи. Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прославaт вашиот Отец небесен!“ (Матеј 5,14-16). Што нѐ учат тие стихови, кога станува збор за тоа како треба да живееме и како, како христијани, треба да влијаеме на сликата за Бога каква што ја имаат другите?**

---

Како Исусовите слушатели, седејќи покрај Галилејското море тој ден под врелото сонце, ги разбрале Неговите зборови? Оние кои слушале во таа прилика знаеле многу за светлината и темнината. Всушност, имало многу темнина од која требало да се плашат. Живееле под римска окупација, во милитаризирано општество кое, и покрај тоа што немало телефон, компјутер и интернет, во голема мера било исто толку ефикасно како нашето, а во извесна смисла дури задавало и повеќе страв.

Римјаните се наоѓале насекаде, потсетувајќи го мноштвото на падините дека оние кои ќе прават проблеми брзо ќе го најдат својот пат до мачителот – и голата смрт на римскиот крст.

А повторно, тука бил Исус, кој ги повикувал да живеат како светлина. Да бидат милостиви. Да бидат чисти во срцето. Да бидат градители на мирот. Според тоа, христијанското воспитание и образование мора да го опфати учењето за нашите ученици да бидат светлина во светот, да бидат во состојба да прават избори и да донесуваат одлуки кои ќе ја откриваат реалноста на Божјето постоење и Неговата добрина пред другите.

**На кои начини навистина можеме да ги упатиме другите на реалноста на Божјото постоење и Неговата добрина?**

## ДА СЕ ЖИВЕЕ КАКО УЧЕНИК

Ако црквата е сериозна во намерата да стане сила во христијанското образование, неопходно е да почнеме од Исуса. Исус ги повикувал учениците. Тој ги обучувал за мисија на тој начин што одел со нив. Им пружал прилика да се вклучат во животот на луѓето за кои требало да се грижат и кои требало да ги сакаат. Секојдневно им упатувал предизвик изнесувајќи ја својата визија за тоа како би можел да изгледа овој свет кога луѓето би почнале да се однесуваат едни кон други како браќа и сестри.

**Прочитајте го текстот Лука 4,18-23. Која порака Христос ни ја упатува на сите нам, како Негови следбеници?**

___

Во текот на три години учениците гледале како Исус, нивниот Учител, остварувал идеалите на царството – идеали објавени во Неговата прва проповед во синагогата во Назарет. Проштавањето, благодатта и љубовта оделе рака под рака со осаменоста, посветувањето и маките. Ако постоела некоја поука која требало да се извлече, тоа би била поуката дека учеништвото не е нешто што би требало толку лесно да се сфати. Вие сте ученик за цел живот – не само за еден ден.

„Налогот на Спасителот ги опфаќа сите верници... ги опфаќа сите што веруваат во Христа... Евангелието им е доверено на сите што ќе добијат вдахновение од Небото. Сите што го примаат Христовиот живот се одредени да работат врз спасувањето на своите ближни. Црквата е основана за таква работа и сите што преземаат врз себе свет завет се обврзуваат да станат Христови соработници" (*Копнежот на вековите*, стр. 822 ориг.).

Како Исусови ученици, ние уште денес мораме да се потрудиме Исус секогаш да биде во центарот на нашето заедништво и богослужение. Добро е да се има на ум дека Исус бил тој кој го открил учеништвото. Иако рабините од Неговото време ги привлекувале следбениците, Исус бил тој кој ги повикувал мажите и жените да Го следат. Рабините не можеле ни да го замислат повикот, кој бил толку радикален што сугерирал дека, да се биде со Исуса, тоа е поважно од сите негови заповеди.

А, како Исусови ученици, не само што мораме да ги почитуваме сите луѓе, туку и да работиме на тоа да обезбедиме такво место на кое сите луѓе ќе можат да растат и да напредуваат.

Според тоа, целокупното христијанско образование мора да го опфати тоа чувство за мисија, за цел, не само да се заработи за живот, туку и во сопствената сфера на влијание да се работи она што Исус нѐ повикал да го работиме – да Го следиме во објавувањето на добрата вест на евангелието и во служењето на оние на кои им е потребна помош.

# ТРАГАЊЕ ПО ВИСТИНАТА

Алберт Ајнштајн, кој често се смета за татко на модерната физика, напишал: „Важно е да не престанеме да поставуваме прашања. Љубопитноста постои со причина. Не можеме а да не почувствуваме страхопочит кога размислуваме за тајните на вечноста, животот и чудесните структури на стварноста. Доволно е ако секој ден се обидуваме да сфатиме само делче од таа тајна. Затоа никогаш не ја губете светата љубопитност“.

Ние живееме во свет на тајни, зар не? Модерната наука ни покажала неверојатна сложеност која се огледува на речиси секое ниво од постоењето. А ако тоа важи за чистата физичка реалност, што да кажеме за она што е духовно?

**Што можеме да научиме од следните текстови, кога станува збор за барањето на вистината, за одговори? Еремија 29,13; Матеј 7,7; Дела 17,26.27; Псалм 25,5; Јован 16,13; Јован 17,17.**

---

Библијата е полна со стории за љубопитни луѓе кои во голема мера потсетуваат на секој од нас – за мажи и жени кои имаат прашања, стравови, надежи и радости – за луѓе кои на некој свој начин трагаат по вистината, по одговорите на најтешките животни прашања.

„Сето тоа Тој го направил да биде прекрасно во свое време. Ни дал и чувство за времето и просторот, но пак не може човекот да ги разбере докрај делата Божји што Тој ги врши од почетокот до крајот“ (Проповедник 3,11). Што мислел тука Соломон? Некои, еврејскиот збор ‘олам’, го преведуваат како „вечност“, а некои како „свест за минатото и иднината“. Според тоа, според овој стих, Бог во човечкото срце и ум им всадил свест за минатото и иднината – за самата вечност. Односно, како човечки суштества способни сме да размислуваме за она што се нарекува „големи прашања“ за животот и за нашето постоење воопшто.

И, секако, токму Светото писмо ја игра централната улога. Кои сме ние? Зошто сме овде? Како би требало да живееме? Што се случува кога ќе умреме? Зошто постои злото и страдањата? Тоа се прашањата што ги поставуваат оние што ја бараат вистината откако постои пишаната историја. Каква предност и каква одговорност е тоа што сега можеме да ги упатиме тие баратели на некои одговори. Што е христијанското образование ако не упатување на луѓето на тие одговори, кои ги наоѓаме во Божјата Реч?

**Зошто Светото писмо мора да има главна улога во пружањето одговори на големите животни прашања?**

## ДА СЕ ДЕЛИ ЖИВОТОТ

**Прочитајте 1. Солуњаните 2,6-8. Што зборува Павле тука што би можеле и што би требало да го применуваме во нашите училишта и цркви?**

_______________________________________________

Соочени со кризата на заедништво во општеството, ние живееме во доба во кое библиското разбирање на црквата никогаш немало поголемо значење. Како што нè потсетува текстот Матеј 18,20: „Зашто, каде се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас среде нив.“ Новозаветната визија за тоа што треба да претставуваат црквата и заедницата, се обликувала првенствено во домовите на верниците. Токму тука заедницата се собирала во мали групи, се молела, одржувала Господова вечера, учела и зборувала за Исусовите зборови меѓу себе.

Тие групи поклоници станале и први црковни училишта, бидејќи тоа било место на кои новите членови се запознавале со Библијата и со новиот живот што се наоѓа во Исуса. Списите на Павле, како што гледаме во Римјаните 12,2: „Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум“, укажуваат дека црквата најсериозно го сфатила тоа свое образовно дело.

Тие рани верници наскоро откриле дека евангелието токму во заедницата најдобро може да се спроведе во живот. Во заедницата имаме причини да пееме погласно, да се молиме посесрдно, да бидеме грижливи и сочувствителни. Кога слушаме како другите зборуваат за Божјата добрина, ние чувствуваме колку Тој е добар кон нас. Кога слушаме за туѓите борби и страдања, го чувствуваме Божјето исцелување во сопствениот живот и доживуваме обновена желба да бидеме орудие на Неговата благодат и исцелување.

Во денешниот воведен стих Павле тврди дека Божјото евангелие е сè – сила на крстот, Господово воскресение, ветување за Неговото враќање. Едноставно немало подобра вест во целиот свет и Павле го поминал својот живот препуштајќи се на предизвикот што попрво и над сè ја објавува приказната за Исуса, и тоа со најголема почит и посветеност.

Сепак, Павле овде напоменува дека евангелската порака најдобро може да се разбере и доживее кога го делиме животот со другите. Не смееме никогаш да заборавиме дека луѓето внимателно гледаат за да видат дали нашиот живот ја прикажува во вистинска светлина пораката на благодатта што се наоѓа во Библијата.

**Добро размислете за својот живот и запрашајте се: Каков сведок сум им јас на оние кои се околу мене?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христос ја разочарал надежта во светска големина. Во Беседата на гората се обидел да го раскопа делото создадено со погрешното воспитување и на своите слушатели да им даде вистински поим за своето царство и за својот сопствен карактер. Сепак, не ги нападнал непосредно заблудите на народот. Тој ја видел бедата на светот поради гревот, па сепак не ја изнесувал пред нив живата слика на нивната несреќа. Ги поучувал за нешто неспоредливо подобро од она што го познавале тие. Не отстранувајќи ги нивните замисли за Божјето царство, им зборувал за условите под кои можат да влезат во него, дозволувајќи им самите да донесат заклучоци за неговата природа. Вистините што ги изнесувал не се помалку значајни за нас отколку што биле за мноштвото што го следело. Во иста мера и нам ни е потребно да ги научиме основните начела на Божјето царство“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 299 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Роберт Луис Стивенсон е роден во 1850 година во Единбург, Шкотска. Тој своевремено се потсетил како една ноќ, додека дадилката го подготвувала да си легне, кришум станал и отишол до прозорецот, каде здогледал една восхитувачка глетка. Тоа бил фенерџијата кој одел од една светилка до друга. Со детско восхитување, ја повикал дадилката да му пријде и повикал: „Погледни го тој човек! Прави дупки во мракот!“ Каква улога Бог ви доверил вам, кога станува збор за носењето светлина и љубов во вашата заедница? Ако не сте сигурни, повикајте неколку членови на црквата, па седнете и поразговарајте за тоа што би можеле да остварите заедно.**
2. **Ако црквата треба да соработува со Бога за да допре до овој свет, тогаш мораме да ги прегрнеме Исусовите зборови и служба. Самата реалност на отелотворувањето – за Бога кој дошол меѓу нас за да живее во нашиот свет, за да се бори, смее и плаче со нас – нè потсетува дека сме повикани да се грижиме за оние кои се околу нас. Како ќе го направите тоа? Како би можеле да ги ангажирате младите во вашата црква да ви помогнат во таа работа?**
3. **Размислувајте за одговорностите што ги имаме ние како адвентисти на седмиот ден – да ги учиме другите за чудесните вистини што ни се дадени. На кој начин локалната црква би можела и би требало да одигра клучна улога во поучувањето на другите за тие вистини? Во исто време, како црквата би можела да стане безбедно место за разговор за тие вистини со оние кои поставуваат тешки прашања во врска со нив? Што можете да направите за да создадете опкружување во кое ќе можете да се позанимавате со сериозни прашања?**
4. **Разговарајте во класата за главните културни предрасуди во општеството во коешто живеете. На кој начин вашата црква би можела да ги научи другите како да се издигнат над тие предрасуди и, наместо тоа, да ги следат учењата на Светото писмо?**

**Поука 10**
**Од 28 ноември до 4 декември 2020**

# ВОЗБУДЛИВ НАЧИН ДА СЕ ВКЛУЧИМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 1,18-21; Псалм 19,1-6; 96,9; 1. Мојсеева 3,6; 1. Тимотеј 6; Мудри изреки 1; За Јов 38.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Небесата ја објавуваат Божјата слава, а за делата на рацете Негови известува сводот небесен“ (Псалм 19,1).**

Образованието го опфаќа она што го нарекуваме „уметност и наука“. Но, кога учиме или поучуваме за уметноста и науката од библиска перспектива, што тоа всушност подразбира? Дали едноставно нудиме одбрани библиски стихови кои се однесуваат на одредени аспекти на модерната медицина или на историја на уметноста, на пример? Правејќи го тоа, можеме да ги поврземе нашите практични поуки со Божјата неверојатна сила која се покажала при создавањето на нашиот сложен свет. Но, едноставното додавање на библиските текстови во нашите учебници претставува само мал дел од вистинското образование – образование кое е спасоносно и откупително.

За таквото образование да биде навистина делотворно, потребно е Божјата Реч да се вклучи во изучувањето на секоја дисциплина, од хуманистичките науки до молекуларната биологија. Без тоа, можеме да ја изгубиме од вид Божјето вистинско величие и Неговата сувереност како Оној што го создал и го одржува овој свет. Трудејќи се да сфатиме како Бог гледа на делото на своето создавање како органско и целисходно, се приближуваме до начинот на кои извесни дисциплини би можеле, и на кој начин би требало, да се изучуваат.

Оваа седмица ќе разгледаме некои принципи поврзани со начинот на кој можеме да зборуваме за уметноста и науката од христијанска перспектива и од аспект на христијанскиот поглед на светот.

## ЕДИНСТВЕНО ГОСПОД

Постојат докази за живиот Бог во сите делови од Неговото создавање. Тоа тврдење толку пати е повторено, што станало клише. Кога ќе ги земеме предвид, на пример, Божјите чувства при создавањето на овој свет, кои луѓето продолжуваат да ги оштетуваат и да ги расипуваат, можеме приближно да разбереме на кој начин е најдобро да се изучуваат уметноста и науката.

На пример, да го земеме предвид ембрионалниот развој на човекот. Биологијата ни вели дека новиот интелигентен човечки живот настанува од едно оплодено јајце и достигнува полн развој по девет месеци. Трагите на Создателот полн со љубов можат да се забележат во текот на целиот тој циклус. Божјата милост може да се види и врз основа на самото место на кое се развива тој фетус – веднаш под мајчиното срце кое постојано чука. Како што фетусот се зголемува, така расте и мајчиниот стомак, точно пред неа, така што трудницата секогаш е свесна за своето дете, токму како што и нашиот небесен Татко секогаш е свесен за своите деца.

**Прочитајте ги следните текстови: Римјаните 1,18-21; Псалм 19,1-6 и Немија 9,6. Што ни кажуваат овие текстови за тоа како дејствува Бог како наш Создател?**

---

Дури и по 6000 години грев, и повеќе илјади години по сеопштото разорување за време на потопот, сѐ уште постои неодоливо моќен доказ не само за Бога како Создател, туку и за силата, љубовта и човекољубието на тој Бог како наш Создател. Така е моќно тоа што Павле го кажува во Римјаните 1,18-21, што оние кои го отфрлаат таквиот Бог нема да имаат изговори на денот на судот, бидејќи за Него може доволно да се научи врз основа на она што го создал. Со други зборови, тие нема да можат да се правдаат со своето незнаење!

Посебно во ова доба, кога многу луѓе почнале, наместо Бога, да обожаваат суштества, колку е суштински важно христијанското образование во областа на науката и уметноста секогаш да тргнува од претпоставката дека Бог е Создателот и Тој одржува сѐ што постои. На крајот, сите идеологии и претпоставки што го негираат или исклучуваат Бога, можат да водат само во заблуда. Световното образование главно се заснова на претпоставката дека нема Бог, но христијанското образование не смее да падне во таа стапица, ниту во своето дејствување и во најмалата подробност да се повикува на принципите засновани на претпоставката дека нема Бог. Во тие два случаи, луѓето неизбежно ќе завршат во заблуда.

**Размислувајте за неверојатните чуда и за убавината на нашиот свет, дури и по гревот. Како можеме да научиме да црпиме надеж и утеха од сето тоа, особено во моментите на личните искушенија и страдања?**

## УБАВИНАТА НА СВЕТОСТА

**Текстот од Псалм 96,9 гласи: „Поклонете Му се на Господа во сјајот на Неговата светост. Трепери пред Неговото лице, цела земјо!“ Како да го разбереме тој поим „во сјајот на неговата светост“ (според српскиот превод „светата красота“; а според NKJV „убавината на светоста“; заб. прев). Што би требало да значи за еден христијанин, и како тоа влијае на она што го учиме за уметноста и убавината која често се поврзува со неа?**

---

Иако се вели дека е „убавината е во окото на оној кој гледа“, не смееме да заборавиме кој е Тој што првично го создал окото (види Мудри изреки 20,12). И иако мораме да водиме сметка да не ги обожаваме самите созданија (погледни во поуката од вчера), врз основа на убавината на создадениот свет можеме да дознаеме нешто за Бога и за Неговата љубов кон убавината. Ако нашиот паднат свет сè уште така убаво изгледа, кој може и да замисли како тој мора да изгледал пред падот во грев? А тоа нè учи дека Бог е навистина Создател на убавото.

Затоа, проучувањето на уметноста и науката може и треба да нè приближи до Божјето срце и карактер. Бидејќи сме дел од Божјето уметничко дело и научни феномени, исто така можеме да дознаеме нешто повеќе за сопствениот идентитет во Христа.

„Бог би сакал неговите деца да се восхитуваат на неговите дела, да уживаат во едноставната, тивка убавина со која го украсил нашиот земен дом. Бог е љубител на убавината, но повеќе од секоја надворешна привлечност ја сака убавината на карактерот; Тој би сакал да негуваме невиност и едноставност - тивките особини на цвеќето“ (*Патот кон Христа*, стр. 85 ориг).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,6. Што учи тој за тоа дека убавината сама по себе не е задолжително добра и света? Види и Мудри изреки 6,25; 31,31.**

---

Како и за сè останато што создал Бог, и ние имаме непријател кој сето тоа го искористува и извртува. Затоа не треба да нè изненади што и убавината и сфаќањето на убавината исто така може да се употреби против нас. Според тоа, посебно во уметноста, христијанското образование водено од Светото писмо мора да ни помогне да сфатиме дека сè што е убаво не мора задолжително да биде добро и свето.

**Кои се тие „убави“ работи кои не се нужно свети и добри? Или, кои се тие убави работи кои можат да станат несвети и лоши, зависно од околностите? Кое мерило го користиме за да можеме да ги забележиме тие разлики?**

## СТРУЧЊАЦИ ЗА ЗАБЛУДА

Знаеме дека светот опфаќа многу повеќе нешта, покрај неговиот удел во уметноста и филозофијата, со што се покажува непочитување кон Бога. Многумина би се согласиле дека христијаните никогаш не треба да стапнат на тој терен. Затоа христијаните адвентисти мораат внимателно да го разгледаат своето занимање во извесни гранки на работа, покровителство над извесни установи и следење на извесни медиуми.

**Во 1. Тимотеј ни е дадено јасно упатство што би требало да избегнуваме, но и опсежно објаснување во врска со тоа. Кои се тие цели против кои Павле нѐ опоменува во 9. и 10. стих?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Прочитајте го остатокот од текстот на 1. Тимотеј 6. Кои се тие клучни цели коишто Павле ги одобрува?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Забележете како Павле нѐ предупредува во 1. Тимотеј 6,20 за „нечисти и празни разговори и од расправии на лажната наука“. Иако тој го користи во поинаков контекст, тој принцип сѐ уште е применлив. Сетете се на сите информации, на сите учења, на сите верувања, не само сега туку и низ целата човечка историја, кои биле сосема погрешни. Луѓето навистина можат да бидат стручњаци за заблуда.

Во текот на речиси 2000 години, најпаметните луѓе на светот, стручњаците, верувале дека земјата е неподвижна и дека е сместена во центарот на вселената, додека сите ѕвезди и планети се вртат околу неа во совршени кругови. Некои многу комплицирани математички и научни објаснувања биле употребени како потпора на тоа верување, иако се испоставило дека тоа било погрешно во речиси секоја подробност. Затоа би можеле да кажеме дека тие луѓе биле во вистинска смисла стручњаци за заблуда и дека тоа учење несомнено било „лажна наука“.

**Биолошката наука, денес, на пример, тргнува од претпоставката дека животот настанал пред повеќе милијарди години, врз основа на чиста случајност, без никаков Бог и крајна цел. Во исто време, се појавила неверојатна количина комплицирана, исцрпна научна литература заснована на тоа учење. Кои поуки можеме да ги извлечеме за тоа како луѓето можат да бидат стручњаци во заблуда? Како треба овој увид да влијае на христијанското образование воопшто, а особено на поучувањето во областите на науката?**

## БЕЗУМНОСТ И МУДРОСТ

**Прочитајте ја 1. глава на книгата Мудри изреки Соломонови. Какви поуки ни дава таа за суштината на вистинското христијанско образование?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Библијата врши постојано споредување меѓу мудроста и безумноста. Книгата Мудри изреки Соломонови истрајно нè потсетува на опасностите од непромисленото однесување и движење во друштвото на безумници. Разликата е јасна: Бог сака Неговиот народ да ја бара мудроста, високо да ја цени и да изобилува со неа.

Студентите на уметности и науки ги користат своите таленти за да стекнат знаење и да остварат успех на своите студии. Предавачите на тие дисциплини го прават истото. Благодарение на знаењето и способностите, ние можеме да постигнеме уметничка вештина и големи успеси во науката.

Меѓутоа, од христијанска перспектива, што воопшто значи знаењето за уметноста и науката, доколку не вклучува и познавање на разликите меѓу она што е правилно и погрешно, добро и зло, вистина и заблуда? Сè што треба да правиме, на пример, е да прочитаме нешто за животот на некои од оние кои се сметаат за најголеми уметници на овој свет, па да сфатиме дека имањето извонредни вештини и таленти не подразбира и морален, правилен живот. Би можело да се забележи, исто така, дека големите научници, кои се вклучени во создавањето на биолошкото и хемиското оружје за масовно уништување се високо образовани и многу талентирани, но каков е плодот на нивната работа? Како што порано беше кажано, знаењето само по себе не е нужно добра работа.

**Прочитајте Мудри изреки 1,7. Како овој текст ни открива што е клуч на вистинското христијанско образование?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Еден добитник на Нобелова награда, атеист, човек кој ја проучува вселената и физичката сила во неговата основа, напишал: „Колку повеќе вселената ми се чини разбирлива, толку повеќе ми изгледа бесмислена“. Како тоа ни покажува дека знаењето, само по себе, не само што може да биде бесмислено туку, што е уште полошо, може да доведе до груби грешки?**

## БОЖЈИОТ ОДГОВОР НА ЈОВ

**Прочитајте ја 38. глава од Книгата за Јов. Што можеме да научиме за Бога, не само како Создател, туку и како Одржувач на целокупниот живот? Како таа вистина би требало да влијае на нашето разбирање на уметноста и науката?**

---

„Мнозина учат дека материјата има животна сила – дека ѝ се дадени извесни способности и дека потоа е оставена да дејствува со својата сопствена енергија што е неразделна од неа, и дека природата во своето дејствување ги следи утврдените закони во кои не се меша дури ни Бог ниту може да влијае врз нив. Тоа е лажна наука, нешто што не може да се поткрепи со Божјата реч. Природата е само слуга на Творецот... Природата сведочи за присуството и за делотворната енергија на едно разумно Суштество кое дејствува преку неа и владее со нејзините закони. Во природата е присутно постојано дејствување на Отецот и Синот. Христос кажува: 'Мојот Отец досега работи, и јас работам' (Јован 5,17)" (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 114 оригинал).

За жал, како што претходно беше кажано, науката во голем дел се заснова на атеистичките материјалистички претпоставки. Ова значи дека еден научник би можел да набљудува некоја појава со извонредна убавина, или со неверојатна сложеност, па дури и некоја што е истовремено извонредно убава и сложена, а сепак да тврди дека се појавила случајно, без никаква претходна промисленост или намера.

Токму тоа науката, всушност, го тврди сето време. Животот на земјата, со сета своја убавина и сложеност – од пеперутките до луѓето – се објаснува само како спој на одредени хемикалии што пред повеќе милијарди години случајно се поврзале образувајќи едноставни облици на живот, а кои тогаш, по пат на последователни мутации и природна селекција, еволуирале во сѐ она што денес живее, диши и се врти.

Науката, како што сега е установена, тврди дека и самата идеја за натприродниот Создател е „ненаучна" бидејќи не може научно да се испита, и според тоа претставува поим со кој науката не може да се занимава. Таа претпоставка не е нешто што го учи самата наука (всушност, се чини дека науката го учи сосема спротивното – бидејќи сета убавина и сложеност на овој свет навистина упатува на Создателот), туку дека тоа е едно филозофско гледиште наметнато од одредени научни дисциплини од страна на самите научници.

Меѓутоа, проблемот е што Светото писмо учи дека Бог не само што создал сѐ туку Тој и го одржува сето тоа. Тоа значи дека секое вистинско христијанско образование од областа на науката мора да тргне од радикално поинакви претпоставки во однос на оние за кои науката главно се држи. Значи, до конфликти неизбежно ќе доаѓа, посебно кога станува збор за потеклото на животот.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Има две причини поради кои науката, која толку многу работи правилно ги сфаќа, толку греши околу прашањето за потеклото на животот. Прво, науката, која го проучува природниот свет, мора да бара одговори само во природниот свет. Второ, науката тргнува од претпоставката дека природните закони мора да останат непроменливи. Меѓутоа, тие две претпоставки се погрешни кога станува збор за потеклото на животот.

Да тргнеме од првата претпоставка, која бара природните појави да имаат природно потекло. Тоа е сосема во ред кога ја следиме појавата на ураган, но многу е бескорисно кога станува збор за настанувањето на светот, за кој се вели: „Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата" (1. Мојсеева 1,1). Што може да нѐ поучи науката, која негира сѐ што е натприродно, за постанокот на светот кој во потполност бил натприроден?

А кога станува збор за непроменливоста на природата? Тоа изгледа има смисла, освен што текстот Римјаните 5,12 – „Затоа, како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот – смртта, по таков начин и смртта премина на сите луѓе преку еден човек, зашто сите згрешија" – подразбира постоење на едно природно опкружување коешто никако не може да се спои со она што го знаеме и е квалитативно поинакво од што било друго со кое науката денеска се соочува. Светот, во кој смртта не постоела, радикално е поинаков од оној што ние денес можеме да го проучуваме, а да се претпостави дека тогашниот и денешниот свет се слични, иако не се, исто така би довело до погрешни заклучоци.

Според тоа, науката погрешно го сфаќа потеклото на животот бидејќи ги негира двата клучни аспекти на создавањето – натприродната сила при неговиот почеток и радикалната физичка неспојливост меѓу првобитно создадениот свет и светот каков што денес го гледаме.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте во класата за прашањето околу убавината. Што е убавината? Како ја дефинираме? Како христијанинот би можел да ја дефинира и да ја разбере убавината поразлично од некој нехристијанин?**
2. **Христос можел да дојде на земјата како прекрасен научник и да биде богато награден за своето револуционерно истражување. Можел да стекне голема слава и како музички изведувач. Но, наместо тоа, Тој дошол и бил обучуван како обичен занаетчија. Бил присутен при Создавањето, но обучувал други како лаик и послушно ги исполнувал своите должности. Какво охрабрување ни два тоа, каде и да се наоѓаме на своето образовно и професионално патување.**
3. **Иако секој од нас не е повикан да поучува во училишта, христијаните би можеле секогаш да ги поучуваат другите со своите зборови и дела, без разлика дали тоа го прават со намера или потполно несвесно. Од таа причина, кои навики би требало христијанинот да ги негува, и како Христов ученик и како учител на овој свет?**

Поука 11
5 - 11 декември 2020

# САБОТА





**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 3,19; 5. Мојсеева 16,15; 2. Мојсеева 25,10-30,38; Галатјаните 5,22-26; Проповедник 9,10; 1. Коринќаните 10,31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И така, браќа мои возљубени, бидете постојани, непоколебливи и секогаш богати во делото Господово, знаејќи дека трудот ваш пред Господ нема да биде залуден“ (1. Коринќаните 15,58).**

Работата е Божја замисла. Во идеалниот свет пред гревот, Бог на Адама и Ева им дал задача да се грижат за градината (1. Мојсеева 2,15). Како и нивниот Создател, според чиј лик се создадени, требало да бидат вклучени во креативна работа и служба од љубов. Според тоа, дури и во нерасипаниот свет, свет без грев, смрт и страдање, луѓето требало да работат.

Но, во ова „време помеѓу“ (по идеалниот свет и пред оној ветениот), повикани сме на работата да гледаме како на еден од Божјите благослови. Меѓу Евреите, секое дете било научено на некој занает. Дури и се зборувало дека таткото, кој нема да го научи својот син на некој занает, всушност воспитува криминалец. Во согласност со ова, Исус, Божјиот Син, поминал многу години извршувајќи ја волјата на Отецот и чесно работејќи како вешт занаетчија, при што веројатно ги снабдувал луѓето од Назарет со потребниот мебел и орудија за земјоделство (Марко 6,3). Тоа, исто така, бил составен дел од Неговата обука и подготовка за службата што Го чекала. Апостолот Павле исто така го извршувал Господовото дело кога, заедно со Акила и Прискила, една и пол година правел шатори, а во саботите водел расправи со синагогите (Дела 18,1-4; 2. Солуњаните 3,8-12). Оваа седмица ќе го разгледаме целокупното прашање на работата и неговата улога во христијанското воспитание и образование.

## МНОГУТЕ СТРАНИ НА РАБОТАТА

„Разбрав дека за нив нема ништо подобро, освен да се веселат и да прават добро во текот на животот свој. Кога секој човек јаде и пие, и го гледа доброто во секој свој труд, тоа е дар Божји“ (Проповедник 3,12.13).

„Работа“ е едноставен збор без никакви излишни украси. Се состои од еден слог, а сепак има многу можни значења. Ние работиме од потреба, за да изнесеме храна на масата, да ги плаќаме сметките и да заштедиме нешто за тешки времиња. Загубата на работата е често полоша од помирувањето со тешката ситуација на работа.

Работата на една личност може да ѝ даде чувство на вредност. Работата е вообичаен одговор на прашањето: „Со што се занимавате“, или дури „Што сте вие по занимање?“ Повеќето пензионери продолжуваат да работат сè додека се во можност, без разлика дали волонтираат или се платени за тоа. Работата ни дава причина наутро да станеме. Дајте му на тинејџерот работа, и ќе имате еден кандидат помалку за деликвенција.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,19. Каков е овде контекстот и што ни зборува тоа за уште една страна на работата, барем за некои?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Работата што му била дадена на човекот пред падот во грев, одеднаш се менува. Тоа нè упатува на уште една страна на работата. За некои, работата значи само секојдневен макотрпен напор, кој ќе заврши со смрт. Тие извршуваат работа која ја презираат, надевајќи се само дека ќе отидат во пензија пред да го изгубат здравјето. Кај некои други, пак, работата потполно го обзема нивниот живот и така станува центар на нивното целокупно битисување и основен извор на личниот идентитет. Надвор од својата работа, тие луѓе се чувствуваат нерасположено и дезориентирано, несигурни се што треба да прават и кон што да се свртат. По пензионирањето пропаѓаат физички и физиолошки, и често прерано умираат.

Меѓутоа, христијаните треба на научат како да работат на Божји начин. Работата е нешто повеќе од економска нужност. Човекот е нешто повеќе од вработен работник. Правилно сфатено, нечие животно дело е широк пристап на службата, израз на нечиј однос кон Господа. Дел од задачата на оној кој поучува е да им помогне на учениците да пронајдат работа на која нивните вештини и од Бога дадени интереси ќе се вкрстат со потребите на овој свет.

**Што правите вие? Во смисла – што правите со својот живот и како можете, работејќи го тоа, подобро да го прославите Господа?**

## РАБОТА И НЕГА

Звањето или работата подразбира „занимавање“ со животот. Дури и оние со најумни занимања, во крајна линија, извршуваат и некоја физичка работа, без разлика дали тоа се сведува само на притискање на копчињата на тастарурата од компјутерот.

**Што можеме да научиме од следните текстови за работата – користејќи ги „рацете“ како симбол?**

**5. Мојсеева 16,15** ______________________________

______________________________

**Проповедник 9,10** ______________________________

______________________________

**Мудри изреки 21,25** ______________________________

______________________________

**Еремија 1,16** ______________________________

______________________________

Бог ни ги дал „делата на нашите раце“, за да можеме да доживееме исполнетост и радост (види: Мудри изреки 10,4; 12,14). Во психологијата „самоефикасноста“ (лично доживување на успехот) опишува верување дека секоја личност е способна да постигне нешто значајно во животот). Самоефикасноста не се зголемува само со случајно повторување на зборовите: „Мислам дека можам! Мислам дека можам!“ Само конкретното занимавање со некоја работа ја зголемува самоефикасноста.

Иако „делата на нашите раце“ претставува Божји благослов за нас (види Псалм 90,17) и ни овозможува да живееме осмислен живот, Божјиот конечен план е „делата на нашите раце“ да бидат благослов за другите. Павле пишува дека ние мораме да работиме, да правиме нешто корисно со своите раце, за да имаме што да споделиме со другите. Тој во својот живот несомнено се водел од ова начело:

„Сами знаете дека за потребите мои и на оние што беа со мене, ми послужија овие мои раце. Со сè ви покажав дека така треба да се трудите и да им помагате на немоќните, а исто така и да ги помните зборовите на Господ Исус, зашто Тој Сам рече: ‚Поблажено е да се дава, отколку да се прими‘“ (Дела 20,34.35).

Едноставната молитва на Немија би требало да биде и наша: „Затоа, Боже, зацврсти ги рацете мои“ (Немија 6,9; според преводот NKJV).

**Каков став имате вие кон својата работа? На кој начин би можеле да ја искористите својата работа, за таа повеќе да послужи за благослов на другите?**

## РАБОТАТА И ИЗВОНРЕДНОСТА

**Фрлете брз поглед на текстот 2. Мојсеева 25,10-30,38. Колку прецизен бил Бог кога од Мојсеја барал да подигне шатор за богослужение? Што ни кажува тоа за Божјиот карактер?**

---

Кога Бог му рекол на Мојсеја да направи шатор „за Него“, тој можел да каже: „Нема проблем, Господе! Јас подигам шатори уште откако побегнав од Египет пред 40 години... Дај ми само неколку минути!“ За секој маж што живеел во полуномадската мадијанска култура на тоа време, поставувањето на шатор била едноставна работа. Би можел да го направи тоа со врзани очи, автоматски, додека мислите би му талкале кон други, поважни работи. Она што Мојсеј можеби и не го очекувал, бил еден многу прецизен сет од нацрти (за инаку многу едноставна архитектонска конструкција), заедно со долга листа со упатства за секое парче мебел кој требало да се најде внатре, како и за свештеничката облека – речиси 150 прецизни инструкции. За да се направи една обична маса, Мојсеј морал да ја следи процедурата за составување од седум чекори (2. Мојсеева 25,23-30).

Вниманието кон деталите коишто Бог ги покажал при подигањето на Својот шатор (како и подоцна при давањето упатства за жртвените ритуали), го открива преовладувачкиот дух на извонредност, желба да не се направи ништо помалку од ремек-дело. Материјалите биле од најдобар квалитет, нацртот беспрекорен, изработката морала да биде извонредна – пораката била јасна: „Кој Бога не поминува немарното работење!“

Меѓутоа, иако изгледало дека мерилата се високи, лично Бог обезбедил не само поттик, туку и човечки ресурси за да се постигне сето тоа. Во текстот 2. Мојсеева 31,1-6; 35,30 – 36,1 читаме дека лично Бог им ги дал на тие луѓе потребните вештини. Тие луѓе биле „исполнети со Светиот Дух“, што им давало способност и познавање на секоја вештина, така што изработката на шаторот и мебелот во него се одвивала како што „заповедил  Господ“ (2. Мојсеева 36,1).

Дури и истите двајца главни изведувачи на работите биле обдарени и со „способност да можат да учат и други“ (2. Мојсеева 35,34), за да може нивното знаење и вештини да се сочуваат во рамките на израелската заедница. Иако тие двајца поединци во извештајот се издвоени како водачи кои Бог ги одбрал, и другите луѓе примиле слични дарови и се придружиле на работата (2. Мојсеева 36,2).

Според тоа, со оглед на својата паднатата природа, грешните луѓе немаат правилен изговор кон која било задача да се однесуваат со нешто помалку од крајна посветеност. Бог од нас очекува секогаш да работиме најдобро што можеме, правилно користејќи ги своите таленти, вештини, време и образование за големи дела.

## РАБОТАТА И ДУХОВНОСТА

„Ако живееме со Дух, по Духот сме должни и да постапуваме“ (Галатјаните 5,25). Човековата работа и духовност се нераздвојни. Христијанството не е облека која може да се облече или да се соблече како некој кој менува расположенија или поминува низ различни животни фази. Напротив, христијанството создава ново суштество кое се открива во секоја димензија од животот, вклучувајќи ја и работата.

**Прочитајте Галатјаните 5,22-26. Кои од даровите што ги набројува Павле ве опишуваат вас и вашата работа?**

___

___

___

Еден новозаветен речник ја опишува „духовната“ личност како онаа која ги „носи плодовите на Духот на сопствен начин“. Врз основа на тоа, можеме да заклучиме дека ние, човечките суштества, преку нашата поврзаност со Христа, ќе делуваме како верници во сите аспекти на својот живот.

Еден пациент лежел на смртна постела во болница во Флорида, додека неговиот најблизок пријател бдеел покрај неговата постела. Медицинските сестри влегувале и излегувале од просторијата, водејќи грижа за потребите на пациентот. Настојувајќи да започне разговор, ги прашал сестрите каде се школувале. Многумина од нив рекле дека учеле во колеџот Флорида Хоспитал.

Тоа оставило голем впечаток на овој човек. Тој подоцна неколку пати го посетил тој колеџ за да види како изгледа. А зошто? Затоа што му изгледало, како што им зборувал на луѓето дека сестрите што се школувале тука, редовно посветувале поголема грижа и внимание на неговиот пријател кој умирал, во однос на сестрите кои се школувале некаде на друго место. Значи, тој успеал да забележи голема разлика меѓу нив и останатите, кога станува збор за нивниот став кон неговиот пријател што бил на умирање.

Затоа, подетално се распрашал за тој колеџ и за неговата мисија, и конечно дал дар од 100.000 долари за школување на повеќе медицински сестри како што биле оние кои ги видел на дело. Да, духовноста е начин на живот.

**Како вие ја покажувате својата духовност извршувајќи ги секојдневните животни задачи? Каков впечаток мислите дека оставате (бидејќи, во секој случај, вие оставате извесен впечаток)?**

## РАБОТАТА И ПОВЕРЕНИЧКАТА СЛУЖБА

„Сè, што може да врши раката твоја, според силите твои, врши“ (Проповедник 9,10). Најмудриот меѓу луѓето ги применува овие совети во врска со повереничката служба во секој аспект од животот.

Кога треба нешто да се каже за повереничката служба, многумина веднаш помислуваат на христијанската финансиска одговорност. Иако парите неспорно се важен аспект на повереничката служба, би било претесно сфаќањето ако се ограничиме исклучиво на нив. Во рамките на организациската теорија, управителството се однесува на одговорноста на управата да ги развива и правилно да ги користи сите ресурси што ѝ стојат на располагање.

Кои се тие ресурси со кои Бог нè благословил, кога станува збор за црквата? Петар јасно тврди дека секоја личност има дарови од Создателот, а така обдарените христијани тој ги нарекува „свештенство свето“ (1. Петрово 2,5) и ги смета за одговорни пред Бога за начинот на кој управуваат со сите Божји дарови: парите, времето, енергијата, талентите и друго.

**Прочитајте ги текстовите Проповедник 9,10 и 1. Коринќаните 10,31. Која порака ја наоѓаме во тие стихови за тоа како би требало да работиме и како да ги учиме луѓето да работат?**

______________________________________________________

______________________________________________________

Една од вообичаените стапици на денешницата е склоноста различни аспекти од животот да се разграничат. Така, некој има деловен живот, семеен живот, духовен живот, па дури и забавен живот. Склоноста тие области од животот да се одвојат за меѓу нив да има многу малку или воопшто да нема преплетување, во некои случаи може да биде пожелна. На пример, не е добро работата да се донесе дома, и така да се преплетува во семејните одговорности. Ниту, пак, би требало желбата за забава да го скратува времето што го поминуваме со Бога.

Меѓутоа, таквите ограничувања не би требало да се примени на улогата којашто духовноста мора да ја игра во целокупното наше живеење. Работата на христијанинот произлегува од заедништвото и соработката со Бога. Работата е еден од начините на кои можеме да го практикуваме Божјето присуство. Да се огради нашиот верски живот, да се ограничи Бог на еден ден или на еден час, па дури и само на едно подрачје од животот, значи да се отфрли Божјето присуство во сите останати подрачја.

**Се поставуваат две прашања: Прво, запрашајте се дали навистина го оградувате својот духовен живот. Второ, ако го правите тоа, како би можеле да научите да ѝ препуштите на духовноста да владее над сè што работите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 3; Проповедник 2,18-23; Ефешаните 6,5-8; во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт, прочитајте под насловот „Искушение и пад“, стр. 52-62 оригинал.

Работата – благослов или проклетство? Може да изгледа дека работата станала дел од проклетството поради гревот (1. Мојсеева 3,17). Меѓутоа, внимателното читање открива дека, всушност земјата била проклета, а не работата. Елена Вајт тврди дека Бог го одредил тоа како благослов: „И животот исполнет со страдања и грижи, кој од тогаш требало да биде човекова судбина, му бил даден од љубов. Тоа била една казна чијашто неопходност ја наметнал гревот и која требало да биде пречка кон задоволување на апетитот и страстите, како и поттик кон развој на самосовладување. Тоа е еден дел на големиот Божји план со кој е предвидено враќање на човекот од пропаста и од неговото понижување предизвикани со гревот“ (*Патријарси и пророци,* стр. 60 оригинал). Дали ние можеби сме ја претвориле во проклетство преку монотонијата, прекумерната работа или преценувањето на неговата улога во нашиот живот? Каква и да е нашата ситуација, мораме да научиме на работата да гледаме од вистинската перспектива. А христијанското образование мора да придонесе кон тоа луѓето да ја научат вредноста на работата, а во исто време да не ја претворат во идол.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го текстот Проповедник 2,18-24. Како Соломон може да ја процени работата едновремено како благослов и како проклетство, и тоа во ист отсек во Библијата? Кои навестувања ги наоѓаме во самиот текст за тоа како нашиот пристап кон работата може да ја направи таа разлика?**

**2. Токму преку работата ние се грижиме за (го прехрануваме) нашето семејство. Како можеме позитивниот став кон работата да го пренесеме на своето семејство?**

**3. Границата меѓу совесното извршување на работата и работохолизмот понекогаш е тешко воочлива. Што треба да правиме за да не ја пречекориме? Види го текстот Проповедник 2,23.**

**4. Павле многу јасно изјавил: „Зашто, кога бевме меѓу вас ви го заповедавме ова - кој не сака да работи, тој нека и не јаде“ (2. Солуњаните 3,10). Тоа, секако, има голема смисла. Меѓутоа, во кои случаи тоа не би можело да се примени? Односно, зошто мораме да водиме сметка тоа да не го претвориме во железно правило што никогаш не смее да се прекрши?**

**Поука 12**
**12 до 18 декември 2020**

# САБОТАТА – ДОЖИВУВАЊЕ НА БОЖЈИОТ КАРАКТЕР И ЖИВЕЕЊЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО НЕГО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1; 2; 2. Мојсеева 16,14-29; Исаија 58,1-14; Матеј 12,1-13; Лука 13,10-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Потоа продолжи: ’Саботата е создадена за човекот, а не човекот за саботата. Па така, Синот Човечки е господар и на саботата’“ (Марко 2,27.28)“.**

Џоди била единствениот адвентист на своите постдипломски студии, а нејзината одлука да не присуствува на некои социјални настани во саботите, направиле нејзините верувања да станат мошне воочливи.

Еден ден ја повикала Гејл, една од нејзините пријателки. Сопругот на Гејл требало да оди на пат шест седмици, и ја повикала Џоди во текот на тој период, во петоците навечер, да се дружи со неа бидејќи знаела дека Џоди тогаш и онака ништо не работи.

Во текот на наредните четири петоци навечер тие заедно вечерале, заедно слушале музика, ги разменувале своите христијански искуства и воопшто уживале во заемното дружење. Петтиот викенд Гејл ѝ рекла на Џоди дека била во градот да пазари, и кога го погледнала часовникот, си помислила: Саботата наскоро почнува. Одеднаш сфатила дека во текот на нивните средби во петок навечер доживеала нешто ново во својот верски живот. Пораснала и научила повеќе за својот Бог и ја продлабочила својата вера. Саботата била прилика за учење и за личен развој.

Ова е интересна приказна која зборува за тоа дека за саботата можеме да размислуваме не само како време за одмор, туку и како прилика за учење.

## ВРЕМЕ ЗА ВОСХИТУВАЊЕ

Дали некогаш сте се запрашале зошто Бог одлучил да ни даде два усогласени извештаи за создавањето во првите две глави од 1. Мојсеева? Текстот 1. Мојсеева претставува осврт на седмицата на создавањето и сè поголемите чуда на земјата, која најпрво го добила својот облик а потоа била исполнета од животот, што својот врв го достигнало со создавањето на мажот и жената во шестиот ден. Втората глава од 1. Мојсеева го разгледува истиот извештај, но од поинаква перспектива, со посебен акцент на шестиот ден. Адам сега е во центарот на сликата и, сè што е опишано, како да е тука поради него – градината, реката, животните и секако, жената.

Создавањето е премногу длабоко за само еден извештај. Затоа прво дознаваме за моќниот Создател, кој има око за совршена убавина. Потоа го запознаваме Бога кој е заинтересиран за меѓусебните односи, кој сака луѓето да се сакаат, да се грижат едни за други и за остатокот од создадениот свет.

**Прочитајте ги 1. и 2. глава од 1. Мојсеева, а потоа размислете како првата сабота (1. Мојсеева 2,1-3) ги поврзува и двата извештаи за создавањето. Како вашите заклучоци ви помагаат да разберете што би можело да значи тоа што Бог ја благословил саботата и ја посветил?**

---

Замислете се себеси како Адам или Ева таа прва Сабота. Тоа е првиот ден од вашиот живот, прв ден со вашиот сопружник и вашиот прв ден со Бога. Каков ден за учење! Почнувате да учите за Бога кој бил во состојба да создаде таква убавина. Се восхитувате гледајќи го слонот во еден момент, а жабата во следниот, и секое од тие суштества е единствено. Се смеете гледајќи ги палавостите на жирафите или биволите. Занемени сте додека ги гледате многубројните бои и облици, придружени со распеаната симфонија на звуци. Одушевени сте од изобилството мириси и вкусови, уживате истражувајќи различни текстури. Што е најважно од сè, почнувате да учите за заемните односи – за одговорностите, вниманието, љубовта. Сето тоа го доживувате во односот со својот Создател, а потоа почнувате да го применувате и на остатокот од создадениот свет.

Првата сабота не можела да биде пасивно искуство за Адама и Ева. Таа била од Бога дадена прилика да го насочат вниманието на својот Создател и сиот создаден свет. За нив тоа било време на чудење и восхит.

**Наведете ги различните прилики за учење што ги имале Адам и Ева во текот на таа прва сабота. Кои од тие прилики би можеле да бидат значајни и денес, иако во поинаков облик? Како тие би можеле да ја збогатат вашата сабота?**

## ВРЕМЕ ЗА ПОВТОРНИ ОТКРИТИЈА

Кога од Мојсеја било побарано да ги изведе Израелците од Египет, било јасно дека тие ја изгубиле својата перспектива како Божји деца. Им било потребно повторно да откријат кој е Тој Бог кој ги повикува да Му служат и кој има толку многу ветувања за светла иднина. Саботата била клучно поучно искуство на тоа патување со повторни откритија. Таа, исто така, станала јасен знак за останатите народи за посебниот однос што постоел меѓу Бога и тој народ. Искуството со маната детално го прикажува начинот на кој Бог го поучувал народот.

**Според текст 2. Мојсеева 16,14-29, кои поуки требало да ги научат Израелците?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бог за Израелците го обезбедил чудото со маната, давајќи им точно онолку храна колку што им било потребно за секој ден. Ако им давал повеќе од таа количина, можеби и би заборавиле Кој се грижи за нив. Така Бог секој ден го повторувал тоа чудо и тие сфатиле дека Тој се грижи за нив. Меѓутоа, ситуацијата со саботата била поинаква, токму како што и тој ден требало да биде поинаков. Сега се случувале две чуда: двојно количество храна во петок, кое не се расипувало преку ноќ. Тоа ја оставало саботата слободна, така што Израелците имале време да му се восхитуваат на тој Бог кој ги избавува, и повторно да откријат што значи да се биде Божји народ.

Израелците требало да јадат мана 40 години (2. Мојсеева 16,35). Освен тоа, Бог го упатил Мојсеја да сочува гомер мана за да се потсетува народот на тоа како Тој ги хранел во пустината (2. Мојсеева 16,32.33). Тоа требало да биде и потсетник на посебното искуство што го имале во саботниот ден. Имало и други прилики во кои Бог на Израелците јасно им давал до знаење дека саботата е посебна.

Саботата била начин на кој Бог им помогнал на Израелците повторно да го откријат својот идентитет и својот Бог. Биле повикани да ја почитуваат и празнуваат саботата, но сето тоа било во контекст на развивање на подлабоко разбирање на карактерот на нивниот Создател и градење на траен однос заснован на ветување.

**Замислете дека разговарате со некој тинејџер кој саботата ја смета за „здодевна“. Тој ја почитува само затоа што Библијата и неговите родители велат дека мора. Кои предлози вие би му ги дале за да му помогнете (повторно) да ја открие саботата како позитивно искуство во учењето?**

## ВРЕМЕ ЗА УЧЕЊЕ ЗА ПРИОРИТЕТИТЕ

Подемите и падовите во искуството на Израелците со Бога биле тесно поврзани со начинот на кој тие се однесувале кон саботата. Бог, на нивната неподготвеност да ја почитуваат саботата, видел знак дека Тој не им е битен во животот (Еремија 17,19-27). Обновената посветеност на саботата исто така била дел од нивното обновување – показател дека приоритетите се правилно поставени. Исаија 58 глава прикажува еден интересен контраст.

**Прочитајте го текстот Исаија 58,1-14. Што му кажува Бог на својот народ овде, а е важно и за нас денес?**

__________________________________________________

__________________________________________________

Израелците јавно покажувале дека се Божји следбеници – за време на богослужението и за време на постот – но начинот на кој живееле по богослужението покажувал дека тие само механички го правеле она што е правилно. Немало искрена, сесрдна посветеност на Божјиот закон.

Исаија во 58. глава продолжува да открива што Бог навистина очекува од својот народ.

Но, тоа не е сè. Прочитајте го текстот Исаија 58,13.14. Зошто Бог на крајот на една таква глава се сосредоточува на саботата? Пророкот тука користи изрази слични на оние во остатокот од оваа глава. Чувај се да не ги исполнуваш „желбите на твоето срце“; не иди по „своите патишта“; избегнувај го злото „да им угодуваш на своите грешни желби и да празнословуваш“ – предупредува пророкот. Со други зборови, саботата не е време за рутинско пристапување на богослужението, додека ние продолжуваме да се занимаваме со сопствените мисли и да водиме живот кој нема никаква врска со богослужението. Саботата треба да биде „милина“ и да се направи „свет ден Господов“. Во контекст на остатокот од таа глава, суштината на саботата е уживање во учењето за Божјиот карактер и за Неговите намери, а потоа однесување во согласност со тој карактер и намери во односот кон другите. Не е доволно само да знаеме како да ја испочитуваме формата на празнувањето на саботата. Учењето мора да влијае на животот. Саботата е време за учење за приоритетите и за живеењето во согласност со приоритетите.

**Дали уживате во саботата? Ако не, што можете да направите за да го промените тоа? Дали сте ја спознале „славата“ на саботата? Разговарајте со останатите во вашата саботношколска класа што би можело тоа да значи. Бидете колку што е можно попрактични.**

# ВРЕМЕ ЗА НАОЃАЊЕ РАМНОТЕЖА

Исус го почитувал и воздигнувал Божјиот закон (Матеј 5,17.18). Меѓутоа, Тој исто така го доведувал во прашање начинот на кој верските водачи го толкувале тој закон. Но, ниеден од предизвиците што им ги упатувал не се заканувал толку на нивниот вообичаен поредок колку Неговиот начин  на празнување на саботата. Синагогите не пропуштале саботата да ја направат прилика за учење – Тората се читала и толкувала без грешка. Книжевниците и фарисеите го познавале словото на законот. Меѓутоа, Исус одел многу подлабоко во поучувањето на своите следбеници во текот на саботниот ден.

**Прочитајте ги текстовите Матеј 12,1-13 и Лука 13,10-17. Врз основа на овие настани, на што го учел народот во своето време, а и нас денес**?

__________________________________________________________________________________

Полемиките во врска со Исусовото лечење во саботите довеле до важни духовни расправи за природата на гревот, причините за празнувањето на саботите, односот меѓу Исус и Отецот, и за природата на Исусовиот авторитет.

Исусовиот став кон саботата може соодветно накратко да се искаже со нашиот стих што треба да го запомниме за оваа седмица: „И им рече: 'Саботата е воспоставена заради човекот, а не човекот заради саботата. Така, Човечкиот Син е Господар и на саботата'" (Марко 2,27.28). Сакал да нагласи дека саботата не би требало да биде товар. Таа е „направена" (создадена) како единствена прилика луѓето да дознаат нешто за карактерот на Бога кој ја создал саботата и да учат од сопственото искуство, вреднувајќи го делото на Неговото создавање.

Исус со своите постапки поттикнувал прашања и со тоа ги поттикнувал своите ученици, еврејските водачи и народните маси подлабоко да размислуваат за Светото писмо, и за тоа колку им значат нивната вера и Бог воопшто. Секој од нас лесно може да се заплетка во правилата и прописите, кои сами по себе не се лоши, но лошо е ако станат цел сама по себе, наместо да бидат средство кое води до целта – а таа цел би требало да биде познавање на карактерот на Бога, на кого му служиме. Тоа, тогаш не води кон послушност кон Него, заснована на нашата доверба во заслугите на Христовата праведност за нас.

**Што е со вашето празнување на саботата? Дали сте ја претвориле во ден кога ова или она не смее да се работи, наместо во време кога навистина наоѓате одмор во Господа и подобро Го запознавате? Ако така, како можете да се промениме за да примите повеќе од она што Бог ви го наменил?**

## ВРЕМЕ ЗА ЗАЕДНИЦА

На своите ученици Исус им го оставил како пример својот обичај на седмично присуство во синагогата. По Неговото воскресение, тие продолжиле да го следат тој образец, како и останатите Исусови ученици. Синагогата станала едно од главните места на кои апостолите можеле да поставуваат прашања во врска со воскресението, а саботата пружала одлична прилика за заедницата да се собере и нешто да научи. Всушност, Исус бил еврејски Месија – Месија проречен во Стариот завет, за кого читале во синагогата секоја сабота. Кое место можело да биде подобро и посоодветно за да се велича Исус ако не во синагогата, особено што учениците тука им сведочеле на Евреите и на другите кои се бојат од Бога (Дела 13,16.26)?

**Разгледајте ги следните текстови: Дела 13,14-45; Дела 16,13.14; Дела 17,1-5; Дела 18,4. Што ни кажуваат за тоа како Исусовите следбеници сведочеле на јавни места? Додека ги читате наведените текстови, размислувајте за тоа каде тие зборувале, кому му се обраќале, што било кажано и какви биле резултатите.**

---

Сведочењето на апостолите било и лично, но и засновано на Светото писмо. Павле детално ја изнесувал историјата на Израел, почнувајќи од „нашите татковци“ (Дела 13,17), и следејќи ја нивната историја од населувањето, преку периодот на судиите и царевите, па сè до Давид, кого можел лесно да го поврзе со Исуса.

Павле и останатите апостоли исто така покажувале како нивното лично искуство и разбирање добиваат смисла во контекст на Светото писмо. Тие давале информација, изнесувале докази и разговарале. Тоа поврзување на личното искуство со Светото писмо преку проповедање, поучување и разговори дало моќни резултати. Како што покажуваат библиските текстови, некои од верските водачи им завидувале на апостолите, на нивниот авторитет и влијанието кое го имале на луѓето – како на Евреите, така и на паганите.

Црквата на адвентистите на седмиот ден исто така има богата историја кога станува збор за охрабрувачкото сведочење и излагање на Светото писмо преку проповедање, поучување и објавување на вистината. Поврзувањето на саботната школа со службата на Речта (проповедањето) и останатите собирања во текот на саботата (состаноците на младите, на пример), му дава силна формална образовна основа на адвентистичкото богослужение. Иако треба да се дополни со други искуства на учењето, сето тоа има пресудно значење за образовното искуство што го овозможува саботата.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Вајт, прочитајте ја главата под наслов „Сабота“, стр. 281-289 оригинал.

„Ниту една друга установа што им е доверена на Евреите не ги изделувала во толкава мера нив од околните народи како саботата. Бог одредил нејзиното почитување да ги именува како негови почитувачи. Таа требало да биде знак на нивното изделување од идолопоклонството и на нивната врска со вистинскиот Бог. Меѓутоа, за да биде саботата света, луѓето сами мора да бидат свети. Со вера мора да станат учесници во Христовата праведност. Кога му е издадена заповед на Израел: “Сеќавај се да го празнуваш саботниот ден”, Господ исто така им рекол: “Ќе ми бидете свет народ” (2. Мојсеева 20,8; 22,31). Само на тој начин саботата можела да ги обележи Израелците како народ кој му служи на Бога“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 283 оригинал).

„Значи, саботата е знак на Христовата сила со која нè прави свети. Таа им е дадена на сите што Христос ги прави свети. Како знак на неговата сила која посветува, саботата им е дадена на сите кои преку Христа стануваат дел на Божјиот Израел“ (*Копнежот на вековите*, стр. 288, 289 ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Адвентистите на седмиот ден често поминуваат време разгледувајќи што е прифатливо да се работи во сабота. Наместо тоа, осмислете прашања кои би можеле вниманието на оние што ја почитуваат саботата да го насочи кон идеалите за кои размислувавме во оваа поука и да ја нагласи саботата како образовно искуство. На пример: „Што е тоа што јас го правам во сабота, а ми овозможува да научам нешто повеќе за Божјиот карактер?“**

**2. Разгледајте ги наведените цитати од Елена Вајт. Таа напоменува дека формалното држење на саботата не е она по што почитувачите на саботата се разликуваат од останатите во својата заедница. Какви би требало да бидат луѓето кои се „учесници во Христовата правда“ и кои се направени „свети“? Каква врска има тоа со саботата?**

**3. На кои начини можете да го збогатите своето саботно искуство? Поставете си себеси три цели насочени кон она што би сакале да го научите преку празнувањето на саботата во наредните 12 месеци.**

**Поука 13**
**19 до 25 декември 2020**

# НЕБОТО, ОБРАЗОВАНИЕТО И УЧЕЊЕТО ВО ВЕЧНОСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 3,16; 1. Јованово 5,13; 1. Тимотеј 1,16; 1. Коринќаните 13,12; Захарија 13,6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Што окото не виде, што увото не чу, што во човечкото срце не дојде, тоа Бог го приготви за оние, кои Го љубат“ (1. Коринќаните 2,9).**

Плашејќи се од смртта, еден поет се прашувал како некој може да живее „без да знае сигурно какви мугри, каква смрт, каква судбина ја чека свеста зад гробот?“ Тој во својата поема замислил нешто што го нарекол ИПВ – Институт за подготовка за вечноста. Меѓутоа, како човек може да се подготви за нешто што допрва доаѓа, ако дури и не знае што ќе се случува тогаш со него?

За среќа, Библијата ни дава јасен увид во темата за небото, за новата земја и за начинот на кој ќе живееме и ќе учиме низ целата вечност. Како што видовме во текот на ова тримесечје, ИПВ се наоѓа овде и сега, во овој живот, и сето наше образование – без оглед на областа на проучување – би требало да нè подготвува за она „што ќе дојде потоа“.

Всушност, секое училиште може да пренесе многу добри информации, многу практично и корисно знаење. Но, каква е ползата од сето тоа знаење ако човекот го изгуби вечниот живот? Оваа седмица ќе се осврнеме на она што го кажува вдахновението за едно врвно училиште – училиште кое трае засекогаш и во кое ќе учиме и ќе се развиваме низ целата вечност. Во тоа идно училиште, ќе учиме за работите кои во сегашниот свет не можеме дури ни да ги замислиме.

## СУДБИНА НА МРТВИТЕ

Во текот на седумнаесеттиот век, францускиот писател по име Блез Паскал, размислувал за состојбата на човештвото. Според него, колку долго и да живее човекот (а тогаш и не се живеело толку долго), и колку добар живот и да имал (а животот и не бил толку лесен во тоа време), порано или подоцна ќе умре.

Освен тоа, што и да е тоа што доаѓа по смртта, тоа ќе трае подолго, бескрајно подолго од краткиот животен век на овој свет што ѝ претходи на смртта. Оттука, според Паскал, најлогичната работа која некој би можел и би требало да ја дознае е каква судбина ги чека умрените. Тој бил запрепастен кога видел колку луѓето се вознемируваат поради нешто такво како што „загубата на положбата или некои наводни навреди на нивната чест“, а речиси ниту малку внимание не посветуваат на прашањето што ќе биде со нив после смртта.

Тоа за што пишува Паскал има смисла. И тоа несомнено е причина што Библијата троши многу време зборувајќи за ветувањето упатено на оние кои ќе најдат спасение во Исуса – ветување за тоа што ги чека во иднината.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 6,54; Јован 3,16; 1. Јованова 5,13; 1. Тимотеј 1,16; Јован 4,14; Јован 6,40; Јуда 1,21; Тит 3,7 Каква надеж ни е понудена тука?**

---

Вечниот живот има многу голема смисла во светлината на крстот; и ништо друго нема смисла, освен вечниот живот. Тоа што Создателот на вселената, Оној кој „ги создаде и вековите.“ (Евреите 1,2), Оној преку кого „живееме, се движиме и постоиме“ (Дела 17,28), тоа што Тој, Бог, се јавил во човечко тело и во тоа тело умрел... чуму сето тоа? За ние на крај да гниеме како животно загинато покрај патот?

Токму поради тоа Новиот завет е проткаен со ветувањата за вечниот живот, бидејќи само она што е вечно го гарантира враќањето во состојба каква што била на почетокот. Ни во милион, па дури и во милијарди години, можеби не би имало доволно добри моменти за да се надополнат оние лошите. Само вечноста може да ги доведе во рамнотежа сите работи, а потоа и некои поединечни, бидејќи бесконечното е секогаш повеќе од конечното, и тоа секогаш бесконечно.

Паскал бил во право. Нашето време овде е толку ограничено во споредба со она што доаѓа. Колку е неразумно да се биде неподготвен за вечноста која нѐ очекува.

**Што можете да му кажете на некој кој покажува потполна рамнодушност кон она што се случува по смртта? Како можете да ѝ помогнете на таа личност да увиди колку всушност е нелогичен еден таков став?**

# НОВО ПОСТОЕЊЕ

**„И ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина“ (Откровение 21,4). Што ни кажува овој стих, колку поинаку од овој свет ќе биде тоа наше ново постоење – постоење во кое ќе нема повеќе смрт, болка и тага?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Еден христијанин разговарал со пријателот за надежта на евангелието – ветувањето во вечниот живот преку Исуса Христа. Човекот реагирал негативно на целата таа замисла. „Вечен живот?“ – рекол, стресувајќи се. „Колку ужасна мисла! Нашите 70-80 години овде се доволно лоши. Кој би сакал ова да се продолжи засекогаш? Тоа би било пекол“.

Тоа што го кажал би можело да има смисла, само што тој не разбрал дека ветувањето за вечниот живот не подразбира едноставно продолжување на животот овде. Ве молам – кој би го сакал тоа? Но, како што нашиот уводен текст вели, старото ќе помине и сè ќе стане ново.

**Што ни кажуваат следните текстови за тој нов живот што ќе настане?**

**2. Петрово 3,10-13** ________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Откровение 21,1-6** ________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Важното прашање за нас во сето ова гласи: Што е потребно за да бидеме дел од тоа ново постоење? Како да стигнеме до таму? Како можеме да бидеме сигурни дека ќе бидеме дел од тоа? Што би можело во нашиот живот да нè спречи, ако такво нешто воопшто постои, да бидеме дел од она што ни Бог ни го ветил преку Исуса?**

# ТОГАШ ЌЕ ЗНАЕМЕ

„Небото е школа; неговата област на проучување е вселената; неговиот Учител – Бесконечниот. Гранка на оваа школа била отворена во Едем; и кога планот на спасението ќе се оствари, образованието повторно ќе продолжи во небесната школа“ – Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 301 (ориг.).

Ако и вие сте како повеќето луѓе, тогаш имате многу прашања – прашања за гревот, страдањето, болестите, смртта, за тоа зошто се случува ова или она, или зошто некои други работи се случуваат.

Ние имаме прашања и за светот на природата и за сите негови тајни. И покрај неверојатниот напредок што го постигнала науката за да ни помогне подобро да го разбереме овој свет и универзумот во целина, уште многу работи се надвор од нашиот досег.

Од наједноставните облици на животот до небото над нашите глави, од движењето на субатомските честички до кружењата на галаксиите расфрлани по целата вселена, соочени сме со реалност која е многу поширока и подлабока отколку што нашиот ум сега може да сфати, посебно во краткиот временски период што го имаме овде за да можеме сето тоа сами да го проучиме.

Но, кога ќе ја имаме вечноста за проучување, тогаш несомнено многу тајни ќе бидат разјаснети.

**Што ни кажуваат следните текстови за она што ќе го учиме тогаш кога целата оваа тажна епизода со гревот, страдањето и смртта конечно ќе заврши?**

**1. Коринќаните 13,12** ________________________________________

________________________________________________________________

**1. Коринќаните 4,5** ________________________________________

________________________________________________________________

Ветено ни е дека ќе ни биде дадено да го разбереме она што засега останува скриено од нас. Колку е прекрасна надежта дека, кога еднаш ќе го согледаме и разбереме она што сега ни изгледа толку тешко, ќе имаме само да пофали за Бога! Најважно за нас сега е да се држиме за нашата вера, да се надеваме во Божјите ветувања, да живееме во согласност со светлината што ја имаме и да издржиме до крај. А добрата вест е дека сѐ можеме „во Исуса Христа“, кој ни „дава сила“ (Филипјаните 4,13).

**Кои тешки прашања ви лежат на срце? Што е тоа што сега ви изгледа толку несфатливо? Како учењето да се потпираме на Бога во она што го разбираме може да ни помогне во врска со она што, за сега, не го разбираме?**

## УЧИЛИШТЕ ВО ВЕЧНОСТА

**„Зашто, нашата сегашна лесна неволја ни донесува прекумерно, и неизмерно, вечно изобилство на слава, зашто ние не мислиме на она што е видливо, туку на она што е невидливо; зашто видливите работи се поминливи, а невидливите се вечни“ (2. Коринќаните 4,17.18). Каква надеж ни нуди овој текст? Кои би можеле да бидат тие невидливи, вечни работи кои ги чекаме, кои ни се ветени преку Исуса? Видете и Откровение 21,1.2; 2,7; 7,14-17.**

---

Колку и да се реални ветувањата што ни се понудени во Исуса, колку добри причини и да имаме во нив да веруваме, останува фактот дека Библијата ни дава само навестувања, само делумен увид во она што нѐ чека. Меѓутоа, има едно нешто во што можеме да бидеме сигурни – сето тоа ќе биде прекрасно, и замислете си само колку прекрасен би бил животот без пустошењата што ги наметнува гревот!

Сета наша болка, сите наши страдања, сè со што се бориме овде е предизвикано од гревот и неговите последици. Христос дошол да го прекине сето тоа, и Тој ќе ја обнови земјата во согласност со она што Бог првобитно имал намера да биде пред да се појави гревот. Всушност, тоа ќе биде уште подобро, бидејќи среде сета таа слава засекогаш ќе можеме да ги гледаме лузните на Исусовите раце и нозе – цената на нашето спасение.

„Какво ли поле за истражување ќе се отвори пред нас кога ќе биде отстранет превезот што сега го замрачува нашиот видик, кога нашите очи ќе го здогледаат прекрасниот свет што сега само делумно го гледаме со микроскоп; кога ќе ја гледаме славата на небесата која сега оддалеку ја набљудуваме со телескоп; кога ќе биде отстрането злокобното влијание на гревот, кога целата Земја ќе се појави во „красотата на Господа, нашиот Бог!“ Тогаш секој истражувач на науката ќе може да ги чита извештаите за создавањето без да открие нешто што би го потсетило на законот на злото. Ќе може да ја слуша музиката на гласовите на природата без да оt крие ниту една нота на тага, ниту еден призвук на жалост; во сё што е создадено ќе може да следи само еден ракопис - во бесконечната вселена ќе го гледа Божјето име напишано со големи букви, а ни на земјата, ни во морето, ни на небото нема да види ниту една заостаната трага од злото.“ (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 303 оригинал).

**Обидете се да си доловите себеси како ќе изгледа вечниот живот во еден целосно нов свет – во свет без она што животот овде го прави толку тежок. Како го замислувате? На кои работи посебно се радувате?**

## ГОЛЕМИОТ УЧИТЕЛ

Како што видовме во текот на целото ова тримесечје, основниот аспект на Христовата служба овде на земјата било Неговото дејствување во улога на Учител. Од почетокот на Неговата служба, и со збор и на дело, Исус непрестано ги учел своите следбеници за вистините за него, за Отецот, за спасението и за надежта која нѐ чека (види Матеј 5,2; Марко 4,2; Лука 19,47; Јован 6,59).

Навистина, сѐ што треба да направите е да прелистате некое евангелие, кое било, и за сето време ќе наидувате како Исус поучува. Иако, дури и сега, Господ нѐ поучува преку својата Реч, тоа учење ќе продолжи и во новиот свет. Но замислете колку поинаку ќе изгледа тоа во еден свет, кој не е ненарушен од гревот и од сите оние ограничувања што тој ни ги наметнува.

**„Ако некој го праша: ‘Какви ти се тие рани по рацете?’ тој ќе одговори: ‘Ранет сум кај пријателите’“ (Захарија 13,6). Според вашето мислење, за што станува збор во овој текст?**

________________________________________

________________________________________

„Како годините на вечноста ќе поминуваат, ќе донесуваат сѐ побогати и почудесни откритија за Бога и Христа. Со зголемувањето на знаењето ќе расте и нивната љубов, нивната стравопочит и среќа. Колку повеќе луѓето ќе знаат за Бога, сѐ посилно ќе му се восхитуваат на неговиот карактер. А кога Исус ќе го открива пред нив богатството на откупувањето и вчудовидувач ките резултати од големата борба со сатаната, срцата на откупените ќе пламтат со сѐ посилна љубов. Со восхит и радост ќе ги земаат своите златни харфи и десет илјади по десет илјади и илјада илјади гласови ќе се слеат во силен хор на фалбоспев...

Големата борба е завршена. Грев и грешници нема веќе. Целата вселена е чиста. Насекаде во безмерниот универзум владеат апсолутна хармонија и радост. Од Оној кој создал сѐ тече живот, светлина и радост низ сите светови во бесконечните простори. Од најмалечкиот атом, до најголемиот свет, сѐ што е создадено, и живата и неживата природа, во својата непоматена убавина и совршена радост зборуваат дека Бог е љубов“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 678 оригинал).

**Од сите неверојатни вистини за кои ќе учиме во вечноста, ниедна нема да може да нѐ плени повеќе од онаа за Христовата жртва во наша полза. Замислете колку длабоко и богато мора да биде тоа што ќе го проучуваме во текот на целата целата вечност. Како можеме дури и сега да научиме повеќе да го цениме она што Исус го направил за нас на крстот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Воспитување* од Елена Вајт прочитајте ја главата „Училиште во вечноста“, стр. 301-309 оригинал, а во книгата *Големата борба* главата со наслов „Големата борба е завршена“, стр. 662 - 678 оригинал.

„Лавот кој овде предизвикува најголем ужас и страв, тогаш ќе лежи заедно со јагнето, и сѐ на новата земја ќе биде мирно и усогласено. Дрвјата ќе бидат исправени и раскошни, без никакво оштетување...

Сѐ што е убаво во нашиот овоземен дом нѐ потсетува на кристалната река и на зелените полиња, на раскошните дрвја и живите извори, блескавиот град и пејачите во бели облеки – на нашиот дом – тој свет на убавина кој ниеден уметник не може да го долови и ниту еден смртен јазик да го опише. Претставете си го живо во вашите мисли домот на спасените, но имајте на ум дека тој сепак ќе биде пославен отколку што и најживата фантазија може да го замисли“ (Ellen G. White, *Heaven,* pp. 133, 134).

„Од страв идното наследство да не изгледа премногу материјално, мнозина симболички ги претставуваат токму оние вистини што ни овозможуваат ова наследство да го сметаме за наш вистински дом. Христос ги уверувал своите ученици дека Тој оди да им приготви станови во куќата на Отецот. Оние што ќе го прифатат учењето на Божјата реч во врска со небесната татковина не можат да останат неинформирани. Сепак, ’што око не видело, што уво не чуло и што во човечко срце не дошло, тоа Бог го подготви за оние кои го љубат‘ (1. Коринќаните 2,9). Човечкиот јазик не може да ја опише наградата на праведниците. Тоа ќе им биде можно само на оние што ќе ја видат. Ниеден ограничен ум не е во состојба да ја сфати славата на Божјиот рај“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 674, 675 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Размислувајте повеќе за забелешката што ја изнел Паскал, за луѓето кои изгледаат толку незаинтересирано за она што ќе го донесе вечноста. Што мислите, зошто се луѓето такви? Зошто тоа е толку неразумен став?**
2. **Размислувајте повеќе за тоа зошто надежта во вечниот живот е толку важна за нашата вера? Зошто без неа навистина немаме ништо?**
3. **Размислувајте за неверојатните тајни што постојат во светот на природата. Без разлика дали станува збор за биологија, геологија, астрономија, физика, хемија – во сите области се покажало дека сè е многу посложено отколку што првобитно се мислело. Научниците, на пример, повеќе не зборуваат за „едноставни облици на живот“, бидејќи дошле до заклучок дека ни наједноставните облици на живот воопшто не се толку едноставни. Се чини дека секое ново откритие само отвора нови прашања на кои треба да се одговори. Како сето тоа ни помага да сфатиме уште колку работи ќе имаме да научиме во тоа „училиште во вечноста“?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ОКТОМВРИ

# СИЛА ЗА ПОБЕДА

## ВИЕ СТЕ БОЖЈИ ОРУДИЈА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Јован 1,12.** | *Вие сте Божји орудија* |
| *2. Петок* | **Римјаните 12,2.** | *Секогаш бидете подготвени за повик* |
| *3. Сабота* | **Лука 11,1.** | *Силата на благодатта што препородува* |

## СИЛА ЗА ПОБЕДА

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Матеј 25,14.** | *Секој човек има своја работа* |
| *5. Понеделник* | **Матеј 22,36.** | *Голема заповед* |
| *6. Вторник* | **1. Тимотеј 5,4.** | *Вежбајте се за живот на Небото* |
| *7. Среда* | **1. Петрово 3,15.16.** | *Сила за победа* |
| *8. Четврток* | **Колошаните 3,2–4.** | *Насочете ги своите мисли на небото* |
| *9. Петок* | **Ефешаните 2,4–6.** | *Имитирајте го Примерот* |
| *10. Сабота* | **Јован 6,51.** | *Трпезата на Божјата Реч* |

## СУДОТ ДОАЃА

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Исаија 54,13.** | *Првата школа на детето* |
| *12. Понеделник* | **2. Коринќаните 6,15.** | *Не избегнувајте го крстот* |
| *13. Вторник* | **Исаија 1,25.** | *Божествен облагородувач* |
| *14. Среда* | **Проповедник 12,14.** | *Судот доаѓа* |
| *15. Четврток* | **Матеј 28,18.19.** | *Божествен налог* |
| *16. Петок* | **Колошаните 2,6.** | *Испразнети од гордеста* |
| *17. Сабота* | **Исаија 58,10.** | *Религија на зборовите* |

## НЕ СЕ СОМНЕВАЈТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **Псалм 1,6.** | *Мислете за ова* |
| *19. Понеделник* | **Јован 4,10.** | *Животодавна вода* |
| *20. Вторник* | **Псалм 116,15.** | *Како да се соочиме со губитокот* |
| *21. Среда* | **Лука12,37.** | *Канали на благослови* |
| *22. Четврток* | **Филипјаните 4,4.** | *Не се сомневајте* |
| *23. Петок* | **Псалм 43,5.** | *Што да правиме со депресијата?* |
| *24. Сабота* | **Римјаните 5,3.4.** | *Изгубете се себеси од вид* |

## ХРИСТИЈАНИ ВОДЕНИ ОД ДУХОТ

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Евреите 2,13.** | *Важноста на религијата во домот* |
| *26. Понеделник* | **Откровение 16,15.** | *Завршната битка* |
| *27. Вторник* | **Откровение 12,9.** | *Ние сме на непријателска територија* |
| *28. Среда* | **Матеј 18,3.** | *Детска вера* |
| *29. Четврток* | **Псалм 19,7.** | *Христијани водени од Духот* |
| *30. Петок* | **Јован 17,15.** | *Сатаната не е мртов* |
| *31. Сабота* | **Псалм 37,25.** | *Едноставно најди почивка во Господа* |

# ЦЕЛОКУПНАТА ВИСТИНА ПОТЕКНУВА ОД ХРИСТА

## СОВРШЕНИ – КАКО НЕГО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | ***Јован 12,42.43.*** | *Запознајте се со вистината сами за себе* |
| *2. Понеделник* | ***Евреите 10,22.*** | *Предимства остварени со молитвата* |
| *3. Вторник* | ***1. Солуњаните 5,5.*** | *Христијани што се светлина* |
| *4. Среда* | ***Дела 17,11.*** | *Како по скриено богатство* |
| *5. Четврток* | ***Матеј 5,48.*** | *Совршени – како Него* |
| *6. Петок* | ***Марко 14,54.*** | *Поигрување со гревот* |
| *7. Сабота* | ***Марко 3,35.*** | *Небото во вашето срце* |

## ЦЕЛОКУПНАТА ВИСТИНА ПОТЕКНУВА ОД ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | ***2. Мојсеева 3,1.*** | *Управители на Божјата благодат* |
| *9. Понеделник* | ***Дела 9,6.*** | *Продолжете да го запознавате Господа* |
| *10. Вторник* | ***1. Мојсеева 28,11.12.*** | *Небото е отворено за нас* |
| *11. Среда* | ***Лука 8,16.*** | *Целокупната вистина потекнува од Христа* |
| *12. Четврток* | ***Исаија 56,6.7.*** | *По целиот свет* |
| *13. Петок* | ***Римјаните 5,18.*** | *Нема времена за кавга* |
| *14. Сабота* | ***Јован 4,14.*** | *Христос нека биде вашата светлина* |

## НАШЕ ЗАСОЛНИШТЕ И СИЛА

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | ***Евреите 12,2.*** | *Сегашните предимства во иднината* |
| *16. Понеделник* | ***Псалм 46,1.11.*** | *Наше засолниште и сила* |
| *17. Вторник* | ***Откровение 22,17.*** | *Наша посебна работа* |
| *18. Среда* | ***1. Коринќаните 14,40.*** | *Бог го сака убавото* |
| *19. Четврток* | ***Колошаните 3,17.*** | *Со ведрината се прославува Бог* |
| *20. Петок* | ***Откровение 21,5.*** | *Предвкус на небото* |
| *21. Сабота* | ***1. Јованово 5,4.*** | *Подготовка за бесмртност* |

## КАКО ЉУБОВТА ДА СЕ ОДРЖИ ЖИВА

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | ***Ефешаните 5,20.21.*** | *Како љубовта да се одржи жива* |
| *23. Понеделник* | ***Даниел 8,14.*** | *Итро осмислени приказни* |
| *24. Вторник* | ***Римјаните 12,11.*** | *Чесни во деловните потфати* |
| *25. Среда* | ***2. Петрово 3,11.12.*** | *Забрзување на Христовото доаѓање* |
| *26. Четврток* | ***Евреите 6,6.*** | *Школата во овој и во идниот свет* |
| *27. Петок* | ***Проповедник 10,17.*** | *Рецепт за добро здравје* |
| *28. Сабота* | ***Филипјаните 2,7.8.*** | *Светиот Дух – дар над даровите* |

## СЕКОЈДНЕВНО ОБРАТУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | ***Евреите 1,14.*** | *Службата на небесните ангели* |
| *30. Понеделник* | ***Мудри изреки 11,1.*** | *Секојдневно обратување* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ДЕКЕМВРИ
# ЉУБОВТА ГО ИСПОЛНУВА ЗАКОНОТ

### БЛАГОДАРНИ ЗА СЕКОЈ МИГ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **Филипјаните 2,12.** | *Страв од непослушност кон Бога* |
| *2. Среда* | **2. Мојсеева 31,2.3.** | *Даровите во согласност со потребите* |
| *3. Четврток* | **Јован 14,18.** | *Благодарни за секој миг* |
| *4. Петок* | **Колошаните 1,22.23.** | *Лек за алчноста* |
| *5. Сабота* | **Исаија 48,10.** | *Светлината ќе заблеска од темнината* |

### СРЦА ИСПОЛНЕТИ СО ХРИСТОВИОТ МИР

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **Малахија 3,10.** | *Да даваме како што примаме* |
| *7. Понеделник* | **1. Коринќаните 2,9.** | *Вечен губиток* |
| *8. Вторник* | **Исаија 48,4.** | *Тврдоглавоста – пречка за напредување* |
| *9. Среда* | **Даниел 4,30.** | *Како Бог гледа на величието* |
| *10. Четврток* | **Јован 17,21.** | *Срца исполнети со Христовиот мир* |
| *11. Петок* | **Ездра 7,6.** | *За твојата радост да биде потполна* |
| *12. Сабота* | **Исаија 8,20.** | *Господовата филозофија* |

### ХРИСТОС НЕКА НÈ УПАТИ

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Лука 9,24.** | *Величието на понизноста* |
| *14. Понеделник* | **Јован 8,12.** | *Кога вистината управува со животот* |
| *15. Вторник* | **1. Коринќаните 12,12.** | *Јареми направени од луѓе* |
| *16. Среда* | **1. Коринќаните 2,4.** | *Необичност и ексцентричност* |
| *17. Четврток* | **Лука 2,9.10.** | *Славење на Божиќ* |
| *18. Петок* | **Матеј 13,10.11.** | *Христос нека нè упати* |
| *19. Сабота* | **Исус Навин 24,15.** | *Изберете денес* |

### ЉУБОВТА ГО ИСПОЛНУВА ЗАКОНОТ

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Јован 6,12.** | *Соберете ги парчињата* |
| *21. Понеделник* | **Матеј 5,16.** | *Треперливи светилки* |
| *22. Вторник* | **Римјаните 13,10.** | *Љубовта го исполнува законот* |
| *23. Среда* | **Јован 2,11.** | *Претворање на водата во вино* |
| *24. Четврток* | **1. Дневникот 29,14.** | *Како да се биде успешен* |
| *25. Петок* | **2. Коринќаните 9,15.** | *Божји неискажан дар* |
| *26. Сабота* | **Ефешаните 4,1–3.** | *Единство* |

### ОДЕЊЕ ПО ИСУСОВИТЕ СТАПКИ

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Јаков 1,27.** | *Работиме во Христовите редови* |
| *28. Понеделник* | **Јован 15,20.** | *Под Негова закрила* |
| *29. Вторник* | **Евреите 13,8.** | *Совршена усогласеност со Божјата волја* |
| *30. Среда* | **Матеј 25,15.** | *Одење по Исусовите стапки* |
| *31. Четврток* | **Филипјаните 3,13.14.** | *Не дозволувајте нешто да ве одврати од целта* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Октомври*

| | |
|---|---|
| 1. | Амос 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| **3.** | 7-9 |
| | |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| 5. | Михеј 1-4 |
| 6. | 5-7 |
| 7. | Наум 1-3 |
| 8. | Авакум 1-3 |
| 9. | Софонија 1-3 |
| **10.** | Агеј 1-2 |
| | |
| 11. | Захарија 1-3 |
| 12. | 4-6 |
| 13. | 7-10 |
| 14. | 11-14 |
| 15. | Малахија 1-4 |
| 16. | Матеј 1-5 |
| **17.** | 6-8 |
| | |
| 18. | 9-11 |
| 19. | 12-13 |
| 20. | 14-15 |
| 21. | 16-17 |
| 22. | 18-20 |
| 23. | 21-25 |
| **24.** | 26-28 |
| | |
| 25. | Марко 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

## *Ноември*

| | |
|---|---|
| **1.** | Лука 7-8 |
| 2. | 9-11 |
| 3. | 12-14 |
| 4. | 15-17 |
| 5. | 18-20 |
| 6. | 21-22 |
| **7.** | 23-24 |
| | |
| 8. | Јован 1-3 |
| 9. | 4-6 |
| 10. | 7-9 |
| 11. | 10-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| **14.** | 19-21 |
| | |
| 15. | Дела 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-18 |
| **21.** | 29-23 |
| | |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-28 |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-9 |
| 27. | 10-12 |
| **28.** | 13-16 |
| | |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| 30. | 6-9 |

## *Декември*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| 2. | 13-16 |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| 4. | 6-9 |
| **5.** | 10-13 |
| | |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Ефешјаните 1-6 |
| 9. | Филипјаните1-4 |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| **12.** | 2. Солуњаните 1-3 |
| | |
| 13. | 1. Тимотеј 1-6 |
| 14. | 2. Тимотеј 1-4 |
| 15. | Тит и Филимон |
| 16. | Евреите 1-5 |
| 17. | 6-9 |
| 18. | 10-13 |
| **19.** | Јаков 1-5 |
| | |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| 21. | 2. Петрово 1-3 |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| 23. | 4-5 |
| 24. | 1. и 2. Јованово |
| 25. | Јудино послание |
| **26.** | Откровение |
| | |
| 27. | 5-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | 17-19 |
| 31. | 20-22 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Октомври*

1. Псалм 79.
2. Псалм 80.
**3.** Псалм 81.
4. Псалм 82.
5. Псалм 83.
6. Псалм 84.
7. Псалм 85.
8. Псалм 86.
9. Псалм 87.
**10.** Псалм 88
11. Псалм 89,1-13.
12. Псалм 89,14-26.
13. Псалм 89,27-39.
14. Псалм 89,40-52.
15. Псалм 90.
16. Псалм 91.
**17.** Псалм 92.
18. Псалм 93.
19. Псалм 94.
20. Псалм 95.
21. Псалм 96.
22. Псалм 97.
23. Псалм 98.
**24.** Псалм 99.
25. Псалм 100.
26. Псалм 101.
27. Псалм 102,1-14.
28. Псалм 102,15-28.
29. Псалм 103.
30. Псалм 104,1-18.
31. Псалм 104,19-35.

## *Ноември*

1. Псалм 105,1-15.
2. Псалм 105,16-31.
3. Псалм 105,32-45.
4. Псалм 106,1-16.
5. Псалм 106,17-32.
6. Псалм 106,33-48.
**7.** Псалм 107,1-21,
8. Псалм 107,22-43.
9. Псалм 108.
10. Псалм 109,1-16.
11. Псалм 109,17-31.
12. Псалм 110.
13. Псалм 111.
**14.** Псалм 112.
15. Псалм 113.
16. Псалм 114.
17. Псалм 115.
18. Псалм 116.
19. Псалм 117.
20. Псалм 118,1-14.
**21.** Псалм 118,15-29.
22. Псалм 119,1-14.
23. Псалм 119,15-29
24. Псалм 119,30-43
25. Псалм 119,44-56.
26. Псалм 119,57-90.
27. Псалм 119,91-117.
**28.** Псалм 119,118-143.
29. Псалм 119,144-176.
30. Псалм 120.

## *Декември*

1. Псалм 121.
2. Псалм 122.
3. Псалм 123.
4. Псалм 124.
**5.** Псалм 125.
6. Псалм 126.
7. Псалм 127.
8. Псалм 128.
9. Псалм 129.
10. Псалм 130.
11. Псалм 131.
**12.** Псалм 132.
13. Псалм 133.
14. Псалм 134.
15. Псалм 135.
16. Псалм 136,1-13.
17. Псалм 136,15-26.
18. Псалм 137.
**19.** Псалм 138.
20. Псалм 139.
21. Псалм 140.
22. Псалм 141.
23. Псалм 142.
24. Псалм 143.
25. Псалм 144.
**26.** Псалм 145.
27. Псалм 146.
28. Псалм 147.
29. Псалм 148.
30. Псалм 149.
31. Псалм 150.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

## ОКТОМВРИ 2020

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2. | 9. | 16. | 23. | 30. |
| Виница | 18:09 | 17:58 | 17:46 | 17:36 | 16:26 |
| Колешино | 18:08 | 17:57 | 17:46 | 17:35 | 16:26 |
| Стар Дојран | 18:09 | 17:57 | 17:46 | 17:36 | 16:27 |
| Куманово | 18:13 | 18:01 | 17:49 | 17:39 | 16:29 |
| Неготино | 18:11 | 18:00 | 17:49 | 17:38 | 16:29 |
| Струмица | 18:09 | 17:57 | 17:46 | 17:36 | 16:26 |
| Кочани | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:36 | 16:27 |
| Велес | 18:12 | 18:01 | 17:50 | 17:39 | 16:29 |
| Кавадарци | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:39 | 16:29 |
| Дебар | 18:18 | 18:06 | 17:55 | 17:44 | 16:35 |
| Скопје | 18:14 | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 16:30 |
| Битола | 18:14 | 18:03 | 17:52 | 17:42 | 16:32 |
| Кичево | 18:16 | 18:04 | 17:53 | 17:43 | 16:33 |
| Лаки | 18:09 | 17:57 | 17:46 | 17:35 | 16:26 |
| Чифлик | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:38 | 16:28 |
| Штип | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:37 | 16:28 |
| Тетово | 18:16 | 18:04 | 17:52 | 17:42 | 16:32 |
| Јегуновце | 18:15 | 18:03 | 17:52 | 17:41 | 16:31 |
| Росоман | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:39 | 16:29 |
| Гевгелија | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:37 | 16:28 |
| Свети Николе | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:38 | 16:28 |
| Делчево | 18:08 | 17:57 | 17:45 | 17:35 | 16:25 |
| Валандово | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:36 | 16:27 |
| Охрид | 18:17 | 18:05 | 17:54 | 17:44 | 16:34 |
| Радовиш | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:36 | 16:27 |
| Прилеп | 18:13 | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 16:31 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| НОЕМВРИ 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 6. | 13. | 20. | 27. |
| **Виница** | **16:18** | **16:10** | **16:05** | **16:01** |
| **Колешино** | **16:18** | **16:10** | **16:05** | **16:01** |
| **Стар Дојран** | **16:18** | **16:11** | **16:06** | **16:02** |
| **Куманово** | **16:20** | **16:13** | **16:07** | **16:03** |
| **Неготино** | **16:20** | **16:13** | **16:08** | **16:04** |
| **Струмица** | **16:18** | **16:11** | **16:05** | **16:02** |
| **Кочани** | **16:18** | **16:11** | **16:05** | **16:01** |
| **Велес** | **16:21** | **16:14** | **16:08** | **16:04** |
| **Кавадарци** | **16:21** | **16:14** | **16:08** | **16:04** |
| **Дебар** | **16:26** | **16:19** | **16:14** | **16:10** |
| **Скопје** | **16:22** | **16:15** | **16:09** | **16:05** |
| **Битола** | **16:24** | **16:17** | **16:12** | **16:08** |
| **Кичево** | **16:25** | **16:18** | **16:12** | **16:08** |
| **Лаки** | **16:17** | **16:10** | **16:04** | **16:00** |
| **Чифлик** | **16:20** | **16:13** | **16:07** | **16:03** |
| **Штип** | **16:19** | **16:12** | **16:06** | **16:02** |
| **Тетово** | **16:24** | **16:16** | **16:11** | **16:07** |
| **Јегуновце** | **16:23** | **16:16** | **16:10** | **16:06** |
| **Росоман** | **16:21** | **16:14** | **16:08** | **16:04** |
| **Гевгелија** | **16:19** | **16:12** | **16:07** | **16:03** |
| **Свети Николе** | **16:20** | **16:13** | **16:07** | **16:03** |
| **Делчево** | **16:16** | **16:09** | **16:04** | **16:00** |
| **Валандово** | **16:19** | **16:12** | **16:06** | **16:02** |
| **Охрид** | **16:26** | **16:19** | **16:14** | **16:10** |
| **Радовиш** | **16:18** | **16:11** | **16:06** | **16:02** |
| **Прилеп** | **16:23** | **16:16** | **16:10** | **16:06** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

## ДЕКЕМВРИ 2020

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. | 11. | 18. | 25. |
| Виница | 15:59 | 15:59 | 16:00 | 16:04 |
| Колешино | 15:59 | 15:59 | 16:01 | 16:04 |
| Стар Дојран | 16:00 | 16:00 | 16:02 | 16:05 |
| Куманово | 16:01 | 16:01 | 16:03 | 16:06 |
| Неготино | 16:02 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Струмица | 16:00 | 15:59 | 16:01 | 16:05 |
| Кочани | 15:59 | 15:59 | 16:01 | 16:04 |
| Велес | 16:02 | 16:02 | 16:04 | 16:07 |
| Кавадарци | 16:02 | 16:02 | 16:04 | 16:07 |
| Дебар | 16:08 | 16:08 | 16:09 | 16:13 |
| Скопје | 16:03 | 16:02 | 16:04 | 16:08 |
| Битола | 16:06 | 16:06 | 16:08 | 16:11 |
| Кичево | 16:06 | 16:06 | 16:08 | 16:11 |
| Лаки | 15:58 | 15:58 | 16:00 | 16:04 |
| Чифлик | 16:01 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Штип | 16:00 | 16:00 | 16:02 | 16:06 |
| Тетово | 16:04 | 16:04 | 16:06 | 16:10 |
| Јегуновце | 16:04 | 16:03 | 16:05 | 16:09 |
| Росоман | 16:02 | 16:02 | 16:04 | 16:07 |
| Гевгелија | 16:01 | 16:01 | 16:03 | 16:06 |
| Свети Николе | 16:01 | 16:01 | 16:03 | 16:06 |
| Делчево | 15:57 | 15:57 | 15:59 | 16:03 |
| Валандово | 16:00 | 16:00 | 16:02 | 16:06 |
| Охрид | 16:08 | 16:08 | 16:10 | 16:13 |
| Радовиш | 16:00 | 16:00 | 16:01 | 16:05 |
| Прилеп | 16:04 | 16:04 | 16:06 | 16:09 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*




# МОЛИТВЕНА СЕДМИЦА 2020

Молитвената седмица е можност членовите на црквата да се обединат и заедно да ги упатуваат своите молитви како на личен план, така и за животот на црквата како целина. Нашата црква ја препознава важноста и силата на молитвата и затоа посветува и одвојува посебно време за молитва.

Темата за оваа молитвена седмица е „Објавување на евангелието на светот – Верност кон христијанскиот начин на живот“. Во неа ќе разгледаме што има заедничко христијанскиот начин на живот со објавувањето на Христа на светот. Ќе видиме дека начинот на кој ние живееме открива кои сме ние како христијани. Ќе размислуваме за тоа кои се нашите вредности и приоритети, на што го трошиме нашето време и средства, каков живот водиме...
Списанието, со својата прекрасна содржина, ни помага да се сплотиме во молитва со браќата и сестрите насекаде во светот.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат и во 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на
**Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**
**www.sdakavadarci.com**
**www.blagodativistina.mk**

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).